ПРАВЕН ДИЈАЛОГ

декември 2025 бр. 32



Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Институт за човекови права

ПРАВЕН ДИЈАЛОГ БР.32

ISSN: 1857-7644

Издавач:
Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје

За издавачот:
Маргарита Цаца Николовска

Редакциски одбор:
Манчо Митевски | Главен и одговорен уредник
д-р Весна Стефановска | Заменик на главниот и одговорен уредник
д-р Мерсел Биљали
д-р Славица Димитриевска
д-р Ангелина Станојоска

Лектор:
Татјана Стојановска

Графички дизајн:
Дамјан Канзуров

Контакт:
Институт за човекови права
www.ihr.org.mk
ihr@ihr.org.mk

Контакт адреса:
бул. Партизански одреди бр. 23/1-5
Скопје, 1000, Северна Македонија

Скопје, декември 2025 година

Написите се авторски трудови и не секогаш ги изразуваат ставовите на Институтот за човекови права. Сите права се заштитени. Ниту еден дел од ова издание не смее да биде пренесуван, копиран или објавуван без согласност на издавачот.

Публикацијава е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Нејзината содржина на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

СОДРЖИНА

ЕДИТОРИЈАЛ 5

СУДСКАТА ПРАКТИКА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И НЕЈЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ РЕФОРМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Магдалена Илиевска 6

ГОВОР НА ОМРАЗА И СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ ВО ПРАКТИКАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
Мартин Тасевски 12

ПРАВАТА НА ПРИТВОРЕНИТЕ ЛИЦА НИЗ ПРИЗМАТА НА ЧЛЕН 5 ОД ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
Марија Гроздановска 17

ДИГИТАЛЕН НАДЗОР, ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ И ПРАВО НА ПРИВАТНОСТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ГЕРМАНИЈА: КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА ЗАСНОВАНА НА ПОЧИТУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
Евгенија Јанакиеска и Беба Жагар 23

ДИГИТАЛНИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ЗЕМЈАВА: НОВИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО ВО ЕРАТА НА ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА
Сара Нешкоска 30

НЕКОНСЕНЗУАЛНО СПОДЕЛУВАЊЕ НА ИНТИМНИ СЛИКИ: РЕЛЕВАНТНОСТА НА ИСТАНБУЛСКАТА КОНВЕНЦИЈА, КОНВЕНЦИЈАТА ЗА КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ И ОДГОВОРИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
Катерина Панева 35

ВЛИЈАНИЕТО НА ПРЕДЛОГ - ИЗМЕНИТЕ НА ДИРЕКТИВАТА 2012/29/ЕУ ВРЗ ПОЛОЖБАТА НА ЖРТВАТА ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА, НИЗ ПРИЗМАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
Васко Рубаноски 43

АНТИКОРУПЦИСКИТЕ АСПЕКТИ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ПАКТ ЗА ПРАВОТО НА РАЗВОЈ
Никола Донев 51

ДОЛЖНОСТА НА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ОД НЕДРЖАВНИ ПРЕКРШОЦИ
Јана Додевска 57

РОДОТ КАКО КЛУЧЕН ФАКТОР ЗА ФЕР ДАНОЧЕН СИСТЕМ
Даниела Антоновска 63

ПРАВНА АНАЛИЗА ЗА ТРАНЗИЦИЈА НА ДЕЦА БЕЗ РОДИТЕЛСКА ГРИЖА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОТКАКО ЌЕ НАПОЛНАТ 18 ГОДИНИ: ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ВРАБОТУВАЊЕ
Анѓела Цветковска 70

ЕДНАКВОСТА НА ОРУЖЈАТА КАКО ПРАВЕН ПРИНЦИП ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА И НЕГОВАТА ПРИМЕНА ВО МАКЕДОНСКОТО КРИВИЧНО ПРАВО
Мартин Илиевски 76

ПРИТВОРОТ КАКО НАЈРЕСТРИКТИВНА МЕРКА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСУСТВО НА ОБВИНЕТИОТ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА
Милена Коруноска 83

ГРАЃАНСКА ЗАШТИТА НА АВТОРСКИТЕ ПРАВА СПОРЕД ЗАКОНОДАВСТВОТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО
Бардхил Лимани 89

Почитувани,

Во овој декемвриски број на стручното списание „Правен дијалог" ќе имате можност да прочитате трудови кои обработуваат различни теми и на особено задоволство на Уредничкиот одбор на списанието се застапени теми кои е потребно да се актуализираат во поширокатa јавност. Останувaме доследни како списание во кое се објавуваат трудови кои ја анализираат практиката на Европскиот суд за човекови права, се отвораат теми кои го засегаат доброто владеење, родовата еднаквост, односот меѓу вештачката интелигенција и почитување на човековите права и слично.

Од практиката на Европскиот суд за човекови права и други релевантни конвенции ќе имате можност да дознаете повеќе за говорот на омраза, правата на притворените лица, неконсензуалното споделување на интимни слики во контекст на Истанбулската конвенција, должноста за заштита на човековите права од недржавни прекршоци, влијанието на Директивата 2012/29/ЕУ врз положбата на жртвите во кривичната постапка и антикорупциски практики на Меѓународниот пакт за правото на развој. Застапени се и трудови кои ја обработуваат темата поврзана со дигиталните човекови права и дигиталниот надзор и заштита на личните податоци. На наше огромно задоволство, авторите пишуваат и на теми поврзани со родот како клучен фактор за фер даночен систем и транзицијата на деца без родителска грижа кои добиваат заслужен простор во овој број на списанието.

Од кривичната област ќе можете да прочитате за еднаквоста на оружјата како принцип во кривичната постапка и за притворот како најрестриктивна мерка за обезбедување на присуство на обвинетиот во кривичната постапка. Од граѓанска област можете да прочитате за заштита на авторските права во Република Северна Македонија.

Почитувани читатели и автори, со содржините на овој број на „Правен дијалог", го одбележуваме и Меѓународниот ден на човековите права. Се надеваме дека овие трудови ќе ве мотивираат и инспирираат да истражувате и пишувате на теми поврзани со владеење на правото и почитување на човековите права.

Заменик на главен и одговорен уредник,
д-р Весна Стефановска

СУДСКАТА ПРАКТИКА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И НЕЈЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ РЕФОРМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Иако државата формално ги прифаќа обврските што произлегуваат од пресудите на Европскиот суд за човекови права, во практика се забележуваат доцнења, ограничени административни капацитети и недоволна институционална координација. Овие слабости ја намалуваат ефективноста на системот и ја доведуваат во прашање одржливоста на спроведените реформи. Потребен е систематизиран и транспарентен пристап во следењето на имплементацијата, како и засилена улога на Министерството за правда и Судскиот совет во обезбедување усогласеност со стандардите на Советот на Европа

МАГДАЛЕНА ИЛИЕВСКА

АПСТРАКТ

Овој труд ја анализира судската практика на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) и нејзиното влијание врз институционалните и законодавните реформи во Република Северна Македонија. Преку преглед на клучни пресуди против државата, се истражува како ЕСЧП влијае врз зајакнувањето на владеењето на правото, реформите во судството и заштитата на човековите права. Особено внимание се посветува на случаи поврзани со правото на правично судење, забрана на тортура и прекумерна должина на постапки. Трудот ја оценува и ефективноста на имплементацијата на пресудите, како и улогата на државните институции и на граѓанското општество. Заклучокот укажува дека, иако ЕСЧП претставува важен двигател на реформи, суштинските промени зависат од политичката волја и капацитетот за примена на европските стандарди во домашниот контекст.

Клучни зборови: Европски суд за човекови права, човекови права, владеење на правото, Република Северна Македонија, судска практика.

ВОВЕД

Европскиот суд за човекови права претставува централна институција во европскиот систем за заштита на човековите права и основните слободи. Создаден во рамките на Советот на Европа, Судот има задача да обезбеди ефективна примена на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП), со што се гарантира дека државите-членки ќе ги почитуваат универзалните стандарди на правичност, еднаквост и достоинство. Преку својата богата судска практика, ЕСЧП не само што има изградено унифицирани критериуми за толкување на човековите права, туку и динамичен правен механизам кој има длабоко влијание врз националните правни системи.

За земјите во транзиција, меѓу кои е и Република Северна Македонија, одлуките на ЕСЧП претставуваат важен инструмент за јакнење на владеењето на правото и за надминување на структурните слабости во судскиот и административниот систем. Откако земјата стана членка на Советот на Европа, во 1995 година, и ја ратификуваше Европската конвенција за човекови права, таа се обврза не само формално, туку и суштински да ги усогласи своите закони и институции со европските стандарди. Меѓутоа, патот кон целосна имплементација на судската практика на ЕСЧП се покажа како сложен, постепен и континуиран процес, кој бара институционална стабилност, професионализација на судството и континуирана политичка волја.

Целта на овој труд е да се анализира влијанието на судската практика на Европскиот суд за човекови права врз реформските процеси во Република Северна Македонија. Преку систематски преглед на клучните пресуди против државата, ќе се истражи начинот на кој одлуките на ЕСЧП придонеле за подобрување на законодавството, независноста на судството и заштитата на основните човекови права. Посебен акцент е ставен на анализата на пресудите поврзани со правото на правично судење, забраната на тортура и прекумерната должина на постапките, области кои претставуваат најчести причини за утврдување повреди од страна на Судот за нашата земја.

Дополнително, трудот ја разгледува ефективноста на спроведувањето на пресудите во домашниот правен систем, како и улогата на клучните институции, како што се Министерството за правда, Судскиот совет и Академијата за судии и јавни обвинители во процесот на усогласување со европските стандарди. Преку анализа на нивните надлежности, активности и резултати, се прави сеопфатна процена на тоа дали и колку Европскиот суд за човекови права делува како двигател на вистински, суштински реформи во Република Северна Македонија, а не само како формален механизам на меѓународен надзор.

1. ЕВРОПСКИ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА: УЛОГА И ЗНАЧЕЊЕ

ЕСЧП е судски орган, основан со Европската конвенција за човекови права, со цел да обезбеди заштита на правата и слободите предвидени во ЕКЧП. Судот ја разгледува индивидуалната и државната жалба против државите-членки, а со тоа ја гарантира правната заштита на граѓаните од прекршувања на човековите права. Резултатите од неговите одлуки имаат обврзувачка сила, а државите се должни да ги имплементираат мерките за исправка и да спречат повторување на слични прекршувања.

Во политичкиот амбиент на земјите во транзиција, како што е Република Северна Македонија, ЕСЧП претставува важен механизам за надзор и поддршка на процесот на реформи во областите на судството, заштитата на човековите права и владеењето на правото. Судската практика на ЕСЧП поставува сет на стандарди кои бараат од националните институции да воспостават ефикасни механизми за заштита на правата на граѓаните и да ги почитуваат меѓународните обврски.

2. СУДСКАТА ПРАКТИКА НА ЕСЧП ВО СЛУЧАИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Од раните 2000-ти години, ЕСЧП има донесено голем број пресуди во кои Република Северна Македонија е странка. Овие пресуди се однесуваат на различни права и слободи, но посебно значајни се тие кои се однесуваат на:

1. Правото на правично судење (член 6 од Европската конвенција за човекови права);
2. Забраната на тортура и нечовечно и понижувачко постапување (член 3);
3. Правото на заштита од прекумерна должина на судските постапки (член 6 и член 1 од Протокол 1).

2.1. ПРАВОТО НА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ

Правото на правично судење е едно од фундаменталните права утврдени со Европската конвенција. Судот во бројни случаи констатирал повреди на ова право во судската практика на Република Северна Македонија, особено во однос на транспарентноста на постапките, правото на одбрана, и објективноста на судиите.

Еден од значајните случаи е „Јакимовски против Република Северна Македонија“ (жалба број 51599/11)[1], каде што Судот утврди дека националните судови не успеале да обезбедат право на правично судење во разумен рок. Во овој случај, жалителот се пожалил на прекумерната должина на судската постапка, која траела повеќе години без јасни резултати и оправдување за доцнењето. ЕСЧП констатираше повреда на член 6 од Европската конвенција за човекови права, посочувајќи ја потребата за ефикасно и навремено постапување од страна на судовите, што претставува предуслов за доверба во правосудниот систем.

2.2. ЗАБРАНА НА ТОРТУРА И НЕЧОВЕЧНО ПОСТАПУВАЊЕ

Несоодветното однесување на полицијата и другите органи на прогонот, како и условите во затворите, се предмет на неколку пресуди на ЕСЧП. Во случајот „Абдула Јусуфовски против Република Македонија“ (жалба бр. 32715/04)[2], Европскиот суд за човекови права констатира повреда на член 3 од Европската конвенција за човекови права поради нечовечки и понижувачки третман, како и пропусти во истрагата на пријавените злоупотреби од страна на државните органи. Овој случај ја истакна потребата за ефективни механизми за спречување на тортура и обезбедување на правна заштита на жртвите во Северна Македонија.

1 Jakimovski and Kari Prevoz v. North Macedonia, App.no. 51599/11 (ECHR, 1 June 2023).

2 Jusufovski v. Macedonia, App.no. 32715/04 (ECHR decision about admissibility from 31 March 2009).

2.3. ПРЕКУМЕРНА ДОЛЖИНА НА СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ

Една од најчестите забелешки на ЕСЧП е поврзана со недозволената должина на судските процеси, што претставува повреда на правото на правично судење. Случајот „Петреска против Република Македонија“ (жалба бр. 16912/08)[3], е пресуда донесена од Европскиот суд за човекови права на 21 јули 2016 година. Во оваа пресуда, Судот утврдил дека Република Македонија го прекршила правото на правично судење на жалителката, утврдено во член 6 од Европската конвенција за човекови права, поради прекумерната должина на судската постапка.

3. ВЛИЈАНИЕТО НА СУДСКАТА ПРАКТИКА НА ЕСЧП ВРЗ РЕФОРМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Пресудите на ЕСЧП не остануваат само формални документи, туку се одразуваат во политичките и правните процеси на државата. Во Република Северна Македонија, нивното влијание може да се согледа во неколку клучни области.

3.1. ЗАКОНОДАВНИ РЕФОРМИ

По добивањето на негативни пресуди, донесени се бројни законски измени со цел усогласување на домашното законодавство со европските стандарди. Меѓу нив се и реформите во Законот за кривична постапка, Законот за заштита од тортура, како и измените во Законот за судовите, кои предвидуваат мерки за зајакнување на независноста и ефикасноста на судовите.

3.2. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ РЕФОРМИ

Влијанието на ЕСЧП е поттик за модернизација на судскиот систем, вклучувајќи подобрување на работата на Управата за судски испит и дисциплината на судиите. Се зголемува и вниманието кон обуката на судиите и другите судски службеници за човековите права и европските стандарди.

3.3. УЛОГАТА НА ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Имплементацијата на пресудите бара не само политичка волја, туку и активно учество на невладиниот сектор и на медиумите. Граѓанското општество во Република Северна Македонија ја користи судската практика на ЕСЧП како инструмент за промоција на човековите права и јавен притисок за реформи.

3.4. КОНКРЕТНИ ПРИМЕРИ НА ЗАКОНОДАВНИ И ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПРОМЕНИ ПОД ВЛИЈАНИЕ НА ЕСЧП

Под влијание на пресудите на Европскиот суд за човекови права, Република Северна Македонија има спроведено серија правни измени и институционални реформи насочени кон унапредување на човековите права. Еден од најзначајните примери е реформата содржана во Законот за кривична постапка (ЗКП), кој во 2010 година беше целосно ревидиран. Новиот модел воведе адверзаријален систем и ја зајакна улогата на обвинителството како носител на истрагата, со цел да се подобри ефикасноста и транспарентноста на кривичните постапки. Оваа промена е делумно резултат на критиките на ЕСЧП за долготрајни и неефикасни судски процеси, кои го прекршуваат член 6 од Европската конвенција за човекови права.

Исто така, како одговор на случаите поврзани со повреди на член 3 од Конвенцијата, се усвоени измени во Законот за извршување на санкциите и се подобрени условите во казнено-поправните установи. Европскиот комитет за спречување на тортура (CPT) и ЕСЧП повеќе пати укажуваат на нехумани услови во затворите во Идризово и Шуто Оризари, што доведе до вложување во подобрување на инфраструктурата и воведување на независен надзорен механизам за заштита на правата на затворениците.

---

3 Petreska v. Macedonia, App.no. 16912/08 (ECHR, 21 July 2016).

Понатаму, донесени се измени во Законот за судовите и Законот за Судски совет, со кои се засилува независноста и одговорноста на судиите, а истовремено се предвидуваат санкции за непочитување на стандардите за правично судење. Овие промени се директен резултат на пропраките што произлегуваат од пресудите на ЕСЧП, како и од извештаите на Советот на Европа и Европската комисија.

4. ПРЕДИЗВИЦИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРЕСУДИТЕ

И покрај позитивните придобивки, имплементацијата на пресудите на ЕСЧП во Северна Македонија сè уште се соочува со проблеми. Недоволната ефикасност, отпорот кон промени, политичките влијанија и ограниченият капацитет на институциите се главните пречки. Судскиот систем се соочува со проблеми, како што се застој во постапките, недостаток на ресурси и недоволна транспарентност, што го забавува целокупниот процес на реформирање и усогласување со европските стандарди.

5. УЛОГАТА НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Во процесот на усогласување со судската практика на ЕСЧП, Академијата за судии и јавни обвинители има централна улога, преку своите програми за почетна и континуирана едукација, Академијата има воведено модули посветени на човековите права и европската судска практика. Ова овозможува активните и идните судии подобро да ги разберат одредбите на Европската конвенција и начинот на нивна примена во домашниот контекст. Дополнително, преку соработка со Канцеларијата на Советот на Европа во Скопје, се развиваат практични прирачници за примена на пресудите на ЕСЧП во различни правни области.

6. МОНИТОРИНГ И НАДЗОР НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА

Мониторингот и надзорот на имплементацијата на пресудите на Европскиот суд за човекови права претставуваат едни од најважните сегменти во процесот на усогласување со европските стандарди за човековите права и владеењето на правото. Иако Република Северна Македонија формално ги прифаќа и се обврзува да ги спроведе одлуките на ЕСЧП, нивната суштинска имплементација, често, бара долгорочен, систематски и институционално координиран пристап.

Советот на Европа, преку Комитетот на министри, има централна улога во надзорот на спроведувањето на пресудите. Овој механизам обезбедува контрола врз тоа дали државите преземаат соодветни индивидуални (обесштетување, повторно отворање на постапки, укинување на повредливи акти) и генерални мерки (законски измени, воспоставување на нови институции, реформи во судството и администрацијата). Комитетот бара редовно известување од државите за преземените чекори и во случаи на доцнење или неисполнување, може да отвори засилен мониторинг.

Според Годишниот извештај на Комитетот на министри за 2023 година, Република Северна Македонија има 28 активни предмети под мониторинг, од кои 13 се класифицирани како примарни случаи (*leading cases*), бидејќи укажуваат на структурни проблеми во правниот систем, како што се прекумерна должина на постапките, тортура и полициско насилство, како и недостатоци во ефикасната истрага.[4] Во повеќето од овие случаи државата ја исполнила обврската за индивидуално обесштетување, но останува предизвикот за спроведување на генералните мерки, особено во делот на институционалните и законодавните промени.

Еден од најчесто забележаните проблеми од страна на ЕСЧП и Советот на Европа се однесува на прекумерната должина на судските постапки. Во овие случаи, Судот не само што наложува

4 Council of Europe. (2024a). Supervision of the execution of judgments and decisions of the European Court of Human Rights: Annual report 2023. Strasbourg: Council of Europe.

исплата на надомест на оштетените лица, туку бара и воспоставување на ефикасен домашен правен лек, преку кој граѓаните ќе можат навремено да реагираат на повредите на нивните права во рамки на националниот систем. Иако се направени одредени напори во насока на измена на Законот за судовите и воведување рокови за одлучување, практичната примена на овие мерки сè уште е ограничена и недоволно ефективна.[5]

Покрај мониторингот од Советот на Европа, Европската комисија во своите годишни извештаи за напредокот на Република Северна Македонија редовно ја оценува состојбата во делот на владеењето на правото и независноста на судството. Во Извештајот за 2024 година, Комисијата има констатирано дека државата има „умерено ниво на подготовка" во областа на правосудството и дека постојат структурални слабости во независноста и отчетноста на судиите и јавните обвинители, како и ограничена примена на стандардите на ЕСЧП во националната практика.[6] Комисијата особено укажува дека процесот на именување, унапредување и дисциплинска одговорност на судиите и обвинителите мора да се темели на транспарентни критериуми и без политички влијанија.

Дополнително, Групата на држави против корупција (GRECO), во својот Петти круг на евалуација (2022–2023), има утврдено дека, иако постојат нормативни подобрувања, институционалниот капацитет за спроведување на пресудите и одржување на независноста на судството е ограничен. GRECO препорачува воспоставување на јасен систем за јавен надзор на извршувањето на пресудите и јакнење на етичките стандарди во судството.[7]

ЗАКЛУЧОК

Судската практика на Европскиот суд за човекови права има суштинско влијание врз зајакнувањето на владеењето на правото и унапредувањето на заштитата на човековите права во Република Северна Македонија. Пресудите на Судот претставуваат не само средство за индивидуална правда, туку и системски инструмент кој поттикнува институционални и законодавни реформи. Нивното правилно и навремено спроведување придонесува кон хармонизација на домашното право со европските стандарди и создавање посилна култура на почитување на човековите слободи и права. Сепак, процесот на имплементација останува сложен и долготраен. Иако државата формално ги прифаќа обврските што произлегуваат од пресудите на ЕСЧП, во практика често се забележуваат доцнења, ограничени административни капацитети и недоволна институционална координација. Овие слабости ја намалуваат ефективноста на системот и ја доведуваат во прашање одржливоста на спроведените реформи. Потребен е систематизиран и транспарентен пристап во следењето на имплементацијата, како и засилена улога на Министерството за правда и Судскиот совет во обезбедување усогласеност со стандардите на Советот на Европа.

Вистинскиот напредок не може да се постигне само со усвојување на законски измени или административни мерки. Потребна е длабинска трансформација на институционалната култура, зголемена независност на судството и јасна политичка волја за почитување на европските норми. Само преку конзистентна примена на практиката на ЕСЧП и постојано зајакнување на механизмите за надзор и отчетност, Република Северна Македонија може да воспостави стабилен систем на заштита на човековите права кој ќе биде усогласен со европските демократски вредности.

(Авторката е магистер од областа на казненото право)

---

5 European Court of Human Rights – Country Factsheet: North Macedonia, Strasbourg, 2023.

6 European Commission, Report on North Macedonia 2024, SWD(2024) 315 final.

7 GRECO Fifth Evaluation Round – Evaluation Report on North Macedonia, Council of Europe, Strasbourg, 2023.

ГОВОР НА ОМРАЗА И СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ ВО ПРАКТИКАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Слободата на изразување претставува темелна вредност на демократското општество. Но, секоја вредност станува празна кога се користи за да се уништи достоинството на другите. Омразата не може да биде заштитена под превезот на слободата. Општеството што дозволува омразата да зборува - не станува послободно. Напротив, станува поболно. Македонскиот контекст покажува дека најголемиот проблем не е во законите, туку во нивното толкување. Институциите често ја мешаат неутралноста со рамнодушноста, а молкот го третираат како мудрост. Но, во сферата на човековите права, молкот никогаш не е неутрален. Кога државата не реагира на омразата, таа станува нејзин соучесник

МАРТИН ТАСЕВСКИ

АПСТРАКТ

Овој труд ја истражува тенката линија меѓу слободата на изразување и говорот на омраза, во светло на практиката на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП). Преку анализата на клучни пресуди како *Handyside v. UK, Vejdeland v. Sweden, Perinçek v. Switzerland и Beizaras and Levickas v. Lithuania*, се прикажува начинот на кој Судот го одредува опсегот на дозволеното изразување во демократско општество. Во трудот се вклучува и македонскиот контекст, со посебен осврт на првиот случај поврзан со говор на омраза против ЛГБТИ+ заедницата - *Queer Center Skopje v. Hate Comments (Ricky Martin Case)* - како симбол на отпорот против неказнивоста на дигиталната омраза.

Клучни зборови: говор на омраза, слобода на изразување, Европски суд за човекови права, ЛГБТИ+, Македонија

ВОВЕД

Слободата на изразување е еден од темелите на демократското општество, но нејзината апсолутност отсекогаш била илузија. Секое општество се соочува со моментот кога зборот престанува да биде мисла и станува оружје. Говорот на омраза, во својата суштина, не е мислење, туку отсуство на разум. Тој не тежнее кон вистината, туку кон уништување на другиот.

Според член 10 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП), секој има право на слобода на изразување, но ова право може да биде ограничено кога тоа е неопходно во едно демократско општество за заштита на угледот, правата и достоинството на другите.[1] Судот во Стразбур со децении настојува да воспостави баланс меѓу овие вредности - меѓу слободата што штити и слободата што повредува.

Мил во своето дело On Liberty предупредува дека вистинската слобода не се состои во кажување на сè, туку во способноста да се мисли пред да се зборува.[2] Оваа идеја е суштинска за толкувањето на член 10: не секое изразување заслужува заштита, особено кога зад него стои омраза, дискриминација или повик на насилство.[3]

Денес, дигиталниот простор создава нови полиња на злоупотреба. Социјалните мрежи го демократизираа говорот, но и омразата. Македонија, иако ја има ратификувано Конвенцијата, се соочува со хронична институционална тишина кога говорот на омраза се однесува на ЛГБТИ+ заедницата. Најилустративен пример за тоа е првиот случај кој беше во 2024 година на Queer Center Skopje во врска со говор на омраза по објава за пејачот Рики Мартин[4]. Замислете, во 2024 година, а ова покажува колку длабоко нашето општество уште го меша мислењето со омразата, а тишината со толеранцијата.

1 Европска конвенција за човекови права, член 10.

2 J.S. Mill, On Liberty, 1859, London: Parker & Son

3 Handyside v. United Kingdom, app.no. 5493/72 (ECHR 7 December 1976).

4 Прв случај на Квир Центар за говор на омраза поврзан со објава за Рики Мартин (2024), поднесен пред Основното јавно обвинителство – Кавадарци

1. СУДИРОТ МЕЃУ СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ЗАШТИТАТА ОД ОМРАЗА

Слободата на изразување, како основна демократска вредност, е истовремено и нејзината најголема опасност кога се користи за поттикнување омраза. Европскиот суд за човекови права во својата долга практика воспостави принципи што ја разликуваат критиката - која е суштински дел од јавниот интерес - од навредата и говорот на омраза, кои ја разоруваат јавната дебата.

Во случајот *„Handyside v. United Kingdom"*, Судот ја истакна познатата формула дека „слободата на изразување важи не само за информации или идеи кои се прифатливи, туку и за оние кои навредуваат, шокираат или вознемируваат државата или нејзиниот народ".[5] Сепак, ова начело не е апсолутно. Практиката на ЕСЧП покажува дека кога говорот ја губи врската со рационалниот дијалог и преминува во поттикнување омраза, Судот не ја штити таквата слобода.

Во случајот *„Vejdeland and Others v. Sweden"*, група лица делеле летоци во средно училиште со содржина што ги нарекувала хомосексуалците „одвратни и морално расипани". Судот утврди дека тоа не е заштитен говор под член 10, туку форма на дискриминаторски израз што „не придонесува за јавна дебата од општ интерес".[6]

Слично, во случајот *„Beizaras and Levickas v. Lithuania"*, Судот пресуди дека неказнувањето на навреди против истополов пар претставува институционална толеранција на хомофобија.[7] Судот подвлече дека државите имаат позитивна обврска не само да се воздржат од ограничување на говорот, туку и активно да ги заштитат поединците од говор кој им ја загрозува безбедноста и достоинството.

Во случајот *„Delfi AS v. Estonia"*, Судот воведе нова димензија: одговорноста на интернет-порталите за содржината објавена од корисниците.[8] Оваа пресуда е особено важна во контекстот на дигиталниот говор на омраза - таа покажува дека „слободата на изразување" не значи неограничена дигитална анонимност, туку носи и обврска за спречување на штета.

Понекогаш Судот се соочува со ситуации каде говорот е провокативен, но не е директна омраза, како во *„Perinçek v. Switzerland"*, каде изјавите за геноцидот врз Ерменците беа оценети како политички, а не расистички говор.[9] Судот направи разлика меѓу историска дебата и негирање на факти со намера да се поттикне омраза - оваа разлика е суштинска за разликување на „незгоден" говор од вистински „опасен" говор.

Судот го користи и член 17 од Конвенцијата - клаузулата за злоупотреба на права - со која на субјекти кои промовираат омраза им се одзема правото на заштита според член 10. Така, во случаите на неонацистички и антисемитски изрази, Судот пресудил дека тие воопшто не уживаат конвенциска заштита, бидејќи таквите идеи се спротивни на демократските вредности.[10]

---

5 Supra note 3.

6 Vejdeland and Others v. Sweden, app.no. 1813/07 (ECHR 9 February 2012).

7 Beizaras and Levickas v. Lithuania, app.no. 41288/15 (ECHR 14 January 2020).

8 Delfi AS v. Estonia, app.no. 64569/09 (ECHR [GC] 16 June 2015).

9 Perinçek v. Switzerland, app. no. 27510/08 (ECHR 15 October 2015).

10 Garaudy v. France, app.no. 65831/01 (ECHR 24 June 2003).

2. МАКЕДОНСКИ КОНТЕКСТ: ТИШИНАТА НА ИНСТИТУЦИИТЕ И ПРВИОТ СЛУЧАЈ ЗА ЛГБТИ+ ЗА ГОВОР НА ОМРАЗА

Во македонската реалност, говорот на омраза не е само правен, туку и културен феномен. Тој не произлегува секогаш од идеологија, туку често од навика - навиката на неказнивост и навиката на тишина. Во држава каде што правдата често зависи од политичка волја, а не од закон, границата меѓу слободата на изразување и омразата станува заматена.

Иако Северна Македонија ја има ратификувано Европската конвенција за човекови права и ги прифатила обврските од практиката на ЕСЧП, примената во делот на говорот на омраза е селективна и површна. Институциите често се повикуваат на слободата на изразување како свое алиби за неактивност.

Според официјалните податоци на ЈОРСМ доставени до претставници на невладиниот сектор во период од 2010 – 2018 година во врска со казнените дела „Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост, од чл.319 и „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“, од чл. 394-г од Кривичниот законик, не било поднесено ниту едно обвинение. [11]

Ова образложение ја открива суштинската празнина во македонската правосудна логика - омразата се третира како несвесна реакција, а не како општествено опасен чин. Судот во Стразбур одамна го има надминато ваквото гледиште, потенцирајќи дека државата има законска обврска да ги заштити ранливите групи, дури и кога сторителите не ја разбираат тежината на своите зборови.[12]

Парадоксот на македонската реалност лежи во тоа што општеството што сака да изгледа европски, не е подготвено да се соочи со европските стандарди. Европскиот суд во предметот *„Beizaras and Levickas v. Lithuania“* јасно кажа дека држава која не постапува против омразата, фактички ја толерира.[13]

Во 2024 година, за прв пат во Северна Македонија, Основниот суд во Неготино, како надлежен првостепен кривичен суд, одлучувајќи по обвинителен предлог на Основното јавно обвинителство Кавадарци, а по кривична пријава иницирана по пријава на Queer Center Skopje - невладино здружение за заштита на ЛГБТИ луѓето, за кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“, донесе пресуда дека обвинетиот е виновен за делото за кое се товари. Обвинетиот, на социјалната мрежа Фејсбук, под споделен новинарски текст, напишал два коментари со вознемирувачки говор на омраза кон ЛГБТИ-заедницата, во кои повикал на насилство кон оваа маргинализирана група.[14]

Додека во Стразбур се создава прецизна архитектура на вредности, во Скопје владее празнина меѓу законот и совеста. Тоа е просторот во кој омразата расте без контрареакција - хранета од молкот на институциите и рамнодушноста на јавноста.

---

11 Марковски, Александар – Скротување отровни јазици: спречување на говорот на омраза како вербален деликт / Александар Маркоски. – 2 изд. – Скопје: Аванс прес, 2021; стр. 195.

12 Vejdeland and Others v. Sweden, app. no. 1813/07 (ECHR 9 February 2012).

13 Beizaras and Levickas v. Lithuania, app.no. 41288/15 (ECHR 14 January 2020).

14 *https://skc.mk/2024/03/27/izrechena-kazna-zatvor-od-edna-godina-vo-prvata-osuditelna-presuda-vo-makedonija-za-govor-na-omraza-vrz-osnova-na-seksualna-orientacija/*

3. ПАРАДОКСОТ НА ТОЛЕРАНЦИЈАТА И КРИВИЧНО-ПРАВНАТА ОДГОВОРНОСТ

Филозофот Карл Попер, во своето дело „The Open Society and Its Enemies“, предупреди дека „неограничената толеранција води до исчезнување на толеранцијата“.[15]

Овој, таканаречен парадокс на толеранцијата, има и длабока правна рефлексија: држава која толерира говор на омраза во име на слободата на изразување, фактички ја укинува слободата на оние кон кои е насочена омразата. Во кривично - правен контекст, тоа значи дека државата има обврска не само да санкционира, туку и да превенира.

Членот 394-г од Кривичниот законик („ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски системи“) не треба да се толкува рестриктивно, туку телеолошки - во духот на член 10 од Европската конвенција и член 14 од Конвенцијата за човекови права.

Омразата, кога е насочена кон групи поради нивната сексуална ориентација, род, вера или етничка припадност, не е прашање на лично убедување, туку јавна закана кон општествениот мир. Примената на овој член мора да се потпира на принципот *in dubio pro dignitate* - во случај на сомнеж, во корист на достоинството.

Така, парадоксот на толеранцијата станува парадокс на правдата: државата која се повикува на слободата за да не делува, станува таа што ја укинува самата слобода.

ЗАКЛУЧОК

Слободата на изразување претставува темелна вредност на демократското општество. Но, секоја вредност станува празна кога се користи за да се уништи достоинството на другите. Европскиот суд за човекови права низ својата богата практика јасно воспостави став дека омразата не може да биде заштитена под превезот на слободата. Општеството што дозволува омразата да зборува - не станува послободно. Напротив, станува поболно.

Македонскиот контекст покажува дека најголемиот предизвик не е во законите, туку во нивното толкување. Институциите често ја мешаат неутралноста со рамнодушноста, а молкот го третираат како мудрост. Но, во сферата на човековите права, молкот никогаш не е неутрален. Кога државата не реагира на омразата, таа станува нејзин соучесник.

Во овој контекст особено е релевантна латинската изрека *„Qui tacet consentire videtur“* / „Кој молчи, тој се согласува“! Таа го изразува токму она што се случува во општествата каде говорот на омраза останува несанкциониран: тишината станува форма на прифаќање.

Потребно е институционално будење и судска храброст што ќе ги постави границите на толеранцијата. Толеранцијата не значи прифаќање на омразата, туку одбрана на просторот каде различноста може да постои без страв. Во спротивно, ќе останеме заробени во парадоксот на слободата - каде што слободата на малцинството зависи од совеста на мнозинството.

(Авторот е магистер по казнено право и истражувач во областа на човековите права и владеењето на правото. Активен во правниот и граѓанскиот сектор со интерес за теми поврзани со правната етика и општествената правда)

15 K. Popper, The Open Society and Its Enemies, Routledge, London, 1945, Vol. 1, p. 581.

ПРАВАТА НА ПРИТВОРЕНИТЕ ЛИЦА НИЗ ПРИЗМАТА НА ЧЛЕН 5 ОД ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во повеќе случаи Европскиот суд за човекови права утврдил повреди на правата на притворените лица во Република Северна Македонија. Најчести се повредите поврзани со предолг притвор, неоправдан притвор, недоволно образложени судски одлуки за продолжување на притворот, недостиг на ефективна жалба и нехумани услови во притворските установи. Судот постојано нагласува дека државите имаат обврска не само да го оправдаат лишувањето од слобода, туку и да обезбедат третман што го почитува достоинството на притворените лице. Пресудите на ЕСЧП треба да претставуваат важна насока за македонските судови

МАРИЈА ГРОЗДАНОВСКА

АПСТРАКТ

Притворот претставува најстрога мерка за обезбедување присуство на обвинетиот во кривичната постапка и истовремено најинтензивно навлегува во уставно загарантираното право на слобода. Уставот на Република Северна Македонија, преку членот 12, ја гарантира неприкосновеноста на слободата и предвидува јасни услови при кои може да се изрече притвор, додека Законот за кривична постапка ја разработува конкретната постапка, роковите за негово определување и траење и правата на притворените лица.

Во овој труд се анализираат уставно-правните и процесните аспекти на притворот во македонското право, со посебен осврт на правата на притворените лица. Целта на овој труд е да го прикаже правниот и практичниот аспект на притворот во Република Северна Македонија во контекст на европските стандарди, со посебен акцент на правата на притворените лица и механизмите за нивна заштита. Преку анализа на уставните одредби, законската рамка и релевантната судска практика на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), се настојува да се утврди дали националната практика обезбедува вистинска рамнотежа меѓу интересите на кривичната правда и заштитата на човековата слобода.

Клучни зборови: притвор, права на притворени лица, пресуда, Европска конвенција за човекови права, Европски суд за човекови права.

ВОВЕД

Притворот како најтешка мерка на процесна присилба се определува само кога интересите на кривичната постапка не може да се заштитат со некоја друга поблага мерка. Оваа мерка за обезбедување присуство на обвинетото лице директно го засега основното човеково право на слобода. Поради тоа, неговата примена мора да биде строго ограничена, пропорционална и оправдана со легитимни цели, во согласност со уставните гаранции и меѓународните стандарди за заштита на човековите права.

Европскиот суд за човекови права во својата практика повеќе пати утврдил повреди на правата на притворените лица во Република Северна Македонија. Најчести се прекршувањата поврзани со предолг или неоправдан притвор, недоволно образложени судски одлуки за продолжување на притворот, недостиг на ефективна жалба и нехумани услови во притворските установи. Пресудите на Европскиот суд за човекови права претставуваат важна насока за националните судови, бидејќи потсетуваат дека притворот мора да остане исклучок, а не правило и дека заштитата на човековата слобода е основен столб на владеењето на правото.

1. ПРАВА НА ПРИТВОРЕНИТЕ ЛИЦА

Притворот е мерка со која најдлабоко се навлегува во човековите слободи и права на граѓаните и поради тоа е крената на уставен ранг. Член 12 од Уставот на РСМ утврдува дека слобода на човекот е неприкосновена. Никому не може да му биде ограничена слободата, освен со одлука на судот и во случаи и во постапка утврдена со закон. Лицето повикано, приведено или лишено од слобода мора веднаш да биде запознаено со причините за неговото повикување, приведување или лишување од слобода и со неговите права утврдени со закон и од него не може да се бара изјава. Лицето има право на бранител во полициска и судска постапка. Лицето лишено од слобода мора веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од моментот на лишувањето од слобода, да биде изведено пред суд, кој без одлагање ќе одлучи за законитоста на лишувањето од слобода.

Цел на притворот е да го обезбеди присуството на обвинетиот во кривичната постапка и да оневозможи попречување на докажувањето, како и да ги обезбеди граѓаните од нови кривични дела на обвинетиот.[1] Притвор може да се определи само под условите предвидени во Законот за кривична постапка, а неговото времетраење мора да биде сведено на најкратко нужно време. Иако притворот е неопходна мерка за обезбедување присуство на обвинетиот во кривичната постапка, лицата кои се наоѓаат во притвор не ги губат своите основни човекови права. Напротив, државата има обврска да обезбеди нивно целосно почитување и заштита.

Правата на притворените лица опфаќаат: право на информираност за причините за лишување од слобода, право на пристап до адвокат и медицинска заштита, право на комуникација со семејството, право на жалба и судска контрола на законитоста на притворот, како и право на хумани услови во притвор и заштита од нечовечко постапување.

Судот е должен во рок од 24 часа од определување на притворот да го извести семејството на притвореното лице, освен ако лицето се противи на тоа. За притворањето ќе се извести надлежниот орган за социјални работи, ако е потребно да се преземат мерки за згрижување на децата и на другите членови на семејството за кои се грижи притвореното лице. Доколку притвореното лице е странски државјанин, судот е должен во рок од 24 часа за притворањето да го извести дипломатско-конзуларното претставништво на државата чиј државјанин е лицето.[2]

Во иста просторија не можат да бидат затворени лица кои не се од ист пол. По правило, во иста просторија не можат да се сместуваат ни лица кои учествувале во извршување на исто кривично дело, ниту лица кои се на издржување казна со лица во притвор. Ако е тоа можно, лицата кои сториле кривично дело во повраг нема да се сместуваат во иста просторија со други лица лишени од слобода врз кои би можеле штетно да влијаат. Притвореното лице има право да бара притворот да го издржува во индивидуална просторија.

При издржувањето на притворот не смее да се навредува личноста и достоинството на притвореникот и кон него треба да се има човечки и хуман пристап. Личноста и достоинството на притвореникот се почитуваат кога просториите за сместување на притворените лица ги исполнуваат потребните просторни, здравствени и хигиенски услови.[3]

Притвореникот има право на осумчасовен непрекинат одмор во време од 24 часа. Покрај тоа нему ќе му се обезбеди движење на отворен простор во затворот најмалку два часа дневно. Притвореникот има право да се храни на свој трошок, да носи своја облека и да се служи со свои работи, на свој трошок да набавува книги, весници и други работи што одговараат на неговите редовни потреби, доколку тоа не е штетно за успешно водење на постапката. За тоа одлучува органот што ја спроведува истражната постапка. Притвореникот ја одржува хигиената во просторијата во која престојува.[4]

Доколку во притворското одделение на затворот постојат услови, по барање на притвореното лице му се овозможува работно да биде ангажирано. Доколку притвореното лице одлучи да работи, работата ќе му биде платена.[5]

По одобрение на судијата на претходна постапка, во текот на истражната постапка и под негов надзор или под надзор на лице кое тој ќе го определи, притвореникот, во границите на куќниот ред, можат да го посетуваат блиски роднини, а по негово барање и лекар и други лица. Шефови на дипломатско-конзуларните претставништва во Република Северна Македонија по одобрение на судијата на претходната постапка кој ја спроведува истражната постапка имаат право да го посетуваат и без надзор и да разговараат со притвореното лице државјанин на нивната држава.

---

1 Калајџиев, Г. и др. *Коментар на Законот за кривичната постапка*, ОБСЕ, Скопје, 2018, стр. 393

2 Чл. 175 од Законот за кривичната постапка, Сл. Весник на РСМ бр. 150, 100/12, 142/16, 193/2016, 198/2018

3 Supra note 1, стр. 433.

4 Supra note 2, член.177.

5 Правилникот за куќен ред за извршување на мерката притвор во притворските одделенија на затворите, Министерство за правда, Службен Весник бр. 87/2020, член 22.

Одобрение за посета се бара преку Министерството за правда. Народниот правобранител на РСМ, претставниците на Европскиот комитет за превенција од тортура или понижувачко однесување или казнување на Советот на Европа, претставниците од Поткомитетот за превенција од тортура и друг вид нечовечно постапување или казнување при Комитетот за спречување на тортура при Организацијата на Обединетите нации имаат право без дозвола и одобрение да ги посетуваат и без надзор да разговараат со притворени лица.

Претставници на Меѓународниот комитет на црвениот крст имаат право по одобрение на судијата на претходната постапка да ги посетуваат и без надзор да разговараат со притворените лица. Притворениот може да се допишува со лица надвор од затворот со знаење и под надзор на органот што ја спроведува истражната постапка. Овој орган може да забрани испраќање и примање писма и други пратки штетни за водењето на постапката. Испраќањето на молба, поплака или жалба не може никогаш да се забрани.[6]

Притворено лице може да прима пакети со тежина до 5 кг. со облека, обувки, постелнина или лични предмети како и прехранбени производи, кои се лично донесени или пратени по пошта. Пакетите се прегледуваат пред да бидат врачени на притворено лице.[7]

За дисциплински престапи на притворениот судијата на претходната постапка, односно претседателот на советот може да изрече дисциплинска казна ограничување на посети. Ова ограничување не се однесува на комуникацијата на притворениот со бранителот.[8]

Надзор над притворениците врши претседателот на надлежниот првостепен суд. Претседателот на судот или судијата кој тој ќе го определи е должен најмалку еднаш неделно да ги посети притворениците без присуство на надзорникот и стражарите и ако најде за потребно да информира и како се хранат притворениците, како се снабдуваат со други потреби и како се постапува со нив. Претседателот, односно судијата кој тој ќе го определи е должен да преземе потребни мерки да се отстранат неправилностите воочени при посетата на затворот. Определениот судија не може да биде судијата на претходната постапка. Претседателот на судот, судијата на претходната постапка и Народниот правобранител на РСМ можат да го посетат притворено лице во кое било време и да разговараат со него.[9]

2. ПРЕСУДИ НА ЕСЧП КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПРАВАТА НА ПРИТВОРЕНИТЕ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Членот 5 на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) го уредува правото на слобода и безбедност. Правото на слобода и безбедност е од најголемо значење во демократското општество и затоа клучна цел на членот 5 е да се спречи арбитрерно или неоправдано лишување од слобода.[10]

Овој член утврдува во кои случаи едно лице може да биде лишено од слобода. Покрај тоа во овој член е уредено правото на секое уапсено лице веднаш да биде известено на јазикот што го разбира за причините за апсењето и за обвинението против него. Секое лице кое е уапсено или притворено мора веднаш да биде изведено пред судија и да има право на судење во разумен рок или на пуштање на слобода во текот на судската постапка. Пуштањето може да се услови со давање гаранција дека тоа лице ќе се појави на судењето. Секое лице лишено од слобода има право да изјави жалба до судот. Судот во краток рок ќе ја разгледа законитоста на тоа лишување

6 Supra note 2, член. 178.

7 Supra note 5, член. 38 и 39.

8 Ibid, член. 179.

9 Supra note 2, член. 180.

10 Бужаровска, Г. Андреевска, С. Тумановски, А. Примена на мерката притвор според Законот за кривичната постапка од 2010 година правна анализа- Скопје: ОБСЕ, 2015, стр.58

од слобода и ако тоа не било законско ќе нареди негово ослободување. Секое лице кое било жртва на апсење или притворање спротивно на одредбите од ЕКЧП има право на обесштетување.

Во продолжение се обработени три пресуди на Европскиот суд за човекови права во кои е констатирана повреда на правата на притворените лица во РСМ.

Во предметот ***„Велинов против Македонија"***, ЕСЧП утврдил дека лишувањето од слобода на апликантот било незаконито, бидејќи произлегувало од неисполнување на претходна судска одлука, односно неплаќање на изречена парична казна за прекршок. Станувало збор за прекршочна постапка што траела подолг временски период, при што апликантот не ја платил казната во предвидениот рок, па надлежните органи ја замениле паричната казна со казна затвор. По истекот на осум месеци од донесувањето на решението за извршување на казната, апликантот бил уапсен без да биде известен за причините за апсењето, по што бил веднаш спроведен во затворот во Штип. По добивањето на наредбата за извршување на казната, апликантот ја уплатил паричната казна, но не доставил доказ за извршеното плаќање. Поради тоа, бил лишен од слобода, а веднаш по доставувањето на доказот за уплатата, тој бил ослободен.

ЕСЧП оценил дека пропустот на апликантот да го извести судот за извршеното плаќање не ја ослободува државата од обврската да обезбеди ефикасен и функционален систем за евиденција на судските плаќања. Отсуството на таков механизам, според Судот, не може да биде оправдување за лишување од слобода. Судот, утврдил повреда на член 5 од ЕКЧП, бидејќи при апсењето апликантот не бил информиран за конкретните причини за неговото лишување од слобода, што претставува суштинска повреда на неговото право на слобода и сигурност.[11]

Во предметот ***„Ел Масри против Македонија"***, ЕСЧП утврдил сериозни повреди на основните права на апликантот, поврзани со незаконито лишување од слобода и неовластено постапување на државните органи. Апликантот, државјанин на Германија, при влез во територијата на РСМ бил симнат од автобус и испрашуван од страна на македонските полициски службеници. По тој настан, тој исчезнал и не бил виден сè до неговото враќање во Германија пет месеци подоцна. Апликантот бил незаконски задржан во хотел во Скопје, под постојан надзор на македонските безбедносни сили, во период од речиси еден месец. Потоа бил предаден на американските власти на Скопскиот аеродром и со лет организиран од ЦИА, бил пренесен во Кабул, Авганистан, каде што бил држен во таен притвор до неговото ослободување и враќање во Германија.

ЕСЧП во својата пресуда истакнал дека иако борбата против тероризмот претставува специфичен и сложен предизвик за државните власти, тоа не може да биде изговор за лишување на лица од слобода без судска контрола и без почитување на основните гаранции предвидени со ЕКЧП. Судот утврдил дека апликантот бил држен *incommunicado* и во таен притвор. Таквото постапување, според Судот, претставува особено тешка повреда на член 5 од ЕКЧП, кој го гарантира правото на слобода и безбедност. Судот оценил дека со предавањето на апликантот на странска држава во услови каде постоел реален ризик од тортура и други сериозни повреди на неговите права, Македонија не ги исполнила своите позитивни обврски за заштита на лицата под нејзина јурисдикција од незаконито и самоволно постапување.

Со оваа пресуда, ЕСЧП воспостави јасен стандард дека државите не смеат, под никакви околности, да вршат тајни апсења или трансфери на лица без судска контрола и без обезбедување на основните гаранции на правото на слобода и човеково достоинство.[12]

Во предметот ***„Лазороски против Македонија"***, ЕСЧП утврдил дека лишувањето од слобода на апликантот не било засновано на „разумно сомнение", во смисла на член 5 од ЕКЧП. Лазороски бил уапсен близу граничниот премин Табановце по усна наредба на службеник од УБК, под сомнение дека поседува оружје и може да ја напушти државата. По апсењето, тој бил спроведен во полициска станица, каде што му било побарано да потпише записник за откажување од правото на бранител, а потоа бил испрашуван без присуство на адвокат и без составување на записник

11 *Velinov v. R. Macedonia*, app.no.16880/08 (ECHR 19 September 2013).

12 El Masri v. R. Macedonia, app.no. 39630/09 (ECHR [GC] 13 December 2012.

за испрашувањето. Бил задржан без судски налог и без да биде информиран за причините за апсењето.

ЕСЧП оценил дека државните органи не доставиле ниту еден конкретен доказ или информација што би го оправдала сомневањето, а постоеле само „оперативни индикации" од УБК, кои не се доволна основа за апсење. Подоцна се покажало дека апликантот законски поседувал оружје, па не било ниту поведено обвинение против него. Судот заклучил дека лишувањето од слобода не било законито, со што е сторена повреда на член 5 од ЕКЧП. Во однос на отсуството на адвокат и апсењето без налог, Судот не утврдил повреда, бидејќи апликантот дал писмена согласност за откажување од бранител.[13]

ЗАКЛУЧОК

Притворот претставува најстрога мерка за обезбедување присуство на обвинетото лице во кривичната постапка. Уставот ја регулира неприкосновеноста на слободата и предвидува услови под кои може да се изрече притвор, а Законот за кривична постапка детално го уредува притворот. Но, она што се забележува се проблеми во практичната примена на овие норми и нивната усогласеност со член 5 од ЕКЧП.

Во повеќе случаи ЕСЧП утврдил повреди на правата на притворените лица во РСМ. Најчести се повредите поврзани со предолг притвор, неоправдан притвор, недоволно образложени судски одлуки за продолжување на притворот, недостиг на ефективна жалба и нехумани услови во притворските установи. Судот постојано нагласува дека државите имаат обврска не само да го оправдаат лишувањето од слобода, туку и да обезбедат третман што го почитува достоинството на притворено лице.

Пресудите на ЕСЧП треба да претставуваат важна насока за македонските судови, определувајќи дека притворот е исклучок, а не правило и дека заштитата на човековата слобода е основен столб на владеењето на правото. Во иднина националната практика би требало повеќе да биде насочена кон обезбедување на рамнотежа меѓу интересите на кривичната правда и заштитата на човековата слобода.

(Авторката е вонреден професор на Факултет за правни науки, Меѓународен Славјански универзитет Свети Николе)

13 Lazoroski v. R. Macedonia, app.no.4922/04 (ECHR 8 October 2009).

ДИГИТАЛЕН НАДЗОР, ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ И ПРАВО НА ПРИВАТНОСТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ГЕРМАНИЈА: КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА ЗАСНОВАНА НА ПОЧИТУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Треба да се направи широка анализа на влијанието врз приватноста во дигиталниот екосистем на платформи, социјални мрежи и алатки со вештачка интелигенција. Ваквиот чекор е неопходен ако се сака ефективна заштита на човековите права во дигиталната ера. Доколку приватноста, личната независност и контролата врз личните податоци се сфатат како предуслов за демократско општество, а не само како техничка формалност која може да се заобиколи, тогаш и обете држави Германија и Северна Македонија можат да развијат модели во кои дигиталните алатки, услуги ни платформи се стават во служба на граѓаните, а не обратно

ЕВГЕНИЈА ЈАНАКИЕСКА – БЕБА ЖАГАР

АПСТРАКТ

Дигиталната технологија станува системски се позначајна, речиси на ист начин како и финансиите.[1] Дигиталната економија, пак, станува хегемониски модел: градовите стануваат „паметни“ (smart cities), бизнисите мора да имаат револуционерни иновации, од работниците се бара да бидат што е можно пофлексибилни, а владите да бидат рационални и ефикасни.[2] Токму во спојот на платформскиот капитализам, економијата на податоци и техносолуционизмот се позиционира и овој труд.

Трудот дава практичен и правен компаративен преглед за тоа како Северна Македонија и Германија ги штитат личните податоци и дигиталната приватност на граѓаните во контекст на употребата на дигиталните платформи, социјалните мрежи и алатките со вештачка интелигенција, во периодот пост Општата регулатива за заштита на податоци (GDPR)[3], од 2018 до денес. Фокусот е насочен кон секојдневните ризици врз поединецот кои произлегуваат од дигиталното профилирање, таргетираното рекламирање, политичката манипулација, алгоритамското рангирање и автоматизираните одлуки. Конечно, предложени се низа препораки за зајакнување на дигиталната демократија во Северна Македонија врз основа на искуството на Германија.

Клучни зборови: Дигитална технологија, дигитална економија, платформски капитализам, лични податоци, дигитална приватност, ризици, дигитална демократија.

1. ДИГИТАЛНИ ПРАВА, ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА, ПРОФИЛИРАЊЕ И ИНДИВИДУАЛНА АВТОНОМИЈА

Развојот на дигиталните технологии и алатките со вештачка интелигенција не означуваат само технолошки напредок, туку и трансформација на економските системи и реорганизација на односите на моќ. Шошана Зубоф го воведува терминот „капитализам на надзор“ (surveillance capitalism), со кој се обидува да го опише и објасни новиот дигитален економски поредок кој го употребува човечкото искуство и социјалните интеракции како „бесплатна суровина“ за екстракција на податоци, предвидување на однесувањето на корисниците и влијанието врз нивните одлуки (лични, купувачки, политички итн.).

Современиот граѓанин живее во дигитален екосистем составен од апликации, социјални мрежи, платформи за купување, доставување, стриминг, вработување и образование, алатки со вештачка интелигенција и услуги кои постојано прибираат (екстрахираат), вкрстуваат и вмрежуваат лични податоци. Оваа конвергенција на платформи, алатки со вештачка интелигенција, системи, мрежи, софтвер, хардвер, big data претставува темел на новите бизнис модели чијашто суштина на постоењето е следење, профилирање и предвидување на однесувањето преку екстракција на дата и уште поважно нејзина анализа, како што вели Срничек. Според него, клучно е податоците не да бидат само собрани и неорганизирани, туку да бидат и анализирани, односно да бидат преработени во корисни информации кои ќе имаат употребна вредност (на пример, огласувачите да бидат поврзани со вистинските потенцијални корисници, во вистинско време кога ќе им биде потребно). Токму преку нив се моделираат алгоритмите за реклами, политичките пораки и индивидуалните информациски меури (bubbles).

Интеграцијата на вештачката интелигенција во дигиталните услуги дополнително ја усложнува сликата. Алгоритмите на корисниците им препорачуваат пријатели и содржини, рангираат вести,

1 Nick Srnicek, Platform Capitalism (Polity Press 2017)

2 Platform Capitalism (Polity Press 2017)

3 Регулатива (ЕУ) 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 година за заштита на физичките лица во однос на обработката на лични податоци и за слободното движење на таквите податоци, и за укинување на Директивата 95/46/ЕЗ (Општа регулатива за заштита на податоци) OJ L 119, 4.5.2016

препознаваат лица на фотографии, автоматски филтрираат „сомнителни“ активности, преведуваат, оценуваат квалитет или доверливост, креираат персонализирани фидови или одговараат на прашања во име на компании и институции.

На оваа линија, Морозов предупредува дека „дигиталниот солуционизам“ ги претвора структурните општествени и политички проблеми во технички прашања кои се препуштени во рацете на приватни чинители и тогаш регулативата и демократската контрола стануваат секундарни.[4] За корисникот, неговото онлајн искуство е обликувано преку модели тренирани врз на основа на огромни бази на податоци, чиј обем, пак, критериуми и логика на функционирање се нетранспарентни, тешко разбирливи и самиот корисник нема увид во тоа колку и какви податоци се собрани, чувани, анализирани, продадени за него, на некого и колку долго. Најчесто овие податоци се користат за т.н. профилирање.

Профилирањето е формално дефинирано во **чл. 4 (4) од GDPR** како *„секој облик на автоматизирана обработка на лични податоци кој се состои во употреба на лични податоци за оценување на одредени лични аспекти поврзани со физичко лице, особено за анализа или предвидување на аспекти поврзани со неговиот резултат на работа, економска состојба, здравје, лични преференции, интереси, однесување, локација или движење“*[5].

Според таа автоматизирана обработка на екстрахираните податоци се пресметува некаква веројатност на неговото идно однесување, врз чијашто основа, пак, се создава профил или категорија во која „спаѓа“ еден корисник (на пример за финансиски услуги, како кредит, дали е подобен или не). Дел од проблемите кои се директен производ на профилирањето се следниве:

1. Профилирањето го става корисникот во еден информациски меур, каде што тој постојано е изложен на истиот тип на вести, политички ставови, реклами за најразлични производи и понуди, додека паралелно алгоритмите во заднина одлучуваат што да му скријат, без тој воопшто да знае дека има ограничен пристапот до останати информации.
2. Платформите почнуваат различно да се однесуваат кон различни лица и групи на граѓани, односно нудат поинакви цени, нееднакви услови, различен квалитет на производи, огласи или видливост врз основа на профилот, локацијата, претпоставените интереси или социо-економскиот статус и преку ова создаваат и перпетурираат цела една архитектура на нееднаков третман на граѓаните.
3. Овие алгоритамски одлуки лесно се претвораат во дискриминација, особено кога таргетираат деца, жени, Роми, сиромашни, лица со попреченост или луѓе со ниска примања, па така, наместо да ги штитат, системите ги репродуцираат и продлабочуваат општествени нееднаквости.
4. Кога корисникот ќе се обиде да се спротивстави на некои правила и услови за користење или смета дека му се прекршени одредени дигитални права на дадените платформи (Google, Facebook, Amazon, Instagram, Wolt...итн.), наидува на сложени, долги и неразбирливи правила за користење и премногу комплицирани процедури за поднесување на онлајн приговор, а во однос на профилирањето, практично, корисникот нема можност да сфати како е класифициран, врз база на кои податоци, како и да побара корекција

Затоа е потребна правна регулација, бидејќи дигиталниот простор воопшто не е неутрален, тој е обликуван, пред се, од приватни корпорации, а потоа и од глобални политички актери кои располагаат со силна и концентрирана технолошка, економска и политичка моќ на која поединецот не може да се спротивстави. Мора да има јасни правила на игра, бидејќи без нив, големите играчи ја користат оваа т.н. „State of exception“[6] за асиметричната екстракција на податоци, агресивно профилирање, дигитално следење и манипулација, а Граѓанинот нема реална можност да учествува во создавањето на условите, ниту, пак ,да преговара за нив, ни да се заштити. Регулацијата тука е потребно децидно да поставува граници што е она што е дозволено, што е забрането, кога се

4 Evgeny Morozov, To Save Everything, Click Here: The Folly of Technological Solutionism (Allen Lane 2013)

5 Општа регулатива за заштита на податоците – GDPR) [2016] OJ L119/1, чл. 4(4).

6 Giorgio Agamben, State of Exception (Kevin Attell tr, University of Chicago Press 2005)

смета дека има прекумерно следење, кои податоци се чувствителни, кој ги чува и има увид во податоците, кога и на чие барање се бришат, како мора да изгледа информираната согласност и што значи минимизација на податоци.

2. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во Северна Македонија, Законот за заштита на личните податоци, од 2020 година, во голема мера ги пресликува принципите на GDPR, вклучително и начелата на законитост, правичност, транспарентност, ограничување на целта, минимизација на собраните податоци, точност, ограничено чување и одговорност на контролорите. Агенцијата за заштита на личните податоци е предвидена како независен надзорен орган со надлежност да постапува по претставки, да врши надзор, да дава мислења и да изрекува мерки.

Во доменот на дигиталните платформи и социјалните мрежи, ова значи дека давателите на услуги се должни да имаат јасен правен основ за обработка, да информираат за целите и за категориите податоци, да обезбедат можност за пристап, исправка, бришење и приговор, како и да избегнуваат несразмерно профилирање. Меѓутоа, практиката открива неколку значајни слабости. Многу локални онлајн услуги, медиуми и е-продавници користат генерализирани или преведени политики за приватност без суштинска транспарентност. Согласноста најчесто се сведува на едно кликнување без разбирливо објаснување за „колачиња“ (cookies), пиксели, профилирање и споделување со трети страни. Корисниците ретко ги користат правата за пристап или бришење, како поради недоверба дека тоа ќе има ефект, така и поради отсуство на едноставни механизми и јасна комуникација.

Агенцијата има кадар со ограничени капацитети, ресурси и технички алатки за да води длабински постапки против големи платформи или да развие систематски надзор над онлајн рекламирањето, мобилните апликации и алатките со вештачка интелигенција. Дополнително, јавните институции и приватни субјекти сè почесто користат *cloud* услуги и ВИ алатки без детална процена дали има прекугранично пренос кон држави со пониско ниво на заштита, кој е правниот основ за обработката и дали постојат доволни гаранции за корисниците. Иако формалната нормативна рамка е солидна, нивото на реална заштита, особено за млади, деца, и лица со пониска дигитална писменост останува ниско.

3. ГЕРМАНИЈА

Германија правно и институционално оперира во целост согласно GDPR, кој е поткрепен со федерални и покраински закони за заштита на податоците и со силна судска и регулаторна практика. Дополнително, на големите онлајн платформи што делуваат на германскиот пазар се применуваат обврските од Дигиталниот сервисен акт, кои бараат поконзистентна модерација на содржини, системско управување со ризици и поголема транспарентност на алгоритамските препораки и рекламирањето.

Ова им овозможува на германските надзорни тела и граѓански организации поефикасно да реагираат против незаконското следење, агресивното профилирање, непропорционалното собирање на податоци и прикриените техники на онлајн рекламирањето, односно екстракцијата на податоци. Колективните тужби, осмисленият, организиран и стратешки пристап, како и јавните кампањи создаваат дополнителен притисок врз платформите, кои мора да се приспособат на построгите правила. Корисниците имаат поголема навика да поднесуваат претставки, да бараат пристап до своите податоци и да го користат правото на бришење (право да се биде заборавен), а судовите се подготвени да препознаат повреда на правата на граѓаните.

И покрај тоа, Германија не е целосно имуна на проблемите кои произлегуваат од т.н. економија на надзор. Големите платформи и понатаму вршат обемно профилирање за комерцијални цели, алгоритмите за препорака (suggestion) остануваат делумно нетранспарентни за обичниот корисник, а реалната контрола често значи избор само меѓу ограничен број поставки (settings) што претходно ги дефинира самата платформа. Сепак, во споредба со Северна Македонија, германскиот систем покажува значително поголема способност да ги претвори правните начела во практична заштита.

Во Германија, Актот за вештачка интелигенција[7] на Европската Унија ги категоризира ризиците од вештачката интелигенција и воедно воведува категорија на високоризични системи, бара процени на влијание врз основните човекови права, обврзува на транспарентност и човечки надзор врз дел од процесите кои се одвиваат дигитално, како и забранува одредени форми на социјално бодување, манипулативни интерфејси и недоволно контролирана биометриска идентификација во јавниот простор. Овие стандарди претставуваат алатка за ограничување на најопасните ВИ примени во контекст на дигитални платформи и дигитални услуги.

4. СПОРЕДБЕНИ ЗАКЛУЧОЦИ

Споредбата на Северна Македонија и Германија покажува дека двете држави се соочуваат со, во суштина, исти проблеми и предизвици, но од крајно различна стартна позиција. Германија располага со зрел институционален систем, силна правна заштита и проактивни граѓански формални и неформални здруженија кои влијаат врз воспоставувањето на некаков баланс на силите во однос на сопствениците на дигиталните платформи и давателите на ВИ услуги. Северна Македонија има закон за заштита на личните податоци којшто, во голема мера, ги пресликува одредбите на GDPR, вклучително и основните начела како законитост, транспарентност, минимизација и одговорност. Сепак, спроведувањето е ограничено. Агенцијата за заштита на личните податоци постои како независно тело, но има недоволни човечки и технички капацитети, што ја ограничува нејзината способност за надзор, особено во областа на дигиталните платформи, онлајн рекламирањето и употребата на алатки со вештачка интелигенција.

Од друга страна, германскиот систем целосно функционира во рамките на GDPR, дополнет со федерални и покраински закони и силна судска и регулаторна пракса. Покрај тоа, се применува и Актот за дигитални услуги,[8] кој поставува повисоки стандарди за транспарентност, модерирање на содржини и управување со ризици на онлајн платформите. Надзорните тела имаат високи ресурси и авторитет, што овозможува реална примена на правата на граѓаните. Ова покажува дека Германија има воспоставен функционален систем, додека Северна Македонија, претежно, има само формално усогласување без доволен институционален капацитет за спроведување на европските стандарди.

Во однос на веб-страниците, медиумите и е-продавниците со мк домен, тие користат генерализирани или преведени политики за приватност кои не нудат вистинска транспарентност. Согласноста најчесто се сведува на „еден клик“, без објаснување за колачиња, профилирање или споделување на податоците со трети страни. Корисниците ретко ги користат своите права за пристап или бришење на податоците, поради недоверба и недостиг од едноставни постапки. Понатаму, јавните институции и компаниите користат *cloud* и ВИ услуги без соодветни проценки за прекугранично трансфер на податоци или, пак, гаранции за заштита на истите.

---

7 Регулатива (ЕУ) 2024/1689 на Европскиот парламент и на Советот од 13 јуни 2024 година за утврдување на хармонизирани правила за вештачка интелигенција и изменување на Регулативите (ЕЗ) бр. 300/2008, (ЕУ) бр. 167/2013, (ЕУ) бр. 168/2013, (ЕУ) 2018/858, (ЕУ) 2018/1139 и (ЕУ) 2019/2144 и Директивите 2014/90/ЕУ, (ЕУ) 2016/797 и (ЕУ) 2020/1828 (Акт за вештачка интелигенција) OJ L, 2024/1689, 12.7.2024

8 Регулатива (ЕУ) 2022/2065 на Европскиот парламент и на Советот од 19 октомври 2022 година за единствен пазар за дигитални услуги и изменување на Директивата 2000/31/ЕЗ (Акт за дигитални услуги) OJ L 277, 27.10.2022

Од друга страна, германските институции и граѓанските организации спроведуваат активна контрола и вршат силен јавен притисок врз дигиталните платформи преку колективни тужби, јавни кампањи и редовно медиумско известување. Иако и таму постојат низа проблеми во однос на профилирањето и нетранспарентните алгоритми, степенот на правна заштита е значително поголем. Оттука, може да се заклучи дека во Германија постои култура на спроведување на правилата и отчетноста од страна дигитални платформи, додека во Северна Македонија се уште преовладува само формалност и политичка и институционална пасивност.

Граѓанската култура за заштита на приватноста е далеку поразвиена во Германија, бидејќи граѓаните имаат висока свест за правата на приватност и активно реагираат на злоупотребите со кои се соочуваат. Од друга страна, во Северна Македонија дигиталната писменост е на ниско ниво, како кај младите, така и кај повозрасните групи граѓани. Недостасува суштинско знаење за тоа како се користат и заштитуваат личните податоци, меѓу другото и институционалната комуникација на оваа тема со јавноста е многу слаба.

И во двете општества заканата произлегува од овие корпоративно-политички хибридни актери кои градат модели на економија која е заснована на следење, екстракција и обработка на лични податоци, при што границата меѓу една технолошка услуга и градењето на цела инфраструктура на „надзор“ станува сè потешко видлива и се помалку јасна. Германија веќе има механизми како да реагира кога таа граница е помината. Северна Македонија мора посвесно и посовесно да ги изгради тие механизми доколку сака постоечката формална усогласеност со европското право да значи нешто повеќе од мртво слово на хартија.

5. КЛУЧНИ ПРЕПОРАКИ

За двете држави неопходно е дигиталните платформи и давателите на ВИ услуги да се третираат како субјекти со директни обврски во сферата на човековите права, а не само како технолошки посредници без никаква одговорност. Профилирањето за маркетиншки и политички цели и профит треба да биде ограничено, особено кога се работи за чувствителни податоци или е насочено кон деца и ранливи групи. Алгоритамските системи за препорачување и рангирање на содржина треба да бидат објаснети на начин на којшто еден просечен корисник може да ги разбере овие процеси, а изборот на помалку инвазивни опции, на пример без следење и профилирање при користење на алатки, услуги, платформи и уреди мора да биде достапен.

Процедурите за остварување на правата на корисниците треба да се поедностават со јасни и лесни за употреба дигитални алатки за барање пристап до прибраните податоци, бришење на одредени податоци по барање на корисникот, а кои се однесуваат на него, ограничување на нивната обработка и, се разбира, поднесување на приговор, како и одговори со кратки рокови и ефективна корисничка поддршка која ќе биде дадена од страна на луѓе. Колективните механизми преку кои организациите и здруженијата можат да настапуваат во име на групи на корисници се клучни за балансирање на асиметријата на моќ и влијание меѓу граѓанинот и платформите.

Во Северна Македонија, ова подразбира значително зајакнување на Агенцијата за заштита на личните податоци - со буџет, експертиза и технички алатки за проактивен надзор и контрола, подготовка на насоки за употреба на ВИ во јавниот и приватниот сектор, како и системски активности за едукација, подигање на свеста и поддршка на корисниците. Хармонизацијата со европските правила за дигиталните услуги и ВИ треба да се искористи како можност за суштинско подобрување, а не само како формално усогласување.

Неопходно е да се изработат стандардизирани и лесно разбирливи модели на политики за приватност, преведени на македонски и на албански јазик, што ќе овозможат реална транспарентност кон корисниците. Истовремено, за да се задржи чекор со времето, потребна е законска измена со која ќе се воведе обврска за проверка на усогласеноста со GDPR за сите јавни инсти-

туции и приватни компании што користат *cloud*, *CRM* или ВИ услуги, вклучително и обврска за проценка на влијание врз приватноста.

Во однос на правната заштита, потребно е да се поттикне соработка на судовите и Народниот правобранител за системско следење и документирање на повреди на правото на приватност, како и да се разгледа воведување на механизам за колективни тужби за случаи на масовно нарушување на приватноста, по примерот на земјите-членки на ЕУ.

Покрај тоа, препорака за надлежните институции е да се воспостави меѓусекторска работна група меѓу Агенцијата, Министерството за дигитална трансформација и граѓанските организации за следење на новите ризици и предлагање регулаторни решенија. Понатаму, треба да се направи листа на сите бази на податоци што ги водат јавните институции, со јавно достапни информации за целта на обработката, правниот основ и рокот на чување, како и да се воведат редовни независни ревизии на безбедноста на податоците чувани во институциите и општините.

За подигнување на јавната свест за сериозноста на темата, потребно е да се спроведе кампања на национално ниво за подигање на свеста за правата на граѓаните – пристап, исправка, бришење, приговор и право да не бидат предмет на профилирање. Особено внимание треба да се посвети на младите, при што препорака е да се вклучат лекции за зголемување на дигиталната писменост во формалното образование.

ЗАКЛУЧОК

Она што е важно е да се направи широка анализа на влијанието врз приватноста во дигиталниот екосистем на платформи, социјални мрежи и алатки со вештачка интелигенција. Ваквиот чекор е неопходен ако се сака ефективна заштита на човековите права во дигиталната ера. Доколку приватноста, личната автономијата и контролата врз личните податоци се сфатат како предуслов за демократско општество, а не само како техничка формалност која може да се заобиколи, тогаш и обете држави Германија и Северна Македонија можат да развијат модели во кои дигиталните алатки, услуги ни платформи се стават во служба на граѓаните, а не обратно.

*(**Јанакиеска е докторанд по право на информатичка технологија, проектна координаторка во „Прогрес“ - Институт за социјална демократија, Жагар е магистер по меѓународно и европско право, истражувачка во Институт за европска политика**)*

ДИГИТАЛНИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ЗЕМЈАВА: НОВИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО ВО ЕРАТА НА ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

Вештачката интелигенција претставува двоен феномен: од една страна нуди огромен потенцијал за подобрување на јавните услуги, транспарентноста и ефикасноста на државата; од друга страна, може да ги поткопа темелите на владеењето на правото доколку не е регулирана и надгледувана. Северна Македонија, како земја во процес на дигитална трансформација и приближување кон европските стандарди, мора да го интегрира пристапот на човекови права во сите политики поврзани со вештачката интелигенција. Превенцијата, транспарентноста и јавната контрола се клучни за зачувување на довербата во институциите и за обезбедување дека дигиталната иднина ќе биде во служба на човекот, а не обратно

САРА НЕШКОСКА

АПСТРАКТ

Дигиталната ера носи длабоки и неизбежни општествени промени кои ги преиспитуваат темелите на човековите права, правната сигурност и владеењето на правото. Во Република Северна Македонија, сè поголемата примена на вештачката интелигенција и дигиталните технологии отвора сериозни прашања за заштитата на приватноста, обработката и безбедноста на личните податоци, транспарентноста и институционалната одговорност.

Овој труд има за цел да ја истражи состојбата на дигиталните човекови права во националниот правен контекст и нивната усогласеност со европските стандарди и меѓународните обврски. Анализирани се постојните законски решенија, праксата и нивната способност да се справат со ризиците од алгоритамска пристрасност, нееднаквост, дискриминација и автоматизирано носење одлуки. Посебен акцент е ставен на потребата од воспоставување јасна и сеопфатна правна рамка која ќе обезбеди фер, транспарентна и правична дигитална трансформација. Трудот предлага конкретни насоки за развој на национална стратегија за дигитална етика, човечка безбедност и правна отчетност во насока на зајакнување на владеењето на правото во современото дигитално општество.

Клучни зборови: *човекови права, дигитализација, владеење на правото, вештачка интелигенција, приватност*

ВОВЕД

Дигиталната трансформација во последната деценија наметна суштински промени во начинот на кој граѓаните ги остваруваат своите права и пристапуваат до јавните услуги. Во Република Северна Македонија, како и на глобално ниво, појавата и сè пошироката примена на вештачката интелигенција (ВИ) отвораат нови прашања за заштитата на човековите права во дигиталниот простор. ВИ системите веќе се користат во јавните институции, безбедносните органи, финансиските институции и медиумите, што неизбежно наметнува потреба од нови правни и етички стандарди.

Целта на овој труд е да ги анализира новите предизвици за владеењето на правото во нашата земја кои произлегуваат од дигитализацијата и од примената на вештачката интелигенција, со посебен акцент на заштитата на дигиталните човекови права: приватност, транспарентност, пристап до информации и заштита од дискриминација во алгоритамски системи.

1. ТЕОРЕТСКА РАМКА: ДИГИТАЛНИ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО СОВРЕМЕНИОТ КОНТЕКСТ

Терминот *дигитални човекови права* се однесува на проширување на класичните човекови слободи и права во дигиталното опкружување. Тоа подразбира право на приватност, право на пристап до информации, слобода на изразување во онлајн средина, заштита на лични податоци и право на дигитален идентитет[1].

Со усвојувањето на Универзалната декларација за човекови права (1948 година) и Европската конвенција за човекови права (1950 година), меѓународната заедница ги постави темелите на универзалноста на човековите права. Но, со дигиталната ера, овие права добиваат нови димензии. Приватноста, на пример, денес зависи не само од физичката сигурност туку и од начинот на кој податоците се собираат, обработуваат и складираат од државните и приватните актери[2].

1 M. Mantelero, 'The Evolving Concept of Digital Rights' (2018) Computer Law and Security Review 34(2) 326.

2 J. Habermas, The Structural Transformation of the Public Sphere (MIT Press 1991).

Советот на Европа преку Конвенцијата 108+ ја воведе првата меѓународна рамка за автоматизирана обработка на лични податоци[3], а Европската Унија, со Општата регулатива за заштита на податоците (GDPR), постави стандарди кои влијаат и врз земјите надвор од Унијата, вклучително и Македонија.

2. НАЦИОНАЛНА ПРАВНА РАМКА И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ

Уставот на Република Северна Македонија го гарантира правото на приватност, достоинство и лична сигурност (член 25),[4] како и правото на заштита на личните податоци (член 18). Со усвојувањето на Законот за заштита на лични податоци (Службен весник бр. 42/2020), државата направи важен чекор кон усогласување со европските стандарди, особено со GDPR.

Агенцијата за заштита на лични податоци игра клучна улога во мониторингот на дигиталните права на граѓаните, но нејзините капацитети се ограничени, особено кога станува збор за надзор над алгоритамски и автоматизирани системи.

Во националниот контекст, проблем претставува и тоа што многу јавни институции воведуваат дигитални решенија без јасни процедури за оценка на влијанието врз човековите права. Потребно е воспоставување механизам за *ex ante* процена на ризици кога се воведуваат системи базирани на ВИ, како што предвидува Европскиот акт за вештачка интелигенција (AI Act).[5]

3. ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО

Вештачката интелигенција во суштина претставува систем кој учи од податоци и донесува одлуки или препораки без директна човечка интервенција. Таквите системи можат да го поткопаат владеењето на правото ако не се транспарентни, ако не е јасно кој е одговорен за нивните одлуки и ако не постојат механизми за жалба и надзор.

Основните принципи на владеењето на правото, како што се еднаквост пред законот, правна сигурност, транспарентност и одговорност, може да се нарушат кога алгоритмите се користат во јавните услуги или во безбедносните институции. На пример, системите за автоматизирано препознавање лица во јавниот простор можат да доведат до масовно следење и нарушување на приватноста на граѓаните.

Проблем е и дискриминацијата што може да произлезе од т.н. *algorithmic bias* - кога податоците со кои е обучен системот носат социјални или етнички предрасуди. Во Македонија, каде што институционалните механизми за борба против дискриминација веќе се под оптоварување, ова претставува сериозен ризик.

4. НОВИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ДИГИТАЛНИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Првиот голем предизвик е правната недореченост. Иако постојат закони кои ги регулираат личните податоци и сајбер-безбедноста, нема сеопфатна рамка која го регулира користењето на ВИ во јавниот и приватниот сектор.

Вториот предизвик е институционалната неподготвеност. Повеќето јавни органи немаат експерти за вештачка интелигенција, ниту протоколи за етичка употреба на алгоритамски системи.

---

3 Council of Europe, Convention 108+.

4 Устав на Република Северна Македонија, „Службен весник“ бр. 52/1991 со измени и дополнувања.

5 European Parliament and Council, AI Act.

Трет предизвик е нееднаквоста во дигиталниот пристап. Дигиталната писменост во Македонија сè уште е ниска, што значи дека граѓаните често не се свесни кога нивните податоци се обработуваат или кога се предмет на автоматизирани одлуки.

И на крај, транспарентноста останува клучна слабост. Ниту една институција не е обврзана да објавува информации за тоа како се користат ВИ системите, што ја ограничува јавната контрола и доведува до ерозија на довербата во државните институции.

5. КОМПАРАТИВНИ ИСКУСТВА ОД ЕВРОПА И РЕГИОНОТ

Земјите од Европската Унија веќе го воведуваат **AI Act**, со кој се дефинираат категории на ризик и обврски за транспарентност и надзор. На пример, Словенија и Естонија имаат развиени системи за етичка процена на автоматизирани одлуки, додека Хрватска воспостави национална стратегија за развој на ВИ со посебен дел посветен на човековите права.

Овие примери можат да послужат како модел за Македонија, не само во смисла на законодавство, туку и во изградба на јавна свест и институционални капацитети.

***Табела 1*. Компаративен преглед на правната и институционалната рамка за вештачка интелигенција**

Аспект	Република Северна Македонија	Европска Унија	Република Хрватска
Правна рамка за ВИ	Нема посебен закон; делумна регулација преку Законот за заштита на лични податоци и Законот за сајбер-безбедност.	*AI Act* (2024) – сèопфатна регулатива со категории на ризик и обврски за транспарентност.	Подготовка на *Национален закон за вештачка интелигенција* усогласен со *AI Act* (2023–2024).
Надзорен и регулаторен орган	Агенција за заштита на лични податоци (АЗЛП) со ограничени капацитети за ВИ надзор.	Европски борд за вештачка интелигенција – координира национални тела и осигурува усогласеност.	Совет за дигитална трансформација и ВИ при Владата на Република Хрватска.
Етички и човековоправен пристап	Нема официјален кодекс; се повикува на европските стандарди и препораките на Советот на Европа.	*Ethics Guidelines for Trustworthy AI* (2019) – принципи: човекова контрола, транспарентност, одговорност.	*Национална стратегија за ВИ (2023–2030)* со дел посветен на заштита на човекови права и недискриминација.
Јавна транспарентност и пристап до информации	Ограничен јавен пристап до информации за користење ВИ системи во институциите.	Високи стандарди за известување и јавни регистри на ВИ апликации со висок ризик.	Јавен извештај за ВИ иницијативи и јавен регистар во пилот-фаза.

Извор: Сопствена обработка според *Regulation (EU) 2024/1689 (AI Act)*, *Национална стратегија за вештачка интелигенција на Република Хрватска (2023–2030)*, и *Законот за заштита на лични податоци на РС Македонија (Службен весник бр. 42/2020)*.

6. ПРЕПОРАКИ

- Усвојување на национална стратегија за етичка и одговорна употреба на ВИ. Стратегијата треба да биде меѓуресорска и да ги интегрира принципите на човековите права во сите фази на дигиталната трансформација;
- Воспоставување независен надзорен механизам за алгоритамска транспарентност; Овој орган би имал задача да ги проверува системите за автоматизирано донесување одлуки, особено во јавниот сектор;
- Задолжителна процена на влијание врз човековите права пред воведување на системи базирани на ВИ во државните институции;
- Подигање на дигиталната писменост и јавната свест кај граѓаните преку едукативни програми, медиумски кампањи и граѓански обуки и
- Јакнење на капацитетите на Агенцијата за заштита на лични податоци за следење и санкционирање на злоупотреби поврзани со ВИ.

ЗАКЛУЧОК

Вештачката интелигенција претставува двоен феномен: од една страна нуди огромен потенцијал за подобрување на јавните услуги, транспарентноста и ефикасноста на државата; од друга страна, може да ги поткопа темелите на владеењето на правото доколку не е регулирана и надгледувана.

Северна Македонија, како земја во процес на дигитална трансформација и приближување кон европските стандарди, мора да го интегрира пристапот на човекови права во сите политики поврзани со вештачката интелигенција. Превенцијата, транспарентноста и јавната контрола се клучни за зачувување на довербата во институциите и за обезбедување дека дигиталната иднина ќе биде во служба на човекот, а не обратно.

(Авторката е магистер по односи со јавност и корпоративни комуникации)

НЕКОНСЕНЗУАЛНО СПОДЕЛУВАЊЕ НА ИНТИМНИ СЛИКИ: РЕЛЕВАНТНОСТА НА ИСТАНБУЛСКАТА КОНВЕНЦИЈА, КОНВЕНЦИЈАТА ЗА КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ И ОДГОВОРИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Истанбулската конвенција нуди нормативна и родово сензитивна рамка фокусирана на жртвата и помага овој феномен да се дефинира како форма на насилство што бара превенција, заштита и гонење. Конвенцијата за компјутерски криминал, пак, ги обезбедува прекуграничните процедурални алатки потребни за истражување на кривични дела овозможени или сторени преку компјутерски систем. Ниту еден инструмент сам по себе не е доволен - Истанбулската конвенција повикува на суштинска заштита и позитивни обврски, а Конвенцијата за компјутерски криминал ги зајакнува истражните капацитети. Обете мора да се пренесат на домашно ниво со воведување на соодветни кривични дела, технички ресурси и услуги за жртвите

КАТЕРИНА ПАНЕВА

АПСТРАКТ

Неконсензуалното споделување на интимни слики (NCDII) подига сериозни прашања, како во делот на кривичното законодавство, така и во доменот на човековите права, родово базираното насилство и регулирањето на онлајн платформите. Правните инструменти на ниво на Советот на Европа, особено Истанбулската конвенција и Конвенцијата за компјутерски криминал нудат различни, но комплементарни рамки за превенција, заштита и гонење на овој феномен. Овој труд ја анализира апликативноста на секој од овие инструменти засебно, но и во една динамична врска кога станува збор за неконсензуалното споделување на интимни слики, ги идентификува правните празнини, но и силните страни и ја испитува јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) за обврските и пропустите на државите-потписнички во однос на заштитата на правото на приватност од член 8 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП).

Основна хипотеза на овој труд е дека Истанбулската конвенција го препознава родово базираното насилство против жените и обезбедува нормативна рамка од материјален аспект, истовремено пропишувајќи позитивни обврски за државите потписнички на истата, додека Конвенцијата за компјутерски криминал ја дополнува со процедурални одредби и алатки за спроведување на прекугранични истраги и обезбедување на докази во електронска форма.

Клучни зборови: NCDII, неконсензуално споделување на интимни слики, родово базирано насилство, право на приватност и електронски докази.

ВОВЕД

Развојот на дигиталните технологии и нивната зголемена употреба во секој аспект од нашите животи, во комбинација со зголемената стапка на раст на пристап до онлајн просторот на глобално ниво, доведе до развој на нови форми на насилство врз жените, како и трансферирање на конвенционалните облици на физичко, сексуално и психолошко насилство на нови платформи, со помош на нови алатки, социјални мрежи, апликации за допишување, форуми... Дисеминацијата на интимни слики без согласност (NCDII)[1] е сериозна и еволуирачка форма на родово базирано дигитално насилство и тоа може да биде поддржано и сторено едновремено од десетици, стотици, а некогаш и илјадници луѓе, водејќи до постојана ревиктимизација на жртвата, понекогаш и до бесконечност. Кога интимните слики се споделуваат без согласност на прикажаното лице, последиците вклучуваат сериозно нарушување на приватноста на жртвата, оштетување на угледот, психолошка траума и родово насилство.

Во однос на справувањето со оваа појава, којашто е повеќеслојна и може да се разгледува, како низ призмата на кривичното законодавство, така и преку одредбите за заштита на човековите права и инструментите за регулирање на онлајн платформите, Советот на Европа понуди два клучни и релевантни меѓународни инструменти: Истанбулската конвенција,[2] која се однесува на насилство врз жените и семејно насилство, и Конвенцијата за компјутерски криминал,[3] која се однесува на компјутерскиот криминал и електронските докази, кои во себе содржат потенцијални одговори на правните прашања - како на национално, така и на транснационално ниво. Од друга страна, пак, Европскиот суд за човекови права сè повеќе ги препознава негативните последици што овој феномен фацилитиран од технологијата го има врз приватноста, наметнувајќи им законски обврски на државите да дејствуваат, но заради нехармонизираната национална имплементација жртвите сè уште се соочуваат со значителни тешкотии.

---

1 Nonconsensual dissemination of intimate images.

2 The Council of Europe Convention on Preventing and Combating Violence against Women and Domestic Violence, CETS No.210.

3 The Council of Europe Convention on Cybercrime, ETS No.185.

1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ФЕНОМЕНОТ НА НЕКОНСЕНЗУЛАНО СПОДЕЛУВАЊЕ НА ИНТИМНИ СЛИКИ

Неконсензуалното споделување на интимни слики често се нарекува и „одмаздничка порнографија“ (revenge porn), но дали оваа терминологија е соодветна?

Самата појава има поширок опфат, па така, за нејзино дефинирање посоодветен би бил терминот „сексуална злоупотреба или насилство базирано преку слика“, бидејќи зад неа може да се кријат различни мотиви, како што се одмазда, профит, принуда, вознемирување или родово базирано насилство, па дури и користење на дигитални фалсификати (deep fakes), сексторција и случаи каде што сликите се креирани без содејство на жртвата, како што се случаите на кревање здолниште, спуштање на блузот или која било друга форма на фотографирање од страна на непознати со или без знаење на жртвата. [4]

Во таа насока, иако терминот „одмаздничка порнографија“ е широко користен од пошироката јавност и прифатен во медиумите, важно е да се спомене дека тој претставува само една форма на сексуална злоупотреба базирана на слика која вообичаено вклучува поранешен партнер, кој споделува приватни слики со сексуална содржина од својот партнер без согласност, преку интернет, со цел да се одмазди откако ќе се распадне врската, при што жртвата е најчесто, жена.[5]

Неконсензуалното споделување на интимни слики или видеа и ширење на експлицитен материјал се манифестира во различни облици и е растечка и сеприсутна форма на насилство што се случува онлајн и преку употреба на нови технологии. Збирот на овие дејствија може да се дефинира како неконсензуално земање, споделување или закана за споделување на интимни слики или слики со сексуална содржина, вклучително и видеа од конкретно лице - жртва, како и дигитално модифицирани слики во кои лицето или телото на жртвата е вметнато или залепено во веќе постоечка порнографска фотографија или видео, познато како „лажна порнографија“, вклучително и дигитални фалсификати и синтетички слики креирани со помош на вештачка интелигенција. [6]

2. РЕЛЕВАНТНОСТА НА ИСТАНБУЛСКАТА КОНВЕНЦИЈА

Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (CETS No.210), позната како Истанбулска конвенција, е меѓународен договор чија основна цел е содржана и во самото нејзино име. Отворена за потпишување на 11 мај, 2011 година во Истанбул, таа го препознава насилството врз жените како кршење на човековите права, барајќи од државите-потписнички да усвојат мерки за спречување на родово базирано насилство, заштита на жртвите и криминализирање на одредени однесувања, како што се демнење, сексуално вознемирување и психолошко насилство, како и преземање на разумни и соодветни мерки за спречување, истражување и казнување на актите на насилство врз жените.

Иако Истанбулската конвенција не содржи експлицитна одредба која се однесува на дигиталната димензија на насилството врз жените, треба да се размисли дали нејзиниот опфат дефиниран во член 2 се однесува и на насилството во онлајн просторот. Имено, согласно членот 2, „Конвенцијата се однесува на сите форми на насилство врз жените, вклучувајќи и домашно

4 Clare McGlynn, Erika Rackley and Kelly Johnson, ‘Shifting Narratives: Revenge Pornography and Image-Based Sexual Abuse’ (2019) 24(1) Feminist Legal Studies 26.

5 Clare McGlynn and Erika Rackley, ‘Image-Based Sexual Abuse’, (2017) 37 Oxford Journal of Legal Studies, 534, 537.

6 Anastasia Powell, Adrian J. Scott, Alexandra Flynn and Nicola Henry, ‘Image-based sexual abuse: An international study of victims and perpetrators’ (2020) *www.researchgate.net/publication/339488012_Image-based_sexual_abuse_An_international_study_of_victims_and_perpetrators* .

насилство, што несразмерно ги погодува жените“,[7] опфаќајќи ги сите ситуации во кои жените се таргетирани од насилство.

Сексуалното вознемирување, пак, во членот 40 од Истанбулската конвенција, е дефинирано како „секоја форма на несакано вербално, невербално или физичко однесување од сексуална природа, со цел или последица - повреда на достоинството на лицето, особено кога се создава заплашувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка или навредлива средина“[8] Ако ваквата дефиниција ја толкуваме екстензивно, под сексуално вознемирување несомнено се подразбира и секое несакано сексуално однесување на која било дигитална платформа, што опфаќа широк спектар на дејства кои користат содржина во дигитална форма (слики, видеа, постови, пораки), а коишто предизвикуваат заплашување, искористување, понижување или сексуализирање на жртвата. Токму на ова се однесува и Првата генерална препорака на GREVIO[9] за дигиталната димензија на насилството врз жените.

Неконсензуалното споделување на интимни слики е дефинирано во член 16 од Конвенцијата на компјутерски криминал на Обединетите нации, отворена за потпишување на 25 октомври оваа година во Ханој, како „продажба, дистрибуција, пренесување, објавување или на друг начин ставањето на располагање на интимна слика од лице преку систем за информатичка и комуникациска технологија, без согласност на лицето прикажано на сликата“[10], па се наметнува прашањето дали под оваа дефиниција може да се подведе и сексуалното вознемирување, согласно член 40 од Истанбулската конвенција, преку следниве облици:

- слики или видеа со сексуална содржина снимени без согласност и распространети онлајн или дигитален воајеризам (најчесто слики или видеа снимени без знаење на жртвата),
- слики или видеа со сексуална содржина снимени консензуално, но споделени без согласност (најчесто во формата на „одмаздничка порнографија“),
- дигитални фалсификати - deep fakes (слики или видеа кои се резултат на процес кој користи алгоритми за длабоко учење со цел дигитално да се замени ликот на едно лице со ликот на друго во видео и манипулација на звукот со помош на вештачка интелигенција)
- сајбер рафали - cyber flashing (праќање на слики или видеа со сексуална содржина без барање на примателот, најчесто преку апликации за состанување или апликации за праќање пораки).[11]

Бидејќи сите овие појавни облици на неконсензуално споделување на интимни слики непропорционално ги засегаат жените, можат да се карактеризираат како родово понижување и контрола, со што би се вклопиле во рамката на Истанбулската конвенцијата и нејзиниот акцент на позитивните обврски за државите потписнички за спречување и одговор на сите форми на сексуално и психолошко насилство, преку пристап ориентиран кон жртвите, обезбедувајќи негова нормативна основа.

---

7 Council of Europe Convention on Preventing and Combating Violence against Women and Domestic Violence, CETS No.210, art.2.

8 Ibid, art.40.

9 *GREVIO* е *Група на експерти за акција против насилството врз жените и семејното насилство* и истото е независно тело на Советот на Европа создадено според Истанбулската конвенција.

10 United Nations Convention against Cybercrime, Strengthening International Cooperation for Combating Certain Crimes Committed by Means of Information and Communications Technology Systems and for the Sharing of Evidence in Electronic Form of Serious Crimes, art.16.

11 GREVIO, 'General Recommendation No 1 on the digital dimension of violence against women' (донесена на 20.10.2021) (Council of Europe), стр.19-20, ***https://rm.coe.int/grevio-rec-no-on-digital-violence-against-women/1680a49147*** пристапено на [02.11.2025]

3. РЕЛЕВАНТНОСТА НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ

Конвенцијата за компјутерски криминал, наречена и Будимпештанска конвенција, е меѓународен договор на Советот на Европа, отворена за потпишување на 23 ноември 2001 година во Будимпешта и таа претставува мултилатерален инструмент за меѓународна соработка во борбата против компјутерскиот криминал, која, освен материјални и процесни одредби, содржи и норми за меѓународна соработка.[12] Конвенцијата ги обврзува државите – потписнички, да криминализираат низа дела како што се „недозволен пристап, недозволено пресретнување, упад во податоци, упад во систем, злоупотреба на уред, фалсификување поврзано со компјутер, измама поврзана со компјутер, дела поврзани со детска порнографија, дела поврзани со повреда на авторски и други сродни права..."[13]

Покрај материјалните норми, оваа Конвенција содржи и низа процесни одредби и алатки, како што се експедитивно зачувување на складирани компјутерски податоци, експедитивно зачувување и делумно откривање на преносни податоци, наредба за производство, претрес и запленување на складирани компјутерски податоци, собирање на преносни податоци во реално време, пресретнување на содржински податоци. Вториот дополнителен протокол на Конвенцијата за зајакнување на соработката и споделување на електронски докази, нуди дополнителни алатки во однос на нивно обезбедување, забрзување на процедурите за меѓусебна правна помош, овозможување на поефикасен пристап од страна на органите за спроведување на законот до електронските докази складирани кај друга страна, можност за соработка во итни ситуации и за директна соработка меѓу држава потписничка и давател на интернет услуги, кој се наоѓа во друга држава потписничка во однос на откривање на претплатничките информации и преносните податоци, како и олеснета процедура за откривање на информациите за регистрација на домен.[14]

Дали ваквите материјални одредби од Конвенцијата за компјутерски криминал можат да се применат во насока на криминализација на неконсензуалното споделување на интимни слики, како надополнување на одредбите од Истанбулската конвенција? Имено, преку недозволен пристап до компјутерските системи на жртвата, како и до различни платформи за споделување на пораки, сторителот може да пристапи и до нејзините податоци, коишто може да вклучуваат и интимни слики и нив може да ги одземе и потоа да ги дисеминира, без знаење на жртвата. Истото се однесува и на недозволеното пресретнување, додека, пак, криминализацијата на повредата на авторско право и други сродни права сторени преку компјутерски систем претставува најдобра алатка за заштита на жртвите во правни системи каде што не се предвидени законски одредби за заштита од неконсензуално споделување на интимни слики.

Предикат на неконсензуланото споделување на интимни слики некогаш може да биде и хакирање и недозволен пристап, како начини на нивно обезбедување, а идентификувањето на сторителот и обезбедувањето на електронските докази може да имаат екстериторијален дофат, па така, доколку се користи конвенционалниот начин на меѓународна правна помош кој е премногу бавен од временски аспект, постои опасност од уништување или модифицирање на доказите, како и континуирана ревиктимизација на жртвата со самото тоа што сликите опстојуваат подолг период во онлајн просторот.

Во вакви случаи, процедуралните одредби и алатките кои ги нуди Конвенцијата за компјутерски криминал и Вториот дополнителен протокол кон неа се релевантни и тие можат да се користат за зајакнување на истражните капацитети, забрзување на процесот на меѓусебна правна помош и прекугранична соработка, истовремено нудејќи нови можности за откривање на сторителите, зачувување на доказите и решавање на дел од проблемите со јурисдикцијата, нешта кои се од суштинско значење кога се зборува за неконсензуалното споделување на интимни слики.

12 Катерина Панева, „Рамнотежа меѓу истрагите на сајбер-криминалот и заштитата на човековите права" (2024), 30 Правен дијалог (Институт за човекови права Скопје), ISSN: 1857-7644, стр.8-9.

13 Владимир Милошески, Марко Зврлески и Спасенка Андонова, „Прирачник за компјутерски криминал", (Скопје, 2014) *https://www.osce.org/files/f/documents/1/3/121224.pdf* стр.7.

14 The Council of Europe Second Additional Protocol to the Convention on Cybercrime on enhanced co-operation and disclosure of electronic evidence (донесен на 12.05.2022, се уште не е влезен во сила), CETS No.224.

4. СИНЕРГИЈА И КОНТРАДИКТОРНОСТ МЕЃУ ДВЕТЕ КОНВЕНЦИИ

Во една поширока слика, Истанбулската и Конвенцијата за компјутерски криминал се комплементарни и меѓу нив постои динамична врска: Истанбулската конвенција обезбедува нормативна рамка, ориентирана кон жртвата, која повикува на криминализација, заштита и превенција на родово базираното насилство против жените, додека, пак, Конвенцијата за компјутерски криминал обезбедува технички и прекугранично процесен сет од алатки за нејзино водење и гонење на кривични дела сторени преку компјутерски систем или во онлајн просторот. Кои би биле ефективните одговори на државите потписнички во ваквата констелација?

Имено, неопходно е креирање на материјални закони кои овозможуваат превенција и нудат поддршка за жртвите, како и процедурални норми кои ќе обезбедат зајакнување на истражните капацитети, зачувување и обезбедување на електронските докази и забрзана постапка за меѓусебна правна помош.

Недоследностите се јавуваат кога државите ги почитуваат процедуралните барања од Конвенцијата за компјутерски криминал, но немаат домашни закони кои го криминализираат неконсенсуалното споделување на интимни слики или законски одредби за заштита на жртвите, што ги бара Истанбулската конвенција, и обратно.

Со други зборови, едната конвенција го дефинира неконсензуалното споделување на интимни слики како родово базирано насилство, додека другата, преку автентично толкување, го класифицира како компјутерски криминал. Заедно, тие поддржуваат робустна криминализација, прекугранична соработка и заштита на жртвите. Сепак, може да се појават недоследности, бидејќи Конвенцијата за компјутерски криминал е технолошки ориентирана и може да ја занемари родовата динамика на злоупотребата, а на Истанбулската конвенција ѝ недостасуваат детални процедурални правила за гонење на компјутерскиот криминал. Хармонизираната имплементација останува нееднаква кај земјите членки на Советот на Европа.[15]

5. ЈУРИСПРУДЕНЦИЈАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА: ПРАВО НА ПРИВАТНОСТ, ПОЗИТИВНИ ОБВРСКИ И СУДСКА ПРАКТИКА

ЕСПЧ во својата судска практика го препознава неконсензуалното споделување на интимни слики како повреда на правото на приватност, од членот 8 од ЕКЧП, и мешање во приватниот и семејниот живот. Имено, тој ја препознава сериозната повреда врз приватноста што ја има овој феномен, како и психолошката штета. Во таа насока, за државите се наметнуваат позитивни обврски – спроведување на ефикасни истраги и преземање на разумни чекори за да се спречи реален и непосреден ризик по приватниот живот. Затоа, Судот утврдил процедурални прекршувања кога властите нема да ја спроведат истрагата навремено или нема да преземат мерки што можат да спречат зголемување на штетата (како што се неотстранување на хостиран материјал, незачувување на докази или непреземање на гонење кога законот го дозволува).

Кога домашното законодавство не криминализира одредена форма на неконсензуално споделување на интимни слики или не постојат граѓански постапки за нивно брзо отстранување од онлајн просторот, жртвите трпат континуирана виктимизација, при што на Судот е да утврди дали во ваквите случаи домашниот правен поредок обезбедил ефикасна и достапна заштита не само во теорија, туку и во практика и дали постојат празнини или системската неактивност кои можат да доведат до повреда на членот 8.

15 GREVIO, 'General Report 2023', Council of Europe.

Во судската практика на ЕСЧП постојат повеќе пресуди кои се однесуваат на ова:

- Во случајот ***Volodina v. Russia (2019)***[16] жртвата пријавила дека по разделбата, поранешниот партнер ја малтретирал со физички напади, закани, поставување GPS-следач, креирање лажни профили и објавување нејзини интимни фотографии - без согласност. Таа поднела апликација до ЕСЧП поради непроактивен одговор и неефикасна истрага од страна на властите. Судот утврдил дека постои повреда на членот 8 од ЕКЧП, во смисла дека државите имаат позитивна обврска да ги заштитат жртвите од онлајн и технолошки фацилитирано насилство, како и обврска за обезбедување на електронските докази. Според мислењето на Судот, „одмаздничката порнографија" претставува сериозна закана за физичкиот и психолошкиот интегритет на жртвата.
- Во случајот ***Volodina v. Russia (No. 2) (2021)***[17], кој претставува продолжение на погоре наведениот случај, со истите облици на онлајн насилство (објавување интимни слики, лажни профили, закани), ЕСЧП повторно утврдил дека постои повреда на членот 8 од ЕКЧП. Имено, државата повторно не презела ефикасни мерки, со тоа што во овој случај Судот ја нагласил родовата димензија на онлајн насилството и обврската на државата да воспостави законодавен и оперативен механизам за справување со технолошки фацилитирано родово базирано насилство.
- Во случајот ***M.Ș.D. v. Romania (2024)***[18] поранешниот партнер на жртвата, без нејзина согласност објавил интимни слики на социјалните мрежи и ги споделил со семејството и најблиските, при што полицијата ги третирала пријавите од страна на жртвата неадекватно, барајќи таа да ги достави сликите, а имало и застој во самата истрага. Во конкретниот случај, ЕСЧП утврдил дека постои повреда на членот 8 од ЕКЧП, во смисла на неадекватна истрага и необезбедување мерки на заштита од страна на државата за време на настанот.

Судската практика на ЕСЧП за неконсензуалното споделување на интимни слики сè уште се развива. Иако Судот постојано ја признава сериозноста на штетните последици по приватноста и позитивните обврски за дејствување, исходите варираат во зависност од содржината на домашното право, истражната внимателност и анализите на пропорционалноста.

6. ПРАВНИ ПРАЗНИНИ И ПРЕДИЗВИЦИ

Од горенаведеното во корелација со судската практика, може да се заклучи дека во однос на неконсензуалното споделување на интимни слики постојат правни празнини и пречки што се повторуваат. Такви се: суштинските празнини во криминализацијата на неконсензуалното споделување на интимни слики, процедуралните и истражни слабости, (не)одговорност на платформите за отстранување на содржината и родови димензии на непријавување.

Имено, многу држави се уште немаат инкриминирано експлицитни кривични дела за неконсензуално споделување на интимни слики за возрасни, нема обука, технички алатки и волја за обезбедување и зачувување на електронските докази, а дури и кога постојат домашни правни лекови за жртвите, се јавува проблемот на јурисдикција во однос на отстранувањето на содржината од онлајн платформите.

16 Volodina v. Russia, App.no.41261/17 (ECHR 4 November 2019).

17 Volodina v. Russia (No. 2), App.no.40419/19 (ECHR 14 December 2021).

18 M.Ș.D. v. Romania, App.no.28935/21 (ECHR 3 March 2025).

7. ПРЕПОРАКИ

За да се пополнат празнините и да се обезбеди ефикасна заштита за жртвите на неконсензуално споделување на интимни слики, државите треба да усвојат јасни домашни одредби кои ќе се фокусираат на недостатокот на согласност на жртвата, намера за предизвикување на штетни последици и кои ќе вклучуваат квалификаторни форми.

Зајакнувањето на оперативната соработка меѓу единиците за борба против компјутерскиот криминал е од клучно значење, како и обезбедувањето на обука за обезбедување и обработка на електронски докази, воведувањето на ефикасни граѓански правни лекови и административни канали за експедитивно отстранување на интимни слики од платформите, во комбинација со кривични истраги каде што е соодветно.

ЗАКЛУЧОК

Неконсензуалното ширење на интимни слики е повеќеслојна појава што ги опфаќа приватноста, сексуалното насилство, заштитата на податоците и компјутерскиот криминал. Истанбулската конвенција нуди нормативна и родово сензитивна рамка фокусирана на жртвата и помага овој феномен да се дефинира како форма на насилство што бара превенција, заштита и гонење, додека, пак, Конвенцијата за компјутерски криминал ги обезбедува прекугранични процедурални алатки потребни за истражување на кривични дела овозможени или сторени преку компјутерски систем. Ниту еден инструмент сам по себе не е доволен - Истанбулската конвенција повикува на суштинска заштита и позитивни обврски, а Конвенцијата за компјутерски криминал ги зајакнува истражните капацитети. Обете мора да се пренесат на домашно ниво со воведување на соодветни кривични дела, технички ресурси и услуги за жртвите.

Судската практика на ЕСЧП во однос на членот 8 потврдува дека државите мора да обезбедат ефикасна заштита во практика, а неуспехот да се истражат овие дела или недостатокот на соодветни правни лекови може да доведе до кршење на човековите права. Во таа насока, од круцијално значење за заштита на основните права во дигиталната ера е постигнување на конзистентна заштита која бара хармонизирани суштински закони што го криминализираат неконсензуалното споделување на интимни слики, робустна прекугранична истражна соработка, отчетност на платформите, зголемување на дигиталната писменост и фокусираност на жртвата, сите имплементирани во согласност со стандардите на Истанбулската конвенција и поддржани од алатките за техничка и меѓународна соработка на Конвенцијата за компјутерски криминал.

(Авторката е магистер по право, советник во Основното јавно обвинителство Скопје)

ВЛИЈАНИЕТО НА ПРЕДЛОГ - ИЗМЕНИТЕ НА ДИРЕКТИВАТА 2012/29/ЕУ ВРЗ ПОЛОЖБАТА НА ЖРТВАТА ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА, НИЗ ПРИЗМАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Легислативната рамка во државите на ЕУ претендира да биде иницијалната каписла за остварување на правата на жртвата во кривичната постапка. За да се нагласат остварените права на жртвата, неопходни се неколку клучни предуслови: фондови, недискриминација, заштита од одмазда, служби за услуги на жртвата, посебна заштита за децата. За да се исполнат клучните предуслови, важно е да зајакнува и да се развива меѓуграничната соработка, да се негува заемната доверба во правосудните системи и достапноста на правдата

ВАСКО РУБАНОСКИ

АПСТРАКТ

Правата, поддршката и заштитата на жртвите на кривични дела се вградени во основата на Директивата за воспоставување минимални стандарди за правата и заштитата на жртвите на кривични дела, од 2012 година.[1] Со цел да се прецизираат рамковните основи од аспект на навремено и правилно транспонирање на Директивата, во декември 2013 година, Европската комисија објави документ во формат на упатство за нејзино транспонирање. За да се инкорпорираат новите измени како појдовни решенија во документот, претходно следеше фазата на евалуација на ефектите од примената на Директивата од јуни 2012 година. Процесот на евалуација опфаќа стручна процена на квалитетот на документот на Европската Унија како најважен правен акт со цел да се воочат добрите практики како и да се препознаат предизвиците во нејзината имплементација. За таа цел во јули 2023 година, Европската комисија, предложи измени на постојната Директива.

Клучни зборови: ЕУ - право, жртви, кривични дела, правна заштита, Европска комисија, човекови права

ВОВЕД

Рамковната одлука 2001/220/ПВД беше првиот документ со кој се регулираат правата на жртвите на ниво на ЕУ, но нејзината имплементација беше ограничена поради правната природа и недоволните механизми за спроведување. Директивата 2012/29/ЕУ[2] претставува напредок во однос на претходната рамка, со јасни обврски за државите членки и поголеми механизми за заштита на жртвите. Проблематиката за заштита на жртвите во кривичната постапка претставува фундаментален аспект на современите политики за човекови права. Фокусот на кривичното право беше насочен кон казнување на сторителот, додека жртвата имаше маргинализирана улога.

Со усвојување на Директивата од 2012 година се воспоставија нови стандарди, кои ја јакнат улогата на жртвата, овозможувајќи пристап до информации, правна поддршка и социјални услуги. Директивата обезбедува системски пристап, синхронизирајќи ги политиките на земјите членки.

Во неа, како најважен аспект претставува спречувањето на секундарната виктимизација која се јавува кога жртвата повторно доживува психолошка траума преку институционалниот систем.[3] Директивата бара чувствителен пристап во испрашувањето, избегнување директен контакт со сторителот и употреба на специјализирани простории.[4]

1. ЕВАЛУАЦИЈА НА СТЕПЕНОТ НА ТРАНСПОНИРАЊЕ НА ДИРЕКТИВАТА ЗА ПРАВАТА НА ЖРТВИТЕ

Директивата за правата на жртвите е суштински правен инструмент на ниво на ЕУ, во кој се имплементирани правата на сите жртви во кривичното дело. Суштината на правниот документ – Директива, значи не само утврдување на правата и поддршката на жртвата, туку и преземање соодветни обврски од страна на сите држави членки.

1 Directive 2012/29/EU of the European Parliament and of the Council of 25 October 2012 establishing minimum standards on the rights, support and protection of victims of crime and replacing Council Framework Decision 2001/220/JHA.

2 European Parliament and Council. (2012). Directive 2012/29/EU establishing minimum standards on the rights, support and protection of victims of crime.

3 Viano, E. C (2005). Secondary victimization of crime victims: An overview. Victims & Offenders, (1), 95-118.

4 European Parliament and Council. (2012). Directive 2012/29/EU establishing minimum standards on the rights, support and protection of victims of crime. Official Journal of the European Union, L 315, 57-73.

Во јуни 2022 година, Европската комисија спроведе процес на евалуација за Директивата број 29 од 2012 година.[5] Целта беше да се овозможи процена на релевантноста, ефективноста, ефикасноста и применливоста на Директивата за правата на жртвите во периодот од 15 ноември 2012 до октомври 2021 година. Тогаш се направила научна студија за имплементацијата на Директивата во квалитативна и квантитативна насока.

Во рамките на евалуацијата фокусот бил насочен кон четири појдовни основи:

- Право на жртвите за пристап до релевантни информации,
- Право на жртвите за пристап до услуги за поддршка,
- Право на жртвите за пристап до правдата,
- Право на жртвите за заштита,

Овие насоки се интерпретирале како поединечни целини, а потоа и како вкрстени референци со цел да се добијат најрелевантни информации.

Процесот на евалуација бил сублимиран по пат на повеќе заклучоци од аспект на индикаторите според кои се оценува применливоста во практика.

1. *Индикаторот на ефективноста* укажува дека Директивата има генерално позитивно влијание од аспект на правото на информации, пристапот до услугите, пристапот до правдата, поддршката на жртвите и мерките за заштита и обезбедување професионална обука.

2. *Индикаторот на релевантноста* е дефиниран како релевантен и соодветен, но со важни пропораки:
   - од кој момент жртвите се стекнуваат со право на остварување лични права;
   - дали пред формалната идентификација како жртви, може да остварат некое право;
   - дали процесот на идентификација е едноставен или, пак, се базира на формални процедури кои го отежнуваат брзото постапување.

3. *Индикаторот на разликата* меѓу деца и возрасни укажува на фактот дека самата Директива не го решава периодот на транзиција на жртвите од детството кон зрелоста.

4. *Индикаторот ИТ* покажува напредок во контекст на дигиталниот простор и ИТ ресурсите.

5. *Индикаторот ефикасност* не е класифициран како унифициран модел за државите на ЕУ, од аспект на националните закони, практиките, трошоците и достапниот простор. Овој индикатор клучно ги нотира специфичните одредби на Директивата:
   - Достапноста на парцијални податоци и статистички показатели;
   - Фрагментирани податоци за ресурсите на услугите за поддршка;
   - Различно буџетирање во држави членки;
   - Недоволно финансирање на системот кога се работи за заштита на жртвите.

6. *Индикаторот за внатрешна кохерентност* укажува на недостигот на јасен правен концепт за статусот на жртвата во кривичната постапка.

7. *Индикаторот за надворешната кохерентност*, пак, утврдил поголеми недоследности меѓу Директивата и националното законодавство поради непрецизираната рамка. И покрај нотираните пропусти преку индикаторите, сепак, процесот на евалуација утврдил јасна рамка за обезбедување функционални предуслови за успешна имплементација на Директивата. Во тој контекст, најважна е законската рамка и капацитетите како што се расположливите ресурси и финансиските средства. Деталните анализи утврдиле и пропусти во меѓусекторска-

5 Evaluation of Directive 2012/29/EU of the European Parliament and of the Council of 25 October 2012 establishing minimum standards on the rights, support and protection of victims of crime and replacing Council Framework Decision 2001/220/JHA, Commission Staff Working Document, SWD (2022) 180 final.

та рамка, акцентирајќи го недостигот на соработка меѓу државните органи и самите држави членки. Европската комисија, како стручно тело, дава препорака до државите-членки за назначување на еден акциски координатор, одговорен за мониторинг на податоците во имплементација на моделите од Директивата. Во таа насока потребно е секоја држава-членка да воспостави безбедни канали за известување за да им помогне на жртвите да го надминат стравот од пријавување на кривични дела.

2. ОЦЕНА НА ПОТРЕБАТА ЗА РЕВИЗИЈА НА ДИРЕКТИВАТА ЗА ПРАВАТА НА ЖРТВИТЕ

Директивата за правата на жртвите претставува еден од фундаменталните документи на ЕУ. Конкретната Директива за правата на жртвите од 2012 година, е клучен момент во создавањето на поголема безбедност, слобода и правда, од аспект на заштитата на жртвите во кривичната постапка.

Кога станува збор за правата на жртвата, поголем број документи се инкорпорирани во самата Директива:

Документи кои се од важност за сите жртви на кривични дела:

- ✓ Директивата на советот 2004/80/ЕЗ од 29 април 2004 година во врска со компензација на жртвите на криминал OJ L 261, 6.8 од 2004;[6]
- ✓ Директивата 2011/99/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 13 декември 2011 година на европскиот налог за заштита;[7]
- ✓ Регулативата (ЕУ) 606/2013 на Европскиот парламент и на Советот од 12 јуни 2013 година за заемно признавање на мерките за заштита во граѓански прашања;[8]
- ✓ Секторски документи кои регулираат права на одделни видови жртви:
- ✓ Директивата 2011/36/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 5 април 2011 година за спречување и борба против трговија со луѓе и заштита на нејзините жртви;[9]
- ✓ Директивата 2011/93/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 13 декември 2011 година за борба против сексуална злоупотреба и сексуална експлоатација на деца и детска порнографија;[10]
- ✓ Директивата (ЕУ) 2017/541 на Европскиот парламент и на Советот од 15 март 2017 година за борба против тероризмот;[11]
- ✓ Директивата за борба против измама и фалсификување безготовински платежни средства.[12]

---

6 Council Directive 2004/80/EC relating to compensation to crime victims, OJ L 261, 06.08.2004, p.15-18.

7 Directive 2011/99/EU of the European Parliament and of the Council on the European protection order.

8 Regulation (EU) No.606/2013 of the European Parliament and of the Council of 12 June 2013 on mutual recognition of protection measures in civil matters (OJ L181, 29.06.2013, P.4).

9 Directive 2011/36/EU of the European Parliament and of the Council of 5 April 2011 on preventing and combating trafficking in human beings and protecting its victims and replacing Council Framework Decision 2002/629/JHA (OJ L101, 15.04.2011, P.1).

10 Directive 2011/93/EU of the European Parliament and of the Council of 13 December 2011 on combating the sexual abuse and sexual exploitation of children and child pornography and replacing Council Framework Decision 2004/68/JHA (OJ L 335, 17.12.2011, P.1).

11 Directive (EU) 2017/541 of the European Parliament and of the Council of 15 March 2017 on combating terrorism and replacing Council Framework Decision 2002/475/JHA and amending Council Decision 2005/671/JHA. OJ.

12 The Directive on combating fraud and counterfeiting of non-cash means of payment, Directive 2019/713 (OJ L123, 10.05.2019, P.18).

Имајќи ја предвид важноста за заштита на жртвата, ЕУ изготвува Директива за спречување насилство врз жените и семејното насилство.[13] Во Директивата бр.36, од 2018 година, се предлагаат нови измени во однос на жртвите на трговија со луѓе.

Во рамките на ваквите динамични процеси, со цел да се подигнат стандардите за заштита на правата на жртвите, се иницира нова ревизија на Директивата за правата на жртвите. Пред да се пристапи кон процесот на евалуација од декември 2020 година, Европската комисија објавила Евалуационен патоказ (Evaluation roadmap). Во текот на самиот процес на евалуација и проценатa на влијанието на Директивата за правата на жртвите, Комисијата консултирала компетентни и стручни тела. Како дел од проценатa на влијанието на ревизијата врз законодавството за правата на жртвите, Комисијата за евалуација ги презела следните активности:

- Повик за доставување податоци (примени биле 53 одговори);
- Спроведена јавна консултација, (добиени биле 72 одговори);
- Спроведени целни консултации со експерти од државите-членки и Платформата за правата на жртвите и група експерти за кривично право;
- Била спроведена широка консултација за процена на влијанието на трошоците и придобивките од политичките опции

Факт е дека директивата за правата на жртвите ги остварила очекуваните резултати и имала позитивно влијание врз правата на жртвите, но конкретно, некои суштински предизвици го дефинираат заклучокот дека потребна е нова конечна ревизија на Директивата.[14]

При сеопфатната анализа идентификувани се пет суштински проблеми кон кои треба да се фокусира измената на Директивата:[15]

1. Жртвите не ги добиваат очекуваните информации за нивните права, а понекогаш тие се нецелосни, така што нивното право е многу отежнато;
2. Ранливите категории жртви (малолетници, постари лица, лица со попреченост, жртви на криминал од омраза и жртви во притвор), немаат право на ефективни заштитни мерки, како што се наредбите за заштита;
3. Ранливите жртви не може да добијат ниту специјалистичка поддршка, продолжен психолошки третман, а децата жртви се жртви на неефикасна меѓуинституционална соработка;
4. Учеството на жртвите во кривична постапка е отежнато поради недостиг на правни совети и разлики во правилата за статусот на жртвите во кривичните постапки;
5. Жртвите се соочуваат и со проблем од недостиг на државна поддршка при извршување на наречаната компензација од сторителот, што доведува до ризик од секундарна виктимизација.

Вака проектираните секојдневни предизвици, отвораат широк фронт за поенергичен пристап кон ревизија на Директивата. Посебен акцент се става на ефикасното препознавање на пресудите и судските одлуки во кривичната материја, високото ниво на безбедност, правдата фокусирана кон жртвите кои се препознаваат и ги бараат нивните права. Специфичните цели се дефинирани кон подобрување во пристапот на жртвите до информации, усогласување на мерките за заштита со потребите на жртвите од безбедносен аспект за ранливите жртви, подобрен пристап до специјалистичка поддршка за ранливите жртви, поефикасно учество во кривичната постапка за жртвите и олеснет пристап до компензација од сторителот во сите случаи, национални или прекугранични.

13 Proposal for a Directive on combating violence against women and domestic violence (The VAW proposal), COM (2022) 205 final, 08.03.2022.

14 Proposal for a Directive of the European Parliament and of the Council amending Directive 2012/29/EU establishing minimum on the rights, support and protection of victims of crime and replacing Council Framework Decision 2001/220/JHA, Brussels, 12.07.2023, COM (2023) 424 final 2023/0250 (COD).

15 Proposal for amending Directive 2012/29/EU, p.2.

3. КОНКРЕТНИ ПРЕДЛОЖЕНИ ИЗМЕНИ НА ДИРЕКТИВАТА ЗА ПРАВАТА НА ЖРТВАТА

Предложената ревизија содржи повеќе измени во член 3-а, член 5-а, член 9-а, член 10-а, член 26-а, член 26-б, член 26-в, член 26-г, член 27-а.[16]

- Членот 3-а ги детектира линиите за помош на жртвите (victims helpline). Целта е воспоставување достапни, прифатливи, бесплатни и доверливи линии за помош на жртвите. Во потточките на членот 3 се нудат емоционална поддршка, специјализирани услуги, достапност на услугите на други јазици и воспоставување ресорска и меѓуресорска контрола;
- Членот 5-а става акцент на пријавувањето на кривичното дело до надлежните органи преку достапни кориснички информации и социјални платформи. Жртвите се охрабруваат да го пријават кривичното дело до надлежните органи. Се води сметка и за организирање сместувачки капацитети за барателите и корисниците на меѓународна заштита;
- Членот 9-а ги таргетира интегрираните услуги за поддршка на децата со цел да им се обезбеди на малолетниците соодветна поддршка и сеопфатна заштита за потребите на деца-та-жртви. На тој начин се обезбедува координиран мултисекторски механизам кој ги опфаќа следните услуги:
- обезбедување конкретни информации,
- комплетен медицински преглед,
- емоционална и психолошка поддршка,
- пријавување на кривично дело и видеоснимање, сведочења според чл.24 ст.1
- Член 10-а ги обврзува државите-членки да обезбедат неопходни мерки за воспоставување помош во судски простории и прибавување објективни информации и емоционална поддршка на жртвите. Државите-членки треба да бидат информирани за одлуките донесени во судските постапки.
- Членот 26 ги нагласува протоколите преку националната координација и соработка. Државите-членки воспоставуваат и имплементираат специфични протоколи, кои се подготвуваат во координација со органите за спроведување на законот, органите на прогон, судиите, органите за притвор, службите за ресторативна правда, кога жртвите се во притвор, вклучително и затвор, во ќелии за чување осомничени и обвинети, специјализирани установи за притвор, за барателите на меѓународна заштита. Државите-членки ги преземаат неопходните законодавни мерки за да овозможат собирање и споделување.
- Членот 26-б е фокусиран на користење електронски средства на комуникација. Жртвите на кривично дело нема да бидат спречени да пристапат кон користење на националните системи кои нудат електронски средства за мас-комуникација. Имајќи ја предвид суптилната природа на членот 26-б, државите-членки дозволуваат употреба на означени шеми за електронска идентификација, квалификувани електронски потписи и квалификувани електронски печати, како што е предвидено во Регулативата (ЕУ) бр.910/2014 на Европскиот парламент.
- Членот 26-г ги интерпретира правните лекови според националното законодавство во случај на прекршување на нивните права според оваа директива.
- Членот 27-а ги конкретизира обврските во однос на жртвите на насилство врз жените и семејното насилство.

Вака предложените измени на Директивата од 2012/29/ЕУ, од јули 2023 година, сè уште не се донесени до овој момент. Тие се предмет на усогласување меѓу Европскиот парламент и Советот на ЕУ како законодавци.

16 European Commission, Proposal for a Directive of the European Parliament and of the Council amending Directive 2012/29/EU establishing minimum standards on the rights, support and protection of victims of crime (COM 2023) 424 final.

4. ОДРЕДБИ ЗА ПРАВАТА НА ЖРТВИТЕ ВО ПОСТАПКАТА СПОРЕД НАЦИОНАЛНОТО ПРАВО НА РС МАКЕДОНИЈА, ВО КОНТЕКСТ НА ДИРЕКТИВАТА ЗА ПРАВАТА НА ЖРТВИТЕ

- ✓ Закон за кривична постапка[17] - го гарантира правото на жртвата на информации, правото на жртвата на учество во постапката, заштита на личните податоци и приватноста, а предвидени се и мерки за заштита од секундарна виктимизација.
- ✓ Закон за бесплатна правна помош[18] - пристап до бесплатна правна помош за жртвите, особено за ранливите категории.
- ✓ Закон за заштита на сведоци[19] - обезбедува физичка и психолошка заштита на жртвите кои сведочат во случаи на сериозни кривични дела.
- ✓ Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство[20] - обезбедува специјализирана поддршка (психо-социјални услуги, засолништа, советувалишта...).

5. КОРЕЛАЦИЈА МЕЃУ ДИРЕКТИВАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖРТВАТА, 2012/29/ЕУ, И ПРАКСАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Случаи ***Opuz v. Turkey (2009)***[21] и ***Eremia v. Moldova (2013).*** [22] Во овие две пресуди Судот утврдил дискриминација по основ на пол и неефикасна заштита, така што без институционално почитување, нема ефективна примена на членот 3 - „Право на почитување и признавање на жртвите“. Затоа, државите мора да осигурат пристојно, недискриминаторско и хумано постапување кон жртвите, Исто така, во случајот ***Opuz v. Turkey***, Судот констатирал дека недостигот на разбирање и институционална култура во полицијата и обвинителството бил системски проблем, бидејќи полициските службеници, обвинителите и судиите треба да бидат обучени за пристап кон жртви, дотолку повеќе што жртвите со посебни потреби треба да добијат посебна грижа и заштита.

Mudric v. Moldova (2013)[23] и ***T.M and C.M v. Moldova (2014)***[24] : Судот утврдил дека властите не ја информирале жртвата за достапните мерки. Тој недостаток на информации резултирал со повреда на член 4 - „Право на информации од прв контакт со надлежни органи“, бидејќи жртвата мора веднаш да добие информации за своите права, можности за поддршка и соодветни мерки на заштита. Судот, исто така, укажува дека државите не направиле навремена и реална процена на ризикот, што довело до повторени акти на насилство, нагласува дека институциите мора да спречат повторна траума на жртвата при контакт со сторителот.

17 Закон за кривична постапка „Службен весник на РМ“, бр.150/2010.

18 Закон за бесплатна правна помош „Службен весник на РСМ“, бр.101/2019.

19 Закон за заштита на сведоци „Службен весник на РМ“, бр.38/2005.

20 Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство „Службен весник на РСМ“, бр.153/2021.

21 Opuz v. Turkey, no.33401/02 (ECHR [GC] 9 June 2009).

22 Eremia and Others v. Republic of Moldova, no.3564/11, (ECHR 28 May 2013).

23 Mudric v. Republic of Moldova, no.74839/10 (ECHR 16 July 2013).

24 T.M and C.M v. Republic of Moldova, no.26608/11 (ECHR 28 January 2014).

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Анализирајќи го извештајот за Евалуација на Грета[25] за РС Македонија, ја акцентира потребата за подобрување на заштитните мерки од аспект на приватноста на заштитните мерки на жртвите, нагласувајќи дека судовите треба да обезбедат целосна анонимизација на пресудите и систематски да ги информираат жртвите за пресудите и правото на жалба. Ова претставува клучен елемент во правото на процесот на виктимизацијата и правото на заштита. Притоа, важен е моментот жртвите да станат свесни дека имаат пристап до бесплатна правна помош од најраните фази во постапката. Жртвите треба да бидат соодветно информирани за нивните права, да бараат обесштетување и обезбедување ефективно правно застапување.

Во контекст на безбедноста, во Извештајот стои дека надлежните органи треба да ги зајакнат меките за заштита на жртвите, да се погрижат судењата да бидат од затворен тип за јавноста и да се ограничи бројот на сведочења што жртвите треба да ги дадат. Дополнително, се препорачува користење на специјализирани простории за интервјуирање и обезбедување услови за сведочење без директен контакт. Институциите треба да ги применуваат мерките за конфискација на имот, за да обезбедат финансиски средства за обештетување на жртвите.

Анализата на судската практика 2022/2023 година во РС Македонија, содржи интегрален преглед на положбата и правата на жртвите во кривичната постапка. Според перцепцијата со државите на ЕУ, Македонија се наоѓа во долгогодишен процес на измени во материјалното и процесното казнено законодавство, како и законодавството што го регулира постапувањето во рамките на облиците на меѓународна соработка во кривичната материја.

Легислативната рамка во државите на ЕУ претендира да биде иницијалната каписла за остварување на правата на жртвата во кривичната постапка. За да се нагласат остварените права на жртвата, неопходни се неколку клучни предуслови: фондови, недискриминација, заштита од одмазда, служби за услуги на жртвата, посебна заштита за децата. За да се исполнат клучните предуслови, важно е да зајакнува и да се развива меѓуграничната соработка, да се негува заемната доверба во правосудните системи и достапноста на правдата. Посочените аспекти бараат повисок степен на усогласеност, како важен предуслов за остварување на нивните права. Во рамките на ЕУ на годишно ниво има се повеќе жртви, па оттука сите наведени аспекти добиваат мултиплицирано значење, а тоа значи највисок степен на институционална и меѓугранична соработка.

(Авторот е магистер од областа на кривичното и финансиското право при Правен факултет „Јустинијан Први"- Скопје, а вработен е во Основен суд Охрид)

25 *https://rm.coe.int/greta-evaluation-report-on-north-macedonia-third-evaluation-round/1680aaa573.*

АНТИКОРУПЦИСКИТЕ АСПЕКТИ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ПАКТ ЗА ПРАВОТО НА РАЗВОЈ

Овој текст воспоставува силни доктринарни и политички врски, поткрепени од правната наука и резолуциите на ООН, кои ја преформулираат корупцијата како директна пречка за остварување на човековите права. Вистинската иновација лежи во начинот на кој Нацрт-Меѓународниот пакт ја операционализира оваа врска. Со експлицитно интегрирање на антикорупциските мандати, како што се оние во член 19, кои бараат интегритет и одговорност, и должностите за меѓународна соработка за враќање на средства наведени во член 13, Пактот ја трансформира борбата против корупцијата. Ја издигнува од прашање на домашна политика во обврзувачка компонента на меѓународните обврски за човекови права

НИКОЛА ДОНЕВ

АПСТРАКТ

Пристапот базиран на човекови права, центриран на „правото на развој“, обезбедува поцврста рамка против корупцијата од традиционалното кривично право. Тврди дека овој пристап е операционализиран со Меѓународниот пакт за правото на развој од 2023 година, кој ја преформулира корупцијата како директна закана за човековите права. Трудот истакнува како Меѓународниот пакт за правото на развој интегрира специфични мандати преку одредби, како што се член 19 и член 13. Овој инструмент ја трансформира борбата против корупцијата од прашање на домашна политика, во обврзувачка компонента на меѓународните обврски за човекови права, со што се проширува правната архитектура достапна за државите.

Клучни зборови: право на развој; корупција; човекови права и меѓународна соработка.

ВОВЕД

Корупцијата е широко признаена како значајна пречка за општествениот напредок, бидејќи ги поткопува институциите и го загрозува владеењето на правото. Иако традиционално се справува, првенствено преку кривичното право и мерките за транспарентност, поекспанзивната парадигма добива на сила: пристапот базиран на човекови права.[1] На оваа линија пристапот базиран на човекови права кон борбата против корупцијата им овозможува на државите да преземат поширок и посеопфатен спектар на правни инструменти за справување со ова прашање во контекст на развојот. Со поместување надвор од чисто кривичната рамка, оваа перспектива ја преформулира корупцијата како директна пречка за фундаменталното „право на развој“ - право прогресивно кодифицирано од Обединетите нации.

Оваа анализа прво ќе го дефинира правото на развој, потпирајќи се на клучните декларации на ОН и неодамнешниот меѓународен пакт. Потоа ќе ги истражи доктринарните и практичните правни прашања во однос на корупцијата како закана за човековите права, испитувајќи ги резолуциите на ОН и правната наука. Конечно, текстот ќе покаже како новите инструменти, особено Меѓународниот пакт, експлицитно ги интегрираат мерките против корупцијата (вклучувајќи ја меѓународната соработка и враќањето на средствата) како основни компоненти за исполнување на правото на развој, со што ќе ја прошират правната архитектура достапна за државите.

1. ПРАВОТО НА РАЗВОЈ

Развојот е присутен низ целиот мандат на Обединетите нации.[2] Најзначајно е тоа што Генералното собрание на Обединетите нации ја усвои Декларација за правото на развој од 1986 година,[3] во која правото на развој се дефинира како „неотуѓиво човеково право врз основа на кое секое човечко суштество и сите народи имаат право да учествуваат, да придонесуваат и да уживаат во економски, социјален, културен и политички развој, во кој сите човекови права и основни слободи можат целосно да се реализираат. Човековото право на развој, исто така, подразбира целосно остварување на правото на народите на самоопределување, што вклучува, во согласност со релевантните одредби од двата меѓународни пакта за човекови права, остварување на нивното неотуѓиво право на целосен суверенитет над целото нивно природно богатство и ресурси.“[4] По-

1 James Gathii, ‘Defining the Relationship between Human Rights and Corruption’ (2009) 31 University of Pennsylvania Journal of International Law 125.

2 Desierto Diane, Codifying the Right to Development in International Law. In Focarelli Carlo (ed), Human Society and International Law: Reflections on the Present and Future of International Law (Wolters Kluwer 2023) 83

3 ‘Declaration on the Right to Development’ (OHCHR) <*https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/declaration-right-development*> accessed 25 October 2025.

4 ibid.

доцна, Комисијата на Обединетите нации за човекови права, исто така, ја усвои Резолуцијата 2000/5, во која даде дополнителна разработка на правото на развој.[5]

Во Резолуцијата, Комисијата се фокусира на контекстуализирање на правото на развој и неговите неопходни услови за меѓународна соработка, демократија, транспарентно и одговорно управување и администрација, мир и стабилност, искоренување на сиромаштијата, нееднаквост меѓу развиените и земјите во развој и широко учество на луѓето во меѓународното економско донесување одлуки.[6] Низ годините, државната пракса и Работната група за правото на развој придонесоа за развојот на ова право. Најновиот и последователен развој беше во 2023 година. На 54-тата редовна седница на Советот за човекови права беше усвоен A/HRC/RES/54/18, кој го содржи Нацрт-меѓународниот пакт за правото на развој.[7] Ова претставува голем чекор во кодификацијата на обврзувачки меѓународен договор за развој.

Дефиницијата за правото на развој е кодифицирана во член 4:

1. *„Секој поединец и сите народи имаат неотуѓиво право на развој, врз основа на кое имаат право да учествуваат, да придонесуваат и да уживаат во граѓанскиот, културниот, економскиот, еколошкиот, политичкиот и социјалниот развој, кој е неделив од и меѓузависен и поврзан со сите други човекови права и основни слободи.*

2. *Секој поединец и сите народи имаат право на активно, слободно и значајно учество во развојот и во праведната распределба на придобивките што произлегуваат од него.“*[8]

Јазикот на членот го нагласува процесот, за разлика од фокусот кон резултатите, што е присутен во претходните документи, како што е Декларацијата за правото на развој. Понатаму, во следните членови се наведуваат принципите врз кои се темели овој процес на развој. Имено, развој центриран кон поединецот и народот; реализација што ја одразува универзалноста, неотуѓивоста, неделивоста, меѓузависноста и меѓусебната поврзаност на сите човекови права и ги интегрира принципите на еднаквост, недискриминација, интерсекционалност, овластување, учество, транспарентност, отчетност, рамноправност, вклучување, пристапност и супсидијарност; развој базиран на човекови права; пријателски односи и соработка меѓу државите; почитување на правото на самоопределување, одржливост; солидарност; Југ-Југ и триаголна соработка како дополнување на соработката Север-Југ; Право и одговорност на поединците, народите, групите и органите на општеството да ги промовираат и заштитуваат човековите права.

Во следниот дел ќе наведеме како корупцијата, односно коруптивните дејствија ги загрозуваат човековите права.[9]

2. КОРУПЦИЈАТА КАКО ЗАКАНА ЗА РАЗВОЈОТ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Корупцијата, како проблем, често се решава преку кривичното право, законодавството што се однесува на етичките упатства, транспарентноста и пристапот до јавни податоци. Сепак, постои растечки тренд во однос на пристапот кон корупцијата „базиран на човекови права“. Тука мора да одговориме како корупцијата е поврзана со парадигмата на човековите права и како таа се однесува на правото на развој.

Дали коруптивното однесување треба правилно да се концептуализира како повреда на меѓународните човекови права - е главното доктринарно правно прашање. Ан Питерс тврди дека корупцијата „во одредени констелации, може да се концептуализира како повреда на конкретни

5 *Desierto* (n 2)

6 United Nations Commission on Human Rights Res 2000/5 (13 April 2000). E/CN.4/RES/2000/5

7 ‘54th Regular Session of the Human Rights Council: Resolutions, Decisions and President’s Statements’ (*OHCHR*) <***https://www.ohchr.org/en/hr-bodies/hrc/regular-sessions/session54/res-dec-sta***t> accessed 3 November 2025.

8 Human Rights Council. Resolution adopted by the Human Rights Council on 12 October 2023. A/HRC/RES/54/18

9 ibid.

човекови права."[10] Нејзината анализа дава правно разглобување на прашањето дали може да се утврди повреда на човековите права. Прво, можно е да се утврди статус на жртва на лицата погодени од корупција.[11] Второ, корупцијата влијае на признатите права како што се кодифицирани во меѓународното право. Меѓутоа, бидејќи економските и социјалните права се повеќе погодени од корупцијата во пракса, аргументот дека коруптивното однесување ги крши тие права е посилен, наспроти ефектите врз другите права како што е еднаквиот пристап до јавни функции.[12]

Дали има смисла да се зборува за повреда на човековите права? Питерс се осврнува на работата на мултилатералните институции и судови, особено во Африка,[13] и дека би било потребно ситуацијата да се „прогласи за незаконска во индивидуализирани постапки за спроведување".[14] Таа, исто така, се справува со проблемот на причинско-последичната врска при утврдување на повреда на човековите права во однос на коруптивното однесување: „Применети во нашиот напор да ја утврдиме причинско-последичната врска меѓу корумпирано дејствие на државата и законското прекршување (причината всушност), овие термини ја пренесуваат идејата дека коруптивните акти (или пропустите) предизвикуваат повреди на човековите права во правна смисла само ако прекршувањата - како што е правото на храна, домување или образование - се предвидливи и не се премногу оддалечени од корумпираните јавни службеници (или инаку пасивниот апарат на државата). Во некои случаи, овие барања веројатно ќе бидат исполнети."[15] Оваа правна анализа го истакнува потенцијалот на пристапот кон корупцијата базиран на човековите права.

Покрај академската заедница, ООН се занимаваше со прашањето на корупцијата. Во 2003 година, во резолуцијата на Генералното собрание на ООН се изрази загриженост „за сериозноста на проблемите и заканите што ги претставува корупцијата за стабилноста и безбедноста на општествата, поткопувајќи ги институциите и вредностите на демократијата, етичките вредности и правдата и загрозувајќи го одржливиот развој и владеењето на правото".[16] Во Резолуцијата од 2021 година за негативното влијание на корупцијата врз уживањето на човековите права, се признава дека „државата треба да заштити од какво било негативно влијание врз човековите права што произлегува од акти на корупција во кои се вклучени државни и недржавни актери, вклучително и приватниот сектор, преку ефикасни регулаторни и истражни механизми со цел да се повикаат сторителите на одговорност, да се вратат средствата добиени од акти на корупција и да се обезбеди надомест на штета на жртвите, во согласност со одредбите од Конвенцијата на Обединетите нации против корупција, вклучително и Поглавје V". [17]Понатаму, исто така, се признава меѓузависноста меѓу човековите права и напорите за борба против корупцијата:

> *„Признавајќи дека унапредувањето и заштитата на човековите права и спречувањето и борбата против корупцијата меѓусебно се надополнуваат и дека подобрувањата во унапредувањето и заштитата на човековите права на домашно ниво имаат централна улога во спречувањето и борбата против корупцијата на сите нивоа",* [18]
>
> *„Признавајќи, исто така, дека доброто управување, демократијата и владеењето на правото, како и унапредувањето и заштитата на човековите права и основните слободи, вклучувајќи го правото на барање, примање и пренесување информации, правото на учество во водењето на јавните работи и правото на фер судење пред надлежен, независен и непристрасен суд, осно-*

10 Anne Peters, 'Corruption as a Violation of International Human Rights' (2018) 29 European Journal of International Law 1251.

11 ibid.

12 ibid.

13 ibid.

14 ibid.

15 ibid.

16 General Assembly resolution 58/4 of 31 October 2003. A/RES/58/4

17 UN. Human Rights Council (47th sess. : 2021 : Geneva) (ed), *The Negative Impact of Corruption on the Enjoyment of Human Rights: Resolution* (UN 26) <***https://digitallibrary.un.org/record/3938121***> accessed 25 October 2025.

18 ibid.

ван со закон, се од суштинско значење во домашните напори за спречување и борба против корупцијата",[19]

Во контекст на Меѓународниот пакт за правото на развој, оваа врска меѓу остварувањето на правото на развој и корупцијата е воспоставена. Во преамбулата на Пактот, корупцијата е наведена, меѓу другото, како „сериозна пречка за остварување на правото на развој".[20] Овој преамбуларен параграф е операционализиран преку член 19 од пактот:

„Член 19"

Мерки за спречување и борба против корупцијата

Државите членки признаваат дека корупцијата претставува сериозна пречка за остварување на правото на развој. За таа цел, државите членки, во согласност со меѓународното право, поединечно и заеднички:

(а) *Промовирање и зајакнување на мерките за спречување и борба против корупцијата;*

(б) *Промовирање, олеснување и поддршка на меѓународната соработка и техничката помош во спречувањето и борбата против корупцијата, вклучително и во враќањето на средства;*

(в) Промовирање на интегритетот, одговорноста и правилното управување со јавните работи и јавниот имот."[21]

Трите алинеи се дословна репродукција на соодветните потставови во член 1 од Конвенцијата на ОН против корупцијата. Оваа формулација, освен што е меѓународно прифатена, го поврзува Пактот со други меѓународни договори. Во коментарите се забележува дека оваа формулација значи дека текстот на потставките е „доволно сеопфатен за да ги опфати различните димензии и методи на корупција во нивниот опсег".[22]

Друг важен аспект во развојот и борбата против корупцијата е меѓународната соработка. Конвенцијата на Обединетите нации против корупција (UNCAC) во преамбулата го забележува транснационалниот карактер на корупцијата: „Убедени дека корупцијата повеќе не е локално прашање, туку транснационален феномен што влијае врз сите општества и економии, што ја прави меѓународната соработка за нејзино спречување и контрола неопходна."[23] Иако Конвенцијата ја нагласува одговорноста на државите, таа исто така ја истакнува потребата и од вертикална и од хоризонтална соработка: „Имајќи предвид дека спречувањето и искоренувањето на корупцијата е одговорност на сите држави и дека тие мора да соработуваат едни со други, со поддршка и вклучување на поединци и групи надвор од јавниот сектор, како што се граѓанското општество, невладините организации и организациите базирани во заедницата, доколку нивните напори во оваа област треба да бидат ефикасни."[24]

Текстот на Меѓународниот пакт за правото на развој става акцент на меѓународната соработка во исполнувањето на обврските од договорот. Низ целиот текст на Пактот се нагласува дека државите треба да ги реализираат своите обврски „индивидуално и заеднички". Во овој контекст, член 19 забележува дека државите треба да преземат мерки за спречување и борба против корупцијата, индивидуално и заеднички. Дополнително, член 13 став 4 ја наведува должноста за

19 ibid.

20 'A/HRC/54/50: Draft International Covenant on the Right to Development: Report by the Chair-Rapporteur of the Working Group on the Right to Development, Zamir Akram (Pakistan)' (OHCHR) <*https://www.ohchr.org/en/documents/thematic-reports/ahrc5450-draft-international-covenant-right-development-report-chair*> accessed 8 November 2025.

21 ibid.

22 'A/HRC/54/50/Add.1: Draft International Covenant on the Right to Development, with Commentaries - Report by the Chair-Rapporteur of the Working Group on the Right to Development, Zamir Akram (Pakistan)' (OHCHR) <*https://www.ohchr.org/en/documents/thematic-reports/ahrc5450add1-draft-international-covenant-right-development-commentaries*>.

23 'United Nations Convention against Corruption: Resolution Adopted by the General Assembly' (Refworld) <*https://www.refworld.org/legal/resolution/unga/2003/en/19133*>.

24 ibid.

соработка, потврдувајќи дека „државите-страни ја признаваат својата должност да соработуваат за да создадат општествен и меѓународен поредок што придонесува за остварување на правото на развој, меѓу другото, преку: [...] (j) Елиминирање на нелегалните финансиски текови преку борба против даночната евазија и корупцијата, намалување на можностите за избегнување на даноци, подобрување на откривањето и транспарентноста во финансиските и имотните трансакции и во земјите на изворот и во земјите на дестинацијата и зајакнување на враќањето и враќањето на украдените средства;

Пристапот кон корупцијата базиран на човекови права е сè повеќе потврден од правната наука и меѓународното право. Оваа рамка ја воспоставува корупцијата како примарна пречка за човековите права и правото на развој. Следствено, меѓународните инструменти како што се Конвенцијата на ОН против корупцијата и Пактот за правото на развој наложуваат силна меѓународна соработка за борба против транснационалната природа на корупцијата и нејзиното влијание.

ЗАКЛУЧОК

Како заклучок, пристапот базиран на човековите права, заснован на прогресивно кодифицираното „право на развој", нуди моќна и широка рамка за борба против корупцијата. Оваа анализа покажа дека преминувањето надвор од чисто кривичната призма овозможува посеопфатна правна архитектура. Еволуцијата на правото на развој, од неговата декларација во 1986 година до меѓународниот пакт од 2023 година, го зацврсти неговиот статус како ново човеково право.

Овој текст воспоставува силни доктринарни и политички врски, поткрепени од правната наука и резолуциите на ОН, кои ја преформулираат корупцијата како директна пречка за остварување на човековите права. Вистинската иновација лежи во начинот на кој Нацрт-Меѓународниот пакт ја операционализира оваа врска. Со експлицитно интегрирање на антикорупциските мандати, како што се оние во член 19 кои бараат интегритет и одговорност, и должностите за меѓународна соработка за враќање на средства наведени во член 13, Пактот ја трансформира борбата против корупцијата. Ја издигнува од прашање на домашна политика во обврзувачка компонента на меѓународните обврски за човекови права.

Оваа правна парадигма им обезбедува на државите поширок и посилен сет на инструменти, зајакнувајќи ја правната основа за меѓународна соработка и враќање на средствата. На крајот на краиштата, со директно поврзување на борбата против корупцијата со исполнувањето на правото на развој, овој пристап ги центрира целите на човековото достоинство, транспарентноста и одговорноста, обезбедувајќи посеопфатен пат кон одржлив општествен напредок.

(***Авторот е магистер по меѓународно право за човекови права од Правниот факултет Нотр Дам. Додипломски студии од Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје. Магистранд по меѓународно јавно право на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје***)

ДОЛЖНОСТА НА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ОД НЕДРЖАВНИ ПРЕКРШОЦИ

Неразумно е да се тврди дека додека државите се обврзани со меѓународните правни обврски, недржавните вооружени групи се само предмет на морални осуди. По овие забелешки, сè повеќе е евидентна претпоставката дека обврските произлегуваат од извршувањето на владините функции (кога доаѓа до преземање на контрола врз територијата по отфрлање на дотогашната влада), склучените договори или преку повикување на обврските преземени од страна на вооружената група. Сето ова не ја зема предвид евидентната разлика меѓу државите и недржавните вооружени групи

ЈАНА ДОДЕВСКА

АПСТРАКТ

Државите не се единствените ентитети кои се способни негативно да влијаат врз уживањето и остварувањето на човековите права. Едноставни примери ни демонстрираат како недржавните вооружени групи можат да имаат значително влијание врз животите на поединци кои се предмет на нивното влијание, чија заштита нужно мора да биде од меѓународен интерес. За да се постигне универзалната заштита која е во согласност со безусловноста на човековото достоинство и еднаквоста на сите жртви, мора да се разгледаат и дополнително развијат комплементарни и ефективни механизми. Неприфатливо е правото да остане пасивно во однос на сериозните повреди предизвикани од суровите злосторства на недржавните ентитети. За жртвите, идентитетот на прекршителот е помалку важен од осигурувањето на заштита од сите прекршоци.

Накратко, повеќе од потребна е промена и нов пристап. Оваа промена, почнувајќи од државно-центричниот поглед на заштитата на човековите права, сугерира дека можеби ќе треба да се преиспита границата меѓу јавната и приватната сфера, со цел развивање практична теорија за заштита на човековите права која ќе може да се однесува на понижувањата насекаде.

Клучни зборови: недржавни вооружени ентитети, човекови права, човеково достоинство, еднаквост.

ВОВЕД

Човековите права какви што ги познаваме денес имаат релативно кратка историја[1], нивното значење низ времето не секогаш напредувало кон својата крајна цел. Напротив, тоа еволуирало како резултат на бурни настани кои ги означиле изминатите векови. Низ историјата, концептот на човековите права поминал низ процес на многубројни спорови, пред сè оние кои се произлезени од дискусиите во кои главна и последна цел била легализирањето на нешто што е многу примарно и основно како овие права. Ваквите обиди секогаш резултирале со обвинениј дека тие се стремат кон идеализам и непрактичност. Доказ за ова се и религиозните следбеници кои, историски гледано наназад, ги перципирале човековите права низ призмата на сопствените морални и етички рамки[2], додека англиските конзервативисти, кои изворот на овие права од самиот факт да се биде човек, го осудувале како недостојни. Создавањето на концептот на човековите права било крајно причинско-последична врска на „слабоста“ на позицијата на поединецот во однос на семоќната држава. Ваквиот однос го креира класичниот (вертикален) пристап кон човековите права. Сепак, ова го поставува прашањето дали поединецот е подеднакво „немоќен“ како што е кон државата, во релација со другите поединци, односно недржавните ентитети.

Овој пристап ја креира таканаречената хоризонтална перспектива [3], која ,несомнено, се занимава со индивидуи кои во одреден момент и место се предмет на дискриминација. Доколку државата во одреден момент е надвор од својот вообичаен капацитет на доделување постојана заштита на овие права, т.е. постои состојба во која потпаднала на предизвиците поставени од надворешни субјекти, основните права на поединците во таа држава мора да гарантираат поширок спектар на заштита, отколку само потпирајќи се на онаа која ја пружа државниот апарат.

Историскиот преглед на концептот на човековите права не става точка врз него. Преку еден преглед на рамката на меѓународното право, неизбежно е да се заклучи и да се постави прашањето - дали може да постои систем во кој обврските за човековите права можат да бидат поврзани, како со државата, така и со недржавните актери. Она што нè спречува да замислиме

1 Концептот на „човекови права“ за прв пат бил изразен од страна на Ф.Д. Рузвелт во обраќањето до Конгресот на САД на 6 јануари 1941 година.

2 Ruiz Andrés R, ‘Human Rights and Religions: An Overview on a Controversial Relationship’ (2023).

3 J A Hessbruegge, ‘Human Rights Violations Arising from Conduct of Non-State Actors’ (2005) 11 *Buffalo Human Rights Law Review 21.*

едно вакво сценарио е сè уште присутниот традиционален пристап кон овие права чии обврски за нивна заштита се „придушени“ од лимитираниот пристап кон нив. Односно, не помалку важно останува прашањето дали, во модерните услови, должноста на државата не треба да оди подалеку од тоа и дали не треба да постои право на заштита од организирано угнетување, без разлика на неговиот извор.[4]

Можеби човековите права навистина го имаат овој двоен квалитет и не мора да е погрешно мислењето да се предложи поголемо внимание на можноста човековите права да ги имаат потребните квалитети за да дејствуваат како контрола на приватната моќ.[5] Сето ова е евидентирано и во многубројни искази меѓу кои и: „Не можеме да бидеме задоволни со програмата за граѓански слободи која ја нагласува само потребата од заштита од можноста за тиранија од страна на Владата... Проширувањето на граѓанските права денес не значи заштита на луѓето од (против) владата, туку заштита на луѓето од страна на Владата“.[6]

1. ПОТРЕБАТА ОД ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Правната заштита на човековите права во ситуации каде заканите за уживањето на човековите права доаѓаат од недржавни актери, а не директно од државни агенти, има влијание врз начините на кои ги сфаќаме човековите права како целина. За возврат, тоа исто така влијае на фактот - како ја замислуваме и промовираме човековата слобода, човековата безбедност и човековиот развој. „Би било посоодветно да се зборува за човековите права како речник на нашето време, отколку за идејата на нашето време“.[7] Ова ги поставува правците во кои се води дискусијата за (индивидуалните и другите) вредности во меѓународната политика. Мерките кои се преземаат за заштита на човековите права на поединците во околности кои се преокупирани со вооружени организации - потребно е да ги опфатат не само очекуваните права поврзани со операциите на вооружените групи (право на живот, забрана за тортура), туку напротив, потребен е сеопфатен обем на заштитата на овие права, вклучувајќи ги и правото на правично судење, забрана за присилно затворање, право на највисок стандард на здравје и друго. Сето ова нè води до фактот дека недржавните вооружени групи, всушност, имаат значително влијание врз животите на оние кои се под нивна контрола, што води до заклучокот дека заштитата во овие ситуации мора да биде прашање од глобално значење. Но, може да биде предизвик да се спроведе оваа должност директно врз нив.

Обврската за заштита на човековите права бара од државите да преземат законски мерки за заштита на правата на поединците од страна на недржавни актери. Иако ова, генерално, значи да се осигури дека недржавните актери ги почитуваат човековите права, исто така може да биде соодветно да се наметнат таквите обврски на одредени недржавни актери. Сепак, примената на овие мерки на поединци може да биде тешка за остварување, бидејќи тие често немаат капацитет или ресурси за спречување на кршење на човековите права од страна на другите. Дополнително, проширувањето на оваа обврска на поединци може да им даде легитимитет кој би бил преголем за нив, а со можни негативни последици. Затоа, ако недржавните актери се сметаат за одговорни за заштита на човековите права, тоа мора да се направи внимателно, земајќи ги предвид сите можни предности, но и недостатоци.

4 H Lauterpacht, International Law and Human Rights (Stevens & Sons Limited 1950).

5 A Clapham, Human Rights Obligations of Non-State Actors (Oxford University Press 2006) p.58.

6 F R Scott, ‘Dominion Jurisdiction Over Human Rights and Fundamental Freedoms’ (1949) *Canadian Bar Review 27* p.536.

7 R J Vincent (ed), Foreign Policy and Human Rights (1986).

2. ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ОД НЕДРЖАВНИ ВООРУЖЕНИ ГРУПИ ВО СТРАНСТВО

Како клучни случаи при разгледувањето на категоријата на протекција за заштита на човековите права од недржавни вооружени групи во странство, можат да послужат ситуациите на депортација/екстрадиција, каде што едно лице се наоѓа себе си пред закана од насилство кое го извршува недржавен (вооружен) актер, ситуација која може да биде предмет на прекршување на Европската конвенција за човекови права. Ова, пред сè, служи како евиденција на развојот на должноста за заштита од насилство од страна на недржавни актери во странство. Можноста Конвенцијата да ја покрие заштитата од насилството од страна на недржавните вооружени групи, била долго нереализирана, се до предметите донесени пред Европскиот суд за човекови права и Комисијата, а тоа се „Ахмед против Австрија“ и „Х.Л.Р против Франција“. До тој момент, примарниот аспект на грижа било прашањето на соодветноста на третманот кој ќе го испорача државата-прималец во случај на екстрадиција, при што потенцијалното насилство од страна на недржавните вооружени групи не било воопшто ставено како точка на размислување, или, пак, било само предмет на разгледување.

2.1. X V UNITED KINGDOM

Таков е и предметот на „Х против Обединетото Кралство“, во чија одлука бил разгледуван членот 3 од Европската конвенција за човекови права, според кој, протерувањето или екстрадицијата на поединец во земја каде што постојат сериозни причини да се верува дека тој ќе биде подложен на третман спротивен на член 3 од Конвенцијата, поведува проблем според оваа одредба. Дали ова важи и кога опасноста не произлегува од јавните власти, туку од автономните групи против кои властите, наводно, не го штитат засегнатиот поединец?

Вмешаноста на барателот (турски државјанин) во случајот била информер, а според одлуката на Комисијата било издвоено, како барателот се плаши за својата безбедност доколку се врати во Турција, бидејќи не е сигурен во поглед на многуте убиства кои веќе се случиле и можноста турските власти (не)соодветно да го заштитат. На крајот, ниту една одлука не дошла до заклучок за применливоста на член 3 за такви закани од насилство од страна на недржавни (вооружени) актери. Во официјалното решение е наведено „Сепак, барателот не се смета дека е во некоја посебна позиција на ризик што би претставувало главна причина да не се врати во Турција. Владата би била подготвена да го депортираат на друго место, ако барателот може да докаже дека ќе биде примен од друга земја..“[8]

2.2. AHMED V AUSTRIA

Веќе споменатиот предмет „Ахмед против Австрија“, на почетокот добил скоро идентичен одговор како и претходниот случај од страна на владата на Австрија, која тврдела дека поради фактот што заканата доаѓа од страна на недржавен актер, го става случајот надвор од рамките на Конвенцијата за човекови права. Но, ваквиот став бил спротивен на Европската конвенција за човекови права, во чиј извештај (параграфи бр. 68, 69 и 70) се издвојува „Ставот на австриските власти дека не постои значителен ризик за барателот, бидејќи државниот орган престанал да постои во Сомалија[9], не може да се прифати. Доволно е оние кои имаат значителна моќ во рамките на државата, иако тие не се влада, да го загрозат животот и безбедноста на барателот.

Тоа е, очигледно, ситуацијата во овој случај, со оглед на моќната позиција на генералот Ајдид“. „Во овие околности, Комисијата не гледа никакви причини да ја доведува во прашање проценатa направена од страна на австриските власти во постапката за азил“; „Како заклучок, Комисијата

8 *X v United Kingdom* app.n.o 8581/79 (ECHR, 6 March 1980).

9 За време на барањето во 1994 година, Сомалија била во состојба на внатрешен вооружен конфликт и неможело да се каже дека заканата за барателот доаѓа од властите на државата.

утврди дека се покажани значителни основи за верување дека барателот се соочува со реален ризик да биде подложен на третман спротивен на член 3, ако се врати во Сомалија."[10]

2.3. H.L.R. V FRANCE

Во однос на предметот „Х.Л.Р против Франција", мора да се потенцира дека станува збор за случај во кој властите на Франција биле соочени со криминална организација вмешана во трговија со дрога, (различно од претходниот случај каде стана збор за недржавен актер кој дејствува како државен авторитет). Барателот во овој случај аргументирал дека неговото враќање во Колумбија директно го става него во ризик поставен од страна на криминалната организација, додека француските власти му се спротивставиле со аргументот дека ризикот кој го предвидувал во Колумбија е подеднаков со оној во Франција. На ваквиот став Комисијата се спротивставила, сумирајќи дека со враќање на барателот би постоела состојба на прекршок на членот 3. И покрај тоа што Судот делел исто мислење со Комисијата во однос на проширувањето на значењето на Конвенцијата и врз недржавните вооружени групи, на крајот заклучил дека не се доволно прикажани вистинските ризици од предвиденото враќање на лицето барател.

Ваквиот заклучок бил поткрепен со исказите дека: „Во овој случај изворот на ризикот на кој барателот се потпира не се јавните органи, затоа е неопходно да се испита дали предвидливите последици од депортацијата на Х.Л.Р. во Колумбија се такви што се покриени од членот 3.; Судот не ја исклучува можноста дека член 3 од Конвенцијата може да се примени и кога опасноста произлегува од лица или групи на лица кои не се јавни службеници.; [Судот] Сепак, смета дека оваа околност (општата ситуација на насилство во земјата на враќање) сама по себе не би значела, во случај на депортација, прекршување на член 3.; Барателот не покажал дека тие [колумбиските власти] не се способни да му обезбедат соодветна заштита."[11] По овие искази, Судот заклучил дека нема прекршување на членот 3.

3. ПРЕКРШУВАЊА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ОД СТРАНА НА НЕДРЖАВНИТЕ ВООРУЖЕНИ ГРУПИ

Додека мнозинството се придржува до традиционалната теорија (главната функција на човековите права како заштита единствено од страна на државни злоупотреби) дека правото на еднаквост во однос на овие ентитети не постои, ќе имаме можност да разгледаме случаи во кои спротивното е докажано низ различни правни инструменти. Тие укажуваат на дека, доколку не постојат правни лекови под кои може еден недржавен актер да биде подложен, тоа не значи дека тој не може да ги прекрши човековите права или да биде одговорен за нив. Кога на обврската државата да заштити, не може да се повика во ситуации на кршење на човековите права од страна на недржавни актери, жртвите на истоимените прекршоци мораат да добијат некаков одговор - заштита. Односно, правната анализа мора да се фокусира на заштита на правата[12], наместо на корелацијата, во овој случај со државата.

Дали постои прекршување на права не треба да биде зависно од тоа дали државата учествувала во тој прекршок или не. Универзалната декларација за човекови права експлицитно укажува на тоа дека секој има право да биде препознаен секаде како личност пред законот, а меѓународното право мора да биде дел од значењето на овој член. „Неуспехот да се признае правната личност го нарушува човековото достоинство, бидејќи апсолутно ја негира состојбата на поединецот да биде субјект на правата и го прави ранлив на непочитување на неговите права од страна на државата или други поединци."[13]

---

10 *Ahmed v Austria* app.no. 25964/94 (Commission Report, 5 July 1995) 31 DR 37.

11 *H.L.R. v France* app.no. 24573/94 (ECHR, 29 April 1997) para. 41–42.

12 Се издвојуваат три права кои се од суштинство значење меѓу кои правото да се биде препознаен како жртва, правото на пристап до ефективни правни лекови, и конечно правото на целосна заштита.

Следен чекор би било признавањето на фактот дека недржавните актери навистина прекршуваат човекови права, наспроти кажувањата од видот злоупотреба на тие права. Во предметот „Суфи и Елми против Обединетото Кралство“[13], се употребени изреки кои како понови известувања постојано идентификуваат зголемување на кршењето на човековите права во сомалиските области контролирани од Ал Шабаб, врз основа на екстремното толкување и примена на шеријатскиот закон, кои несомнено упатуваат кон признанието дека недржавните, во овој случај вооружени групи, навистина ги прекршуваат човековите права.

Сличен на овој пример е состојбата во Колумбија во 2010 година, за чиј извештај[14] Стејт департментот на САД издвојува „... Новите нелегални вооружени групи продолжиле да вршат бројни незаконски акти и слични злоупотреби; Нови нелегални вооружени групи (AUC- Autodefensas Unidas de Columbia), вклучувајќи некои поранешни паравоени членови, исто така извршиле бројни кршења на човековите права...; ФАРК и ЕЛН ги извршиле следниве кршења на човековите права: политички убиства; убиства на членови на јавните безбедносни сили и локалните службеници; широка употреба на нагазни мини; киднапирања и присилни исчезнувања“.

Признавањето на недржавните прекршувања на човековото достоинство е од клучно значење, бидејќи овозможува активирање на заштитните мерки и спроведување на државните обврски. Многу дејствија зависат од признавањето на жртвите. Затоа, неуспехот да се признаат таквите прекршоци испраќа штетна порака од меѓународното право, лишувајќи ги поединците од моралното задоволство и етичкиот императив за бранење на нивните права, кои другите се обврзани да ги почитуваат. Ова е особено значајно од лична и етичка гледна точка на жртвите. Покрај тоа, игнорирањето на недржавните злоупотреби и способноста да се докаже прекршување на човековите права ја негира можноста да се истакнат грешките и неправдите, да се побара заштита и потенцијално да се залага за промени во законот или правните практики. Моментумот зад овие иницијативи се намалува кога потенцијалот за недржавна злоупотреба е отфрлен.

ЗАКЛУЧОК

Неразумно е да се тврди дека додека државите се обврзани со меѓународните правни обврски, недржавните вооружени групи се само предмет на морални осуди. По овие забелешки, се повеќе е евидентна претпоставката дека обврските произлегуваат од извршувањето на владините функции (кога доаѓа до преземање на контрола врз територијата по отфрлање на дотогашната влада), склучените договори или преку повикување на обврските преземени од страна на вооружената група. Сето ова не ја зема предвид евидентната разлика меѓу државите и недржавните вооружени групи.

Доколку сакаме да ја заокружиме оваа тематика, пред сè потребно е да се воочи дека покрај длабокото влијание кое недржавните вооружени групи го остваруваат врз животите на повеќе милиони луѓе на глобално рамниште, животот на овие индивидуи продолжува да се одвива, што несомнено укажува на потребата од заштита на нивните права кои, и покрај катастрофалниот пресврт на нивните секојдневија, тие ги задржуваат инхерентно за себе.

(Авторката е магистер по политикологија од областа на меѓународни односи, европски интеграции и дипломатија, УКИМ, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје)

13 Sufi and Elmi v United Kingdom app.no. 8319/07 and 11449/07 (ECHR, 28 June 2011).

14 US Department of State, Country Reports on Human Rights Practices: Colombia (Bureau of Democracy, Human Rights and Labor, 2011).

РОДОТ КАКО КЛУЧЕН ФАКТОР ЗА ФЕР ДАНОЧЕН СИСТЕМ

Родовата перспектива во даночната политика претставува суштинска компонента на економската правда и одржливиот развој. Иако даночните системи се формално неутрални, нивната примена често создава експлицитни и имплицитни родови нееднаквости кои ја продлабочуваат економската нерамноправност. Индивидуалното оданочување, прогресивниот данок на доход и родово сензитивните реформи се клучни инструменти за обезбедување фер и еднаков пристап до ресурси. Реформите насочени кон намалување на регресивните индиректни даноци и мерките за елиминирање на „розовиот данок“ и менструалната сиромаштија, претставуваат важен чекор кон намалување на економските разлики по родова линија

ДАНИЕЛА АНТОНОВСКА

АПСТРАКТ

Трудот ги анализира родовите аспекти на даночните политики и нивното влијание врз економската еднаквост меѓу жените и мажите. Се укажува дека даночните системи, иако формално неутрални, често генерираат имплицитни и експлицитни родови нееднаквости преку начинот на оданочување на доходот, потрошувачката и имотот. Посебен акцент се става на потребата од интегрирање на родовата перспектива во дизајнот на даночната политика преку индивидуално оданочување, прогресивен данок на доход и родово сензитивни даночни реформи кои ја земаат предвид неплатената грижа во домот и економската позиција на жените. Претставени се меѓународни стандарди и примери на добри практики, вклучувајќи ги напорите на ЕУ и Северна Македонија за намалување на данокот на менструални производи и елиминирање на менструалната сиромаштија.

Заклучокот упатува дека фер даночен систем е оној што обезбедува еднаков пристап до ресурси, правична распределба на неплатениот труд во домот и семејството и поддршка на родовата еднаквост како предуслов за одржлив економски развој.

Клучни зборови: род, оданочување, фер даноци, родова еднаквост

1. ДАНОЧНИТЕ СИСТЕМИ И РОДОВИТЕ АСПЕКТИ ВО ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ДАНОЧНАТА ПОЛИТИКА

Еднаквоста меѓу мажите и жените е еден од клучните и основни принципи на Европската Унија. Сепак, и покрај извесниот напредок во еднаквоста сè уште постојат значителни разлики меѓу мажите и жените во однос на можностите за вработување и нивоата на приходи. Мерките на даночната политика имаат материјално влијание врз учеството на мажите и жените во економијата преку влијанието на даноците врз поттикнувањето или обесхрабрувањето на учеството во работната сила и влијанието врз претприемништвото и инвестициските одлуки.

Во основа речиси сите даночни системи во развиените и во земјите во развој вклучуваат исти основни даночни категории: директни даноци на доход и богатство; индиректни даноци на потрошувачка; даноци на имот; трговски даноци. Најчестите директни даноци се данокот на личен доход, данокот на добивка од корпорации и даноците на богатство или наследство. Данокот на додадена вредност (ДДВ) и даноци на промет и акцизи се најчести индиректни даноци. Даноците на имот имаат тенденција да се наметнуваат на недвижен имот, како што се земјиште и домување, или на личен имот како што се автомобили и слично. Трговските даноци често се во форма на увозни или извозни давачки.[1]

Во земјите со ниски приходи, околу две третини од даночните приходи се собираат преку индиректни даноци. Во земјите со високи приходи, индиректните даноци сочинуваат околу една третина од даночните приходи, а преостанатите две третини доаѓаат од директни даноци.

Директните даноци имаат потенцијал да ја отстранат нееднаквоста преку принципот на прогресивност ако се насочени кон оние кои се најспособни да платат. Индиректните даноци се регресивни, се однесуваат подеднакво на сите граѓани, без оглед на приходот. Тие, со цел да бидат помалку регресивни, можат или да се намалат или да се ослободат одделени производи од оданочување.[2]

1 Caren Grown, 'Taxation and Gender Equality-A Conceptual Framework' in Caren Grown and Imran Valodin (eds), Taxation and Gender Equity: A Comparative Analysis of Direct and Indirect Taxes in Developing and Developed Countries (Routledge, IDRC 2010) available at: *https://idrc-crdi.ca/en/books/taxation-and-gender-equity-comparative-analysis-direct-and-indirect-taxes-developing-and*

2 Ibid

Истражувањето „Даночната политика и родовата еднаквост“ од Организацијата за економска соработка и развој, спроведено во 43 земји, укажува дека 22 земји имаат спроведено конкретни даночни реформи за интегрирање на родовата перспектива во дизајнот на даночната политика. Овие реформи се имплементирани во системот за персонален данок на доход преку промени во стапката за оданочување, но неколку земји имаат воведено и нулта стапка или намалени стапки на ДДВ за санитарни производи. Во оданочувањето на личниот доход, 27 од испитаните земји (63% од вкупниот број) го базираат оданочувањето на поединец, односно индивидуа. Шест земји (Белгија, Франција, Исланд, Индонезија, Швајцарија и САД) користат единица на домаќинство, а девет земји им дозволуваат на даночните обврзници да избираат меѓу поединечната и единицата на домаќинството.

Испитаниците од повеќето земји со индивидуално оданочување нагласуваат дека овој начин на оданочување резултира со поттикнување на понуда на работна сила кај жените и ја стимулира родовата еднаквост. Оданочувањето на приходот врз основа на домаќинства подразбира негативни работни стимулации за вториот заработувач преку влијание врз маргиналните даночни стапки на вторите заработувачи (кои најчесто се жените) и има последователни негативни ефекти врз понудата на работна сила за жените.[3]

2. ПОЛИТИЧКА И ПРАВНА РАМКА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ДАНОЧНА ПРАВДА

Постојат неколку одредби релевантни за даночните политики од родова перспектива. Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација против жените (CEDAW) содржи збир на принципи кои се релевантни за родовата еднаквост во даночната политика. Иако Конвенцијата не содржи експлицитно повикување на оданочување, членовите 1, 2, 5, 13, 15 и 16 содржат принципи на суштинска еднаквост што можат да се применат на даночната политика, вклучително и дека брачниот статус не е прифатлива основа за какви било разлики, исклучувања или ограничувања кои ја нарушуваат еднаквоста на жените со мажите, што е особено важно за правилата за персонален данок на доход. Наведените членови имплицираат дека жените мора да бидат третирани подеднакво со мажите во даночното право и даночните реформи треба да бидат усогласени со Конвенцијата во земјите што ја ратификувале. Дизајнот на даночните политики треба да промовира еднаква распределба на платената и неплатената работа меѓу мажите и жените и да не ја нарушува забраната за дискриминација во ниту една област.[4]

Пекиншката Декларација и Платформа за акција ја препознава клучната улога на макроекономските политики во унапредувањето на правата на жените и родовата еднаквост, нагласувајќи дека овие политики мора да бидат дизајнирани и имплементирани за да се справат со структурните причини за сиромаштијата и родовата нееднаквост. Таа повикува на вклучување на родовите перспективи во макроекономските политики и програми, вклучувајќи го оданочувањето и програмите за кредитирање. Истовремено ја нагласува потребата од родова анализа на даночните политики во однос на данокот на доход и данокот на наследство.[5]

Целите за одржлив развој на ООН, посебно целта за родова еднаквост, бр.5, меѓу другото се однесува и на препознавање и вреднување на неплатената нега и домашната работа како и преземање реформи за еднакви права на економски ресурси, пристап до сопственост и контрола врз земјиштето, имотот, финансиски услуги и наследство.

---

3 OECD (2022), Tax Policy and Gender Equality: A Stocktake of Country Approaches, OECD Publishing, Paris, *https://doi.org/10.1787/b8177aea-en*

4 Convention of the Elimination of All Forms of Discrimination against Women (UN Women) *https://www.un.org/womenwatch/daw/cedaw/cedaw.htm*

5 Beijing Declaration and Platform for Action Beijing+5 Political Declaration and Outcome (UN WOMEN, 2014) *https://www.unwomen.org/sites/default/files/Headquarters/Attachments/Sections/CSW/PFA_E_Final_WEB.pdf*

Акциската агенда од Адис Абеба ја нагласува важноста на домашните јавни ресурси, вклучително и даночниот систем, како средства за постигнување на Целите за одржлив развој. Фокусот на агендата е на мобилизирање на финансиски ресурси, промовирање на меѓународната соработка и подобрување на кохерентноста на политиките.[6]

На европско ниво, уште еден документ ја регулира родовата еднаквост и оданочувањето. Тоа е Резолуцијата за данок и род од 2019 година, усвоена од Европскиот парламент, која ја препознава важноста на праведното оданочување и ги повикува државите да обезбедат даночни системи кои ќе ја заштитат и промовираат родовата еднаквост. Резолуцијата повикува на индивидуално оданочување, имајќи предвид дека даночните политики различно влијаат врз различни типови домаќинства и дека домаќинствата не ги делат секогаш подеднакво своите средства.[7]

3. СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА РЕАЛНОСТ РЕЛЕВАНТНА ЗА ДАНОЧНИТЕ СИСТЕМИ

На глобално ниво стапката на учество на жените во работната сила е пониска од онаа на мажите, иако жените вкупно придонесуваат повеќе време за платена и неплатена работа. Во рамките на платеното вработување, жените влегуваат и излегуваат од пазарот на трудот почесто од мажите и имаат поголема веројатност да работат со скратено работно време и на сезонски работни места. Во однос на заработувачката, жените заработуваат помалку од мажите, дури и по контролата на стандардните варијабли на човечкиот капитал (возраст, образование, работно искуство). Во многу земји, жените се позастапени во неформалното вработување, што ги става надвор од даночниот систем, бидејќи многу ангажирани во неформалниот сектор заработуваат премалку за да поднесат даночни пријави. Иако даноците генерално се пресметуваат врз основа на приходот треба да се земе предвид и неплатената работа за нега, грижата за децата, старите и болните луѓе, домашната работа, која најчесто ја вршат жените. Ова се витални услуги кои овозможуваат функционирање на платената економија, сепак, вклучените во овие услуги не добиваат никаков приход.

Жените имаат помала веројатност да имаат капитален приход, што е поврзано со имотните права, како и нивната недоволна застапеност како сопственици на компании или финансиски инвеститори. Според феминистичките економистки, ова има влијае на дефиницијата на поимот приход и на тоа кој го носи товарот на даноците. Затоа дизајнот на даночните политики треба да промовира еднаква распределба на платена и неплатена работа меѓу мажите и жените, а јавните вложувања во одделни сектори можат да го намалат нееднаквиот удел на жените во неплатената работа.[8]

Социо-економските+ нееднаквости меѓу мажите и жените се длабоко вкоренети во културите и во економските структури, во кои традиционално, машкиот труд е јавно вреднуван на пазарот, додека женскиот репродуктивен труд во приватниот домен не е економски признаен. Ваквиот нормативен модел ја обликува родовата сегрегација на пазарот на трудот и придонесува за доделување помала вредност на работата на жените.

Како резултат на оваа социо-економска реалност се јавуваат експлицитни и имплицитни родови предрасуди во даночната политика. Експлицитните родови предрасуди се јавуваат кога мажите и жените се третирани различно од даночните закони или одредби во законите. Таков пример е заедничкото оданочување, каде што брачните парови (или граѓанските партнери) поднесуваат заеднички декларации, при што приходите на домаќинството се оданочуваат како една

6 Asa G.,Margit S., Ulrike S., Gender Equality and Taxation in the European Union, Study for the FEMM Committee (EU,2017) *http://www.europarl.europa.eu/supporting-analyses*

7 Resolution of 15 January 2019 on gender equality and taxation policy in the EU (EP, 2019) *https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/TA-8-2019-0014_EN.html*

8 Åsa Gunnarsson, Gender Equality and Taxation – International Perspectives (2021), *https://ssrn.com/abstract=3818771*

единица. Заедничката декларација може да го намали вкупното даночно оптоварување за домаќинството, особено кога постои значителна разлика во приходите меѓу двата партнера, но сепак може да доведе и до непропорционално повисока маргинална даночна стапка за секундарниот заработувач кој најчесто е жена. Имплицитните форми на родова пристрасност опишуваат даночни прописи кои се напишани на родово неутрален начин, но различно влијаат врз мажите и жените поради социоекономски нееднаквости. Експлицитна и имплицитна пристрасност во основа одговараат на правниот концепт на директна и индиректна дискриминација.[9]

4. РОДОВИТЕ ПРАШАЊА ВО РАЗЛИЧНИ ДАНОЧНИ КАТЕГОРИИ

А) РОДОВИТЕ ПРАШАЊА ВО ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК НА ДОХОД И ИНДИРЕКТНИТЕ ДАНОЦИ

Родовите аспекти на оданочувањето се најочигледни во оданочувањето на личниот доход. Оданочувањето на личните приходи вклучува даноци на личен доход и придонеси за социјално осигурување. Данокот на личен доход и социјалните придонеси и другите даноци врз основа на приходите од трудот, сочинуваат речиси половина од вкупните даночни приходи на земјите-членки на ЕУ.

22 од 43 земји согласно истражувањето на ОЕЦД спровеле специфични даночни реформи за подобрување на родовата еднаквост во системот за данок на личен доход преку прогресивната стапка. Во многу земји прогресивноста е слаба и често пати главниот товар паѓа врз средната класа. На тој начин и милионерите и средната класа и најсиромашните припаѓаат на иста даночна категорија. За да има правичност во даночниот систем неопходен е прогресивен данок на доход. Правичноста во оданочувањето на личниот доход ја поддржува прераспределбата и ја унапредува суштинската еднаквост. Пристапот базиран на права бара фискалните системи да ја одразуваат способноста за плаќање и да придонесуваат за системско решавање на проблемите.[10]

Индиректните даноци се плаќаат за економски трансакции и тоа се најчесто данок на додадена вредност (ДДВ), данок на стоки и услуги, даноци на промет и акцизи (пр. даноци на алкохол и тутун). Овие даноци влијаат на крајната цена што ја плаќаат потрошувачите и имаат силно влијание на буџетот на потрошувачите посебно на оние со (нај)ниски приходи. ДДВ е (често) регресивен данок бидејќи се однесува подеднакво на сите без оглед на приходот. Ова значи дека сиромашните плаќаат пропорционално повеќе данок од богатите и се предмет на неправеден товар. Емпириски студии на одредени земји покажуваат дека жените имаат тенденција да трошат повеќе од мажите за купување основни потреби како што се храна, вода, облека, училишни прибори, лекови, средства за (лична) хигиена.[11]

Кога станува збор за продукти за лична грижа, нега и хигиена, студии во САД говорат дека жените плаќаат 13% повеќе за овие производи од мажите. За облека и додатоци за облека плаќаат 7-8% повеќе. Феноменот на „розов данок" се однесува на тенденцијата производите поврзани со лична нега, хигиена и услуги како потстрижување хемиско чистење да имаат повисока цена од идентичните услуги и производи за мажите. Во суштина,+ розовиот данок не е данок, туку систем на родова економска дискриминација во цените за производите и услугите што се заснова на пол.[12]

---

9 OECD (2022), Tax Policy and Gender Equality: A Stocktake of Country Approaches, OECD Publishing, Paris, *https://doi.org/10.1787/b8177aea-en*

10 Decoding Gender Injustice (Center for Economic and Social rights, 2025) *https://www.cesr.org/new-guide-decoding-gender-injustice/*

11 Chiara Capraro, Taxing men and women: Why gender is crucial for a fair tax system (Christian Aid,2014) *https://globaltaxjustice.org/wp-content/uploads/2022/08/2017-01-05-taxing-men-and-women-gender-analysis-report-july-2014.pdf-EN-PDF.pdf*

12 *D. Antonovska, Родовата еднаквост и оданочувањето, https://espreso.mk/vi-preporachuvame/kolumna-na-daniela-antonovska-rodovata-ednakvost-i-odanochuvaneto/*

Даночната цена на менструалните производи е тема на растечка јавна дебата во земјите во ЕУ. Бидејќи овие производи ги користат исклучиво жени, тоа е прашање на родово економско влијание. Застапниците за намалување или отстранување на данокот на додадена вредност на менструалните производи тврдат дека данокот претставува неправеден, систематски финансиски товар за жените и придонесува за менструална сиромаштија. Во април 2022 година беше направена промена на Директивата на ЕУ за ДДВ која воведе поголема флексибилност за намалување на стапките на ДДВ за производи за женска хигиена. Оваа промена им овозможи на земјите-членки да ја намалат стапката на ДДВ на 0%, во споредба со претходната стапка од 5%. Иако неколку земји-членки оттогаш ги намалија стапките на ДДВ за овие стоки, практиките остануваат различни во различни земји во ЕУ.[13]

Во Република Северна Македонија Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност беше донесен во 2023 година, каде има дополнување на членот 30 став (1) со нова точка 9-а, преку воведување повластената даночна стапка од 5% која се применува на менструални производи, односно се намалува данокот на додадена вредност од 18% на 5%.[14]

Б. РОДОВИТЕ ПРАШАЊА ВО КОРПОРАТИВНИТЕ ДАНОЦИ И ДАНОЧЕН МОРАЛ

Често се претпоставува дека оданочувањето на корпорациите нема родово влијание, бидејќи корпорациите се правни лица, но треба да се имаат предвид родовите разлики во сопственоста на бизнисите и акциите, различните деловни профили на инвеститорите, вработените и потрошувачите. Ефектите од корпоративните даноци се родово чувствителни преку неколку механизми. Така, на пример, ако се намалат корпоративните даноци тоа води до намалување на јавните приходи во сектори како што се здравство, образование, грижа за деца, кои најмногу вработуваат жени. Промените во корпоративните даноци влијаат врз работните односи, одлуките на фирмите за вложувања, вработување и плати. Компаниите можат да отпуштат работници, или да ги замрзнат платите и тоа најчесто на несигурни и нископлатени работни места каде доминираат жените. Доколку се избегнат корпоративните даноци, во тој случај државата е присилена да го пренасочи товарот врз граѓаните преку данок на доход или ДДВ, така што постојат регресивни ефекти. Секој пат кога стапките на корпоративен данок се намалуваат во однос на персоналниот данок на доход, се зголемуваат родовите разлики меѓу жените и мажите.

Сè уште не постои сеопфатна аналитичка рамка за испитување на родовите импликации од оданочување на корпорациите поради недостаток на доволно податоци. Прв чекор за анализа на родовото влијание во корпоративното оданочување се родово сегрегирани податоци во однос на сопственици на бизниси, акционери, вработени како и сеопфатна родова анализа на интерните стратешки политики на компаниите.[15]

Истражувањата во глобални и национални рамки покажуваат дека жените имаат малку повисок даночен морал и се помалку склони кон даночна евазија. Истражувањето „Род и оданочување“, на Центарот за економски анализи од 2021 година укажува дека жените во Република Северна Македонија се посогласни со даночните прописи споредено со мажите. Во однос на изјавите за избегнување на данок, нема разлика меѓу мажите и жените и над 50% од испитаниците сметаат дека избегнувањето на данок е злоупотреба.

Сепак, жените имаат тенденција повеќе да сметаат дека даночната измама е неприфатлива, што може да укаже на повисок даночен морал. Истото истражување посочува дека даночните обврзници, без разлика на полот, во Република Северна Македонија се сметаат себеси за неинформирани во врска со видовите даноци и имаат тешкотии да разликуваат локални и централни даноци и ова може да стане потенцијален извор за даночна евазија.[16]

13 At a glance: Taxation's impact on gender equality in the EU (EP,2025) ***https://www.europarl.europa.eu/thinktank/en/document/EPRS_ATA(2025)767188***

14 Клуб на пратенички (2003-2024) (NDI, IDSC, CUP, 2024) ***https://www.sobranie.mk/content/Klub%20na%20pratenicki/PWC.pdf***

15 Åsa Gunnarsson, Gender Equality and Taxation – International Perspectives (2021), https://ssrn.com/abstract=3818771

16 Gender and Taxation Policy discussion paper (CENTER FOR ECONOMIC ANALYSES, 2021), ***https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2019/09/0.-Gender-and-Taxation-final-so-naslov.pdf***

ЗАКЛУЧОК

Родовата перспектива во даночната политика претставува суштинска компонента на економската правда и одржливиот развој. Иако даночните системи се формално неутрални, нивната примена често создава експлицитни и имплицитни родови нееднаквости кои ја продлабочуваат економската нерамноправност. Индивидуалното оданочување, прогресивниот данок на доход и родово сензитивните реформи се клучни инструменти за обезбедување фер и еднаков пристап до ресурси. Реформите насочени кон намалување на регресивните индиректни даноци и мерките за елиминирање на „розовиот данок“ и менструалната сиромаштија, претставуваат важен чекор кон намалување на економските разлики по родова линија.

Во однос на корпоративното оданочување, потребно е да се рационализираат даночните олеснувања што владите им ги даваат на корпорациите и од нив да имаат корист и малите претпријатија кои почесто се раководени од жени. Со цел намалување на пречките за вработување на жените, подобрување на достапноста на висококвалитетни услуги за згрижување деца преку даночни стимулации и подеднаква распределба на неплатената работа во домаќинствата - придонесуваат за минимизирање на родовите разлики во платите и пензиите.

(Авторката е претседателка на НВО „Еквалитико“)

ПРАВНА АНАЛИЗА ЗА ТРАНЗИЦИЈА НА ДЕЦА БЕЗ РОДИТЕЛСКА ГРИЖА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОТКАКО ЌЕ НАПОЛНАТ 18 ГОДИНИ: ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ВРАБОТУВАЊЕ

Иако алтернативните форми на грижа во Северна Македонија обезбедуваат поддршка за децата без родители и родителска грижа до 18 година, транзицијата кон самостојно живеење открива сериозни проблеми и предизвици. Правото за социјално домување формално е загарантирано, но строгите критериуми и ограничувањата во практиката го отежнуваат неговото остварување. Дополнително младите се соочуваат со бариери во вработувањето, предизвикани од дискриминација, стереотипи и недостиг на мрежи на поддршка и професионални контакти, што ја ограничува нивната интеграција на пазарот на трудот

АНЃЕЛА ЦВЕТКОВСКА

АПСТРАКТ

Трудот претставува научно-правна анализа на транзицијата на децата без родители и родителска грижа во Северна Македонија, откако ќе наполнат 18 години и ќе ја напуштат институционалната грижа. Фокусот е ставен на предизвиците околу домувањето и вработувањето. Во рамките на овој труд, се истражува националното законодавство и постоечките институционални механизми за поддршка на оваа категорија на лица, како и нивната практичка примена. Во рамките на трудот, се врши теориска анализа на правните и практичните бариери за остварување на правата на социјално домување и пристап до пазарот на труд, вклучително и дискриминацијата и стереотипите со кои се соочуваат поранешните корисници. Резултатите од овој труд ќе придонесат за подобро разбирање од потреба за промени на законските механизми, идентификување на слабостите во нивната примена и предлагање на можни правни и институционални решенија за поддршка на оваа ранлива категорија, со цел обезбедување еднаков пристап до домување и вработување.

Клучни зборови: деца без родители, Северна Македонија, законодавство, домување, вработување

ВОВЕД

Во 2002 година во Република Северна Македонија започна да функционира прва приватна установа за згрижување на деца без родители и родителска грижа, што го означува почетокот на воведување на алтернативни форми на грижа. Меѓутоа, иако алтернативните форми на грижа обезбедуваат поддршка на децата без родители и родителска грижа до 18 години, сепак, по нивното напуштање на институционалната грижа, тие се соочуваат со значителни предизвици во однос на социјалното домување како и нивното вработување. Од законска перспектива може да се согледа дека правото за социјално домување, најчесто, за нив е недостижно поради строги критериуми и ограничувања.

Дополнително, тие се соочуваат и со тешки бариери во процесот на наоѓање на работа, предизвикани од стереотипи и дискриминација најчесто од страна на работодавците, како и поради немање на мрежа на поддршка и професионални контакти кои, во Северна Македонија, најчесто се клучни за засновање на работен однос.

1. ПРЕДИЗВИЦИ ВО ДОМУВАЊЕТО НА ДЕЦА БЕЗ РОДИТЕЛСКА ГРИЖА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА: ИСТОРИЈА, РАЗВОЈ И СЕГАШНА СОСТОЈБА

Во 1990-тите години, по осамостојувањето на Македонија, се воспоставуваат првите државни институции за згрижување на деца без родители и родителска грижа, како што се големите домови „11 Октомври“ (основан 1965 година) и „25 Мај“. Основата за нивната работа беше Законот за семејство (1992), кој го дефинира статусот на дете без родителска грижа и ја утврдува улогата на Центрите за социјална работа за згрижување. Во 2002 година се отвора првата приватна институција, СОС „Детско село“ - Скопје, што го означува почетокот на воведување на алтернативни форми на грижа. Подоцна, особено по 2010 година, со процесот на деинституционализација, државата постепено го промовира моделот на мали групни домови и семејни модели, со цел намалување на бројот на децата во големи установи и обезбедување индивидуална поддршка и услови слични на семејни.

Ова е дел од реформите на системот за социјална заштита и се спроведува според препораки од UNICEF и Советот на Европа. Исто така, во 2013 година влегува на сила Законот за заштита на

деца без родители, кој е клучен за овој период, бидејќи го регулира правниот статус на сите деца, вклучително и децата без родители, ги штити од сите форми на експлоатација и злоупотреби и гарантира минимална грижа. Овој Закон ја зацврстува современата правна рамка за згрижување на деца и поттикнува развој на алтернативни и индивидуализирани форми на грижа.

Според последните податоци, во државата има 380 згрижувачки семејства и 627 згрижени корисници. Изминатите пет години ниту едно дете без родителска грижа под 18 години не е сместено во резиденцијална институција. Над 80 проценти од овие деца се во згрижувачки семејства, а останатите во мали групни домови.[1]

Иако алтернативните форми на грижа обезбедуваат поддршка додека децата се во институциите или згрижувачките семејства, транзицијата по 18 години открива сериозни проблеми, особено во обезбедувањето соодветно домување, што ја отвора потребата од дополнителни правни и социјални мерки за заштита на правата на поранешните корисници на институционална грижа.

Всушност, децата без родителска грижа во Северна Македонија правно имаат право на социјално домување, односно на финансиска поддршка за покривање на трошоците за сместување по напуштањето на институциите, кое, согласно Правилникот за начинот на остварување на правото на додаток за домување за лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст. Образец на барањето и потребната документација: правото на додаток за домување се остварува на начин што ќе овозможи:

- закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел;
- санација, адаптација и реконструкција на сопствен недвижен имот;
- надомест на трошоци за сместување во студентски дом.[2]

Условите за остварување на правото на додаток за домување за деца без родителска грижа се: претходно згрижување во установа за вонсемејна заштита или згрижувачко семејство, материјална и станбена заштита - необезбеденост (приходите на лицето и на семејството со кое живее да се под 5.600 денари месечно по член, да не поседува недвижен имот или државен стан и да не е наследник на оставина која би го направила материјално обезбедено). Висината на додатокот, кој е дел од овие услови, се утврдува според бројот на членови и просечната закупнина во општината: за самец до 4.000 денари месечно, за семејство од два до четири члена до 6.000 денари месечно и за пет и повеќе членови до 8.000 денари месечно, при што износот се усогласува со порастот на трошоците на живот.

Сепак, од наведените услови може да се согледа дека за поранешните корисници на институционална грижа, ова право често е недостижно, од причина што одредени деца без родителска грижа во одредени услови се јавуваат како наследници на одреден имот кој не е приспособен за живот или имот кој бара дополнителни градежни интервенции, за што се потребни дополнителни финансиски ресурси кои лицето во тој момент не ги поседува. Исто така, многу од нив немаат станбени приходи или сопствен имот, а пристапот до работните места е ограничен, што го отежнува остварувањето на правото на социјално домување. Односно, недоволната висина на додатокот, во комбинација со строгите критериуми за материјална и станбена необезбеденост, ја намалува ефективната поддршка за интеграција во самостојно живеење.

Ова ја истакнува потребата од измени на Правилникот и воведување дополнителни механизми кои ќе им овозможат на овие деца долгорочно и одржливо решение за домување, како што

---

1 Трибуна, „Изминатите пет години ниту едно дете без родителска грижа под 18 години не е сместено во резиденцијална институција“ (1 јуни 2025) *https://tribuna.mk/izminatite-pet-godini-nitu-edno-dete-bez-roditelska-grizha-pod-18-godini-ne-e-smesteno-vo-rezidencijalna-institucija/*

2 Министерство за труд и социјална политика, „Правилник за начинот на остварување на правото на додаток за домување за лице кое под 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст, образец на барањето и потребната документација“ (Службен весник на РСМ, бр.109/2019).

се зголемување на месечниот додаток за покривање на реалните трошоци за закуп согласно реалната ситуација во државата и инфлацијата, особено во општините со високи цени на станови, приспособување на критериумите за материјална и станбена необезбеденост, така што лицата со минимален имот или наследство не би биле автоматски исклучени, вклучување на повеќе форми на поддршка како, на пример, субвенциониран закуп во социјални станови, долгорочно станбено обезбедување или поддршка за адаптација/реновирање на привремен стан и поедноставување на административната постапка, со цел лицата да не се соочуваат со непотребна бирократија и чекање за одобрение.

Исто така, клучно во однос на социјалното домување е и тоа што веќе го напомнавме - давање на поддршка како, на пример, субвенциониран закуп во социјални станови. Според постоечката регулатива, корисници на социјални станови може да бидат и децата без родители или родителска грижа - лица кои до 18 години биле згрижени во институции и други облици за згрижување на деца без родители. Меѓутоа се поставува прашањето дали е тоа така?

Критериумите се проблематични и затоа што можноста за добивање социјален стан оди преку постоечка препознатливост од страна на системот за социјална заштита, односно веќе стекнато право за користење на гарантирана минимална помош, во услови кога ова право го остваруваат помалку од 10% од лицата кои официјално живеат под прагот на сиромаштијата, утврден од Државниот завод за статистика.[3]

Од правен аспект, постојаната регулатива формално ги признава правата на поранешните корисници на институционална грижа за пристап до социјални станови, но практичната примена открива сериозни ограничувања. Младите кои транзитираат од институционална грижа кон самостојно живеење често не го исполнуваат строгиот критериум за минимална помош, што ги исклучува од остварување на правото. Дополнително, административната постапка е комплексна и бара повеќе документи, што ги отежнува обидите на овие лица. За надминување на овие предизвици, од правна гледна точка, потребно е да се разгледаат можностите за измени во Законот за домување и подзаконските акти со кои би се предвиделе посебни квоти за поранешни корисници на институционална грижа при распределба на социјални станови. Ваквото решение би овозможило приоритетен пристап за оваа ранлива категорија без условување со претходно стекнати социјални права.

Во овој контекст се предлага воведување на законска обврска за локалните самоуправи да изготват годишни планови за распределба на социјални станови и да обезбедат јавен увид во критериумите за селекција, со цел да се обезбеди транспарентност, еднаков пристап и ефективно остварување на правото на социјално домување. Би било соодветно и формирање на посебна комисија при Министерството за социјална политика, демографија и млади која ќе ги следи постапките и ќе гарантира еднаков пристап до домување. Со тоа би се намалиле случаите на дискриминационо одлучување и би овозможиле поголема правна сигурност за лицата кои се обидуваат да го остварат ова право.

3 Организација за домување и станари, „Социјално домување“ (Скопје 2022).

2. ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА БЕЗ РОДИТЕЛСКА ГРИЖА - ПРАВНИ МЕХАНИЗМИ И ПРАКТИЧНИ ОГРАНИЧУВАЊА

Животот на независност претставува критичен период за младите лица, особено за оние што ја напуштаат алтернативната грижа, бидејќи од нив се очекува брзо да стекнат зрелост и самодоверба за водење независен живот. Од правен аспект, државата и институциите се обврзани да обезбедат услови за остварување на правата на овие лица, во согласност со националното законодавство и меѓународните стандарди (на пр. Конвенцијата за правата на детето, Законот за заштита на деца и слично). Ова вклучува пристап до вработување, образование и социјално домување, како и поддршка за развој на вештини за работа. Праксата и истражувањата покажуваат дека без соодветна законска и институционална поддршка, лицата што ја напуштаат институционалната грижа, се изложени на ризик од социјална исклученост, експлоатација и дискриминација на пазарот на трудот, што го нагласува значењето на ефикасни правни механизми за заштита и интеграција на овие ранливи категории.

Создавањето позитивни промени за младите луѓе кои ја напуштаат грижата бара од надлежните да размислат повторно како најдобро да ги подготват за живот во независност. Ова е особено изразено кога се разгледува развојот и зголемувањето на вработеноста на лицата кои ја напуштаат грижата и кои се пред влез на пазарот на трудот. Сепак, како што покажува истражувачкиот извештај на SOS Children's Villages International, младите луѓе кои ја напуштаат грижата се во значителна неповолна положба во споредба со нивните врсници во однос на вработување. Оваа неповолност може да се поврзе со голем број причини: несоодветна подготовка за независност или поддршка од јавните социјални служби во пристапот до дополнителни обуки, информации или помош за вработување откако ќе ја напуштат грижата.[4]

Додека, во Северна Македонија, лицата што ја напуштаат институционалната грижа се формално опфатени од законските механизми за социјална поддршка и обуки за вработување, во практичната примена на овие права се ограничени. Како поддршка на оваа категорија на лица, СОС „Детското село" формираше Д-10 програма за обезбедување на законски утврдена поддршка за вработување, вклучително и во државните институции. Моментно, поради нефункционирањето на програмата, овие лица се соочуваат со правни и практични бариери за вработување, што ја нагласува потребата од обновување на програмата или создавање на нови правни и институционални механизми кои ќе обезбедат еднаков и ефикасен пристап до трудот за оваа ранлива категорија.

Значајно е да се спомене дека децата без родители и родителска грижа често се соочуваат со сериозни бариери, бидејќи немаат мрежа за поддршка, професионални контакти или доволно квалификации. Тие, исто така, често се изложени и на дискриминација и стереотипи од страна на потенцијални работодавци, кои претпоставуваат дека овие лица се „проблематични" или помалку компетентни за работа.

Ова претставува потенцијална форма на дискриминација, спротивно на законите за еднакви можности и заштита од дискриминација. За да се обезбеди ефективно остварување на овие права, потребно е да се воведат соодветни мерки за заштита и интеграција, кои ќе создадат услови за практична примена на законската заштита и интеграција, кои ќе овозможат практична примена на законската заштита за еднаков пристап до трудот за оваа ранлива категорија.

4 SOS Children's Villages International, Leaving care and employment in five European countries: An undocumented problem? (London: SOS Children's Villages International, 2016)

ЗАКЛУЧОК

Иако алтернативните форми на грижа во Северна Македонија обезбедуваат поддршка за децата без родители и родителска грижа до 18 година, транзицијата кон самостојно живеење открива сериозни проблеми и предизвици. Правото за социјално домување формално е загарантирано, но строгите критериуми и ограничувањата во практиката го отежнуваат неговото остварување. Дополнително младите се соочуваат со бариери во вработувањето, предизвикани од дискриминација, стереотипи и недостиг на мрежи на поддршка и професионални контакти, што ја ограничува нивната интеграција на пазарот на трудот.

Од правен аспект, државата и институциите се обврзани да обезбедат услови за остварување на правата на овие лица, но практичната примена на законските механизми често е ограничена. Ова ја истакнува потребата од дополнителни правни и институционални мерки кои ќе овозможат ефективно, еднакво и одржливо решение за домување и вработување на поранешните корисници на институционална грижа.

(Авторката е поранешен штитеник во СОС „Детско Село“ - Скопје, магистер по *економски науки и магистер по безбедност)*

ЕДНАКВОСТА НА ОРУЖЈАТА КАКО ПРАВЕН ПРИНЦИП ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА И НЕГОВАТА ПРИМЕНА ВО МАКЕДОНСКОТО КРИВИЧНО ПРАВО

Најголемата обврска, паѓа врз адвокатите, кои премногу често го сведуваат своето дејствување несериозно. Иако законот им дава јасни процесни инструменти, тие ретко ги користат со знаење, посветеност и дисциплина. Без нивна активна вклученост не може да се очекува ниту рамнотежа во постапките, ниту намалување на огромниот број осудителни пресуди. Токму затоа, секое небрежно постапување во судската сала претставува злоупотреба на доверената одговорност и потценување на човечкиот живот

МАРТИН ИЛИЕВСКИ

„Можноста за изразување на мислењата и аргументите на странките, шансата да се презентира сопствената теорија на случајот - е силен факт во доживувањето на процедуралната правда“

(Калајџиев Г., 2004, Правична постапка, Докторска дисертација, стр. 76.)

АПСТРАКТ

Начелото „еднаквост на оружјата“ претставува темелен столб за фер судење, чија вистинска примена во македонската кривична постапка останува проблематична. Иако законската рамка нуди формални гаранции за рамноправност меѓу странките, податоците на Државниот завод за статистика за 2024 година покажуваат дека 89,1 проценти од обвинетите полнолетни лица и 82,2 проценти од обвинетите малолетници се огласени за кривично одговорни. Овие показатели го отвораат прашањето за реалната можност одбраната да дејствува како активен процесен субјект. Истовремено, од двегодишното активно следење на судските постапки произлегува дека адвокатите ретко ги користат своите овластувања за самостојно спроведување истражни дејствија. Тие често се ограничуваат на минимални активности без квалитетна подготовка и анализа. Таквиот пристап го нарушува процесниот баланс и ја ослабнува веродостојноста на одбраната, што индиректно придонесува за висока стапка на осудителни пресуди. Заклучокот упатува дека без поголема професионална одговорност и активна улога на адвокатите, начелото „еднаквост на оружјата“ ќе остане само формална декларација, а правичноста ќе остане недостижен идеал.

Клучни зборови: еднаквост на оружјата, правично судење, кривична постапка, одбрана.

ВОВЕД

Правната култура ја одразува зрелоста на правниот систем и начинот на кој тој ја разбира својата функција во општеството. Таа се мери преку степенот на професионализам, начинот на кој се применува законот и односот кон процесната правичност. Кога во правосудството постои развиена култура на одговорност и знаење, секој закон добива своја вистинска смисла во практиката. Законот тогаш се гледа како жив механизам што овозможува рамноправно постапување и гради доверба во правосудниот поредок.

Начелото *aequalitas armorum* го разоткрива вистинското лице на правната култура. Преку него се испитува дали постои рамнотежа меѓу обвинителството и одбраната, дали доказите се достапни до двете страни и дали судот постапува непристрасно и со образложени одлуки. Односот кон ова начело покажува дали постапката навистина ја почитува правичноста или само ја одржува во формална смисла.

1. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА НАЧЕЛОТО „ЕДНАКВОСТ НА ОРУЖЈАТА“ И НЕГОВАТА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ВО СОВРЕМЕНАТА КРИВИЧНА ПОСТАПКА

Еднаквоста на оружјата, во својата срж, потекнува од античките правни и филозофски размислувања за правдата и рационалното судење. Христијанскиот мислител Свети Августин го формулирал како *audi alteram partem* – „слушни ја и другата страна“,[1] израз што го прифатиле и римските правници, меѓу кои Сенека, кој уште во тоа време потенцирал дека дури и обвинетите за најтешки дела мора да бидат ислушани пред да им се пресуди. [2] Овој принцип уште тогаш се темелел врз идејата дека праведноста може да постои само доколку секоја страна има можност да биде сослушана, но и да ја изнесе својата одбрана[3].

Современиот развој на овој концепт се поврзува со еволуцијата во сферата на правичното судење кое денес е утврдено во најважните меѓународни акти за човековите права, како што е Универзалната декларација за човекови права (член 10),[4]

Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (член 14),[5] и Европската конвенција за човекови права (член 6).[6] Иако терминот „еднаквост на оружјата“ не е изрично наведен, неговото јадро е вградено во гаранциите за процесна рамноправност и заштита на одбраната, бидејќи само преку обезбедување еднакви можности за обвинетото лице се спречува надмоќ на обвинителството и се гарантира вистинска правичност на постапката, особено имајќи го предвид принципот *onus probandi*, според кој товарот на докажување паѓа на обвинителството, а не на одбраната.[7]

Aequalitas armorum[8] се применува во сите современи кривични постапки, иако дел од правната доктрина, особено француската, предлага поадекватен израз „баланс меѓу правата на странките“ (*équilibre des droits des parties*).[9] Независно од употребениот термин, значењето останува непроменето, бидејќи ниту една страна не смее да биде доведена во процесна нерамнотежа, а во спротивно постапката го губи својот праведен карактер и својата основна цел, која подразбира правично водење на кривичната постапка, при што никој невин не смее да биде осуден, а сторителот на кривичното дело треба да биде санкциониран согласно условите утврдени во Кривичниот законик и врз основа на законито спроведена на постапка[10].

Современото поимање на правично судење се темели врз претпоставката дека секоја странка мора да има реална и ефективна можност да ја оспори доказната сила на материјалот што го презентира спротивната страна и да придонесе во процесот за формирање на судското убедување под исти услови. Оваа рамка на правична расправа се заснова врз начелото на контрадикторност, според кое судењето мора да биде жива размена на аргументи и докази достапни и познати за сите учесници во постапката.[11]

---

1 Kelly, J. M. (1964). Audi alteram partem: Note. Natural Law Forum, Paper 84. University of Notre Dame.

2 Seneca the Elder. (ca. 37 CE). *Controversiae* (Exc. 6.10).

3 Ibid.

4 *Universal Declaration of Human Rights* (1948), Art. 10.

5 *International Covenant on Civil and Political Rights* (1966), Art. 14.

6 *European Convention on Human Rights* (1950), Art. 6.

7 Маркоски, А. (2015). *Нов ЗКП- бирократската тромавост на органите на кривичниот прогон наспроти агилноста на обраната*. Македонска ревија за казнено право и криминологија, 22(1). ***http://maclc.mk/Upload/Documents/Aleksandar%20Markoski.pdf***

8 „Еднаквост на оружјата“.

9 Toma, E. (2011). *The principle of equality of arms – part of the right to a fair trial*. International Law Review. ***https://internationallawreview.eu/fisiere/pdf/06-Elisa-Toma.pdf***

10 Закон за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018) Член 1 (Цел на Законот) . Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 2/2016 од 28 септември 2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/2016.

11 Khalilov, F. Y. (2021). Equality of arms and adversarial criminal procedure. RUDN Journal of Law. The Justice Academy of the Ministry of Justice of the Azerbaijan Republic. ***https://journals.rudn.ru/law/article/view/27220***

Еднаквоста на оружјата во европскиот правен простор е конкретизирана преку неколку значајни директиви на Европската Унија што ја зајакнуваат процесната положба на обвинетите. Меѓу нив се издвојуваат:

- **Директивата 2012/13/ЕУ** за правото на информирање во кривичните постапки, која обезбедува транспарентност и навремено известување за обвинението и доказите[12];
- **Директивата 2013/48/ЕУ** за правото на пристап до адвокат, со која се гарантира ефективна правна помош и присуство на бранител во сите фази на постапката[13];
- **Директивата 2016/343/ЕУ** има за цел да го зајакне начелото на пресумпција на невиност и да го гарантира правото обвинетото лице да присуствува и учествува во судскиот процес, воспоставувајќи стандард според кој обвинетиот се третира во согласност со начелото praesumptio innocentiae сè додека судот не утврди вина, при што се обезбедува рамноправност меѓу обвинителството и одбраната.[14].

Оттука произлегува потребата да се анализира судската практика на Европскиот суд за човекови права, кој овие процесни начела ги претвора во јасни стандарди за правично судење.

2. СУДСКАТА ПРАКТИКА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И НЕЈЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КРИВИЧНО ПРАВНАТА РАМКА

Судската практика на Европскиот суд за човекови права го утврдил историскиот развој и ја развил оваа доктрина преку низа пресуди што ја обликуваат неговата материја. Во предметот ***Neumeister v. Austria (1968),*** Судот утврдил дека правото на правично судење бара странките да имаат еднаков пристап до материјалите што влијаат врз исходот на постапката.[15] Во пресудата ***Dombo Beheer B.V. v. Netherlands (1993),*** Судот изрично нагласил дека секоја страна мора да има можност да ја изложи својата позиција под услови што не ја стават во понеповолна положба во однос на спротивната страна.[16] Во ***Edwards v. United Kingdom (1992,)*** Судот оценил дека недоставувањето на докази од обвинителството кон одбраната претставува повреда на член 6, став 1, од Конвенцијата, бидејќи ја нарушува процесната рамнотежа и ја компромитира правичноста на постапката.[17] Во предметот ***Miladinov and Others v. The Former Yugoslav Republic of Macedonia (2014),*** Европскиот суд за човекови права утврдил дека кога судот одлучува за продолжување на мерката притвор без присуство на обвинетите и нивните бранители, а при тоа одбраната не е запознаена со поднесоците од јавниот обвинител ниту има можност да се изјасни за нив, се нарушува правото на контрадикторна постапка и процесната рамноправност меѓу странките. Судот оценил дека ваквото постапување претставува повреда на член 5 в.в. ставови 3 и 4 од Европската конвенција за човекови права.[18]

Сличен став Судот зазел и во поновата пресуда ***Vasilevski v. North Macedonia (2024)***, каде што утврдил дека недоставувањето на поднесоците од јавниот обвинител до одбраната при разгледување на жалба против решението за притвор, претставува повреда на еднаквоста на оружјата,

12 European Parliament & Council of the European Union. (2012, May 22). *Directive 2012/13/EU on the right to information in criminal proceedings* (OJ L 142/1). ***https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2012/13/oj/eng***

13 European Parliament & Council of the European Union. (2013, October 22). Directive 2013/48/EU on the right of access to a lawyer in criminal proceedings and in European arrest warrant proceedings (OJ L 294/1). ***https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2013/48/oj/eng***

14 European Parliament & Council of the European Union. (2016, March 9). *Directive (EU) 2016/343 on the strengthening of certain aspects of the presumption of innocence and of the right to be present at the trial in criminal proceedings* (OJ L 65/1). ***https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2016/343/oj/eng***

15 Neumeister v. Austria, App. no. 1936/63 (ECHR, 27 June 1968).

16 Dombo Beheer B.V. v. the Netherlands, App. no. 14448/88 (ECHR, 27 October 1993).

17 Edwards v. the United Kingdom, App. no. 13071/87 (ECHR, 16 December 1992).

18 Miladinov and Others v. The Former Yugoslav Republic of Macedonia, Apps. nos. 46398/09, 50570/09 and 50576/09 (24 April 2014).

бидејќи таквото постапување го нарушува контрадикторниот карактер на постапката и ја доведува во прашање нејзината правичност.[19]

Во друг предмет против Македонија, ***Stoimenov v. the former Yugoslav Republic of Macedonia (2007)***, Судот јасно и недвосмислено наведува дека правичноста на постапката подразбира еднаков пристап на странките до доказните средства и можност одбраната рамноправно да се спротивстави на вештачењата предложени од обвинителството. Судот нагласил дека правичноста на постапката бара обвинетиот да има реална можност да ангажира стручни лица (вештаци или технички советници) и да го предложи нивното вештачење во доказната постапка, со цел да ги оспори наодите и вештачењата изготвени по барање на обвинителството, во рамки на процесната рамноправност меѓу странките.[20] Истата процесна рамка се применува и при испитувањето на сведоците, при што одбраната мора да има можност да поставува прашања на сведоците што таа ги предложила, но и на оние повикани од обвинителството.[21]

Овие пресуди јасно покажуваат дека правичноста не може да се сведе на формална рамноправност, туку бара вистинска и остварлива можност двете страни под еднакви услови да учествуваат во сите фази на кривичната постапка, почнувајќи од истражните дејствија, преку изведувањето и оценувањето на доказите, па се до донесувањето на правосилната судска одлука и користењето на редовни и вонредни правни лекови. Кога ќе бидат исцрпени сите домашни правни средства, обвинетиот има право да побара заштита пред Европскиот суд за човекови права, со цел да се обезбеди целосна процесна рамноправност и доследно почитување на правото за правично судење, гарантирано преку член 6 од Европската конвенција за човекови права.

3. ОДБРАНАТА КАКО ЧУВАР НА ПРАВИЧНОСТА ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

Во националниот контекст, институтот „еднаквост на оружјата“ се одразува преку законските гаранции содржани во Законот за кривичната постапка и преку практиката на судовите во неговата примена. Неговото значење најјасно се изразува преку воспоставувањето рамнотежа меѓу обвинителството и одбраната, особено преку правото за увид во списите, можноста за изведување и оспорување докази и активно учество во сите фази. Современата процесна поставеност овозможува бранителот да спроведува сопствени истражни активности, со што практично се зацврстува начелото на процесна рамноправност.[22]

Бранителот може, самостојно или преку овластен приватен детектив, да прибира податоци од лица кои можат да изнесат факти релевантни за одбраната. Доколку е потребно, може да побара писмена изјава, а во случај лицето да одбие да сведочи, има право да побара од јавниот обвинител да го повика и да го испита во негово присуство. При ваквото испитување, бранителот прв поставува прашања, освен кога станува збор за испитување на лице кое е осомничено или обвинето во истата постапка.

ЗКП предвидува и можност бранителот да побара пристап до простории кои се затворени за јавноста. Ако пристапот биде одбиен, судот може со образложена наредба да дозволи влез и да определи начин на негово спроведување. Понатаму, бранителот има право да бара податоци и известувања од државни институции, јавни претпријатија, општини и приватни правни лица, а тие се должни да постапат во определен рок – „триесет дена“, односно седум дена ако обвинетиот е во притвор. Во случај на непостапување, судијата на претходна постапка може да наложи доставување на податоците и да изрече парични санкции, глоби на одговорните лица.

---

19 Vasilevski v. North Macedonia, App. no. 27509/18 (ECHR, 16 January 2024).

20 Stoimenov v. the former Yugoslav Republic of Macedonia, App. no. 17995/02 (ECHR, 5 April 2007).

21 Supra note 8, стр. 23

22 Повеќе за ова може да се најде во ЗКП, во делот Дејствија на одбраната, стр. 104.

Овие решенија овозможуваат воспоставување на т.н. *„бранителска истрага“*, преку која одбраната добива реална можност да ги штити своите интереси рамноправно со обвинителството.[23] Но, домашната теорија укажува дека ефективноста на ваквиот модел во практика зависи од финансиските и човечките капацитети на одбраната, бидејќи спроведувањето на вакви истражни дејствија бара значителни ресурси и организациска подготвеност.

Следствено на погоре кажаното, адвокат Никола Додовски во трудот *„Проблеми во примената на Законот за кривична постапка од аспект на одбраната“*, укажува дека практичната примена на законските одредби кои се однесуваат на дејствијата што може да ги преземе одбраната е оптоварена со бројни пречки што ја ограничуваат нејзината ефективност. Тој укажува дека при поднесување предлози до јавниот обвинител, како и при презентирање информации и докази во полза на обвинетото лице, адвокатите се соочуваат со тешкотии во воспоставувањето ефикасна комуникација, бидејќи таа најчесто се одвива исклучиво во писмена форма, што предизвикува забавување на постапката и го намалува нејзиниот квалитет токму во периоди кога навремената размена на информации е од особена важност.

Отсуството на можност за непосредна размена на информации го ограничува навремениот пристап до докази и го намалува ефектот за квалитетна одбрана, при што адвокатите остануваат зависни од посредничка, административна комуникација со обвинителството. Ваквите околности, според Додовски, ја доведуваат во прашање фактичката еднаквост на странките и целосната примена на начелото за еднаквост на оружјата,[24] при што секое нарушување на овој баланс, во било која фаза од постапката, ја прави постапката неправедна во целина.[25]

ЗАКЛУЧОК

Сумирајќи ги изнесените сознанија, станува очигледно дека македонската кривична постапка, и покрај законските гаранции и европските стандарди за правично судење, сè уште не обезбедува квалитетна, ефективна и ефикасна рамноправност меѓу учесниците во сите нејзини фази. Практиката на Европскиот суд за човекови права покажува дека формалното постоење на овој принцип не значи негова целосна реализација во домашниот систем, а разликата меѓу нормативната поставеност и практичната примена се согледува преку конкретните показатели за функционирањето на правосудниот систем.

Имено, податоците на Државниот завод за статистика за 2024 година покажуваат дека од 7.581 обвинето полнолетно лице, 6.755 се огласени за кривично одговорни, односно 89,1 проценти, а кај децата од 14 до 18 години 82,2 проценти од обвинетите се огласени за кривично одговорни. Таквата стапка, во која **речиси девет од десет обвинети завршуваат со осудителна пресуда**, отвора сериозно прашање за вистинската примена на начелото еднаквост на оружјата и за реалната состојба на одбраната во македонската кривична постапка.[26]

Овие бројки не смеат да се сфатат само како показател за ефикасност на обвинителството, туку како сигнал за потенцијален процесен дисбаланс кој се појавува меѓу странките. Од двегодишно следење на голем број судски постапки можам да забележам дека одбраната, во најголем дел, не го користи своето законско право на спроведување сопствени истражни дејствија. Во најче-

23 Калајџиев, Мисоски, Илиќ и Божиновски „Ефективна одбрана во кривичните постапки во Република Македонија“, Фондација Отворено општество-Македонија, 2014, стр. 33-36.

24 Додевски, Н. (2018). *Проблеми во примена на Законот за кривична постапка од аспект на одбрана: практични и легислаторни.* Скопје: Адвокатска комора на Република Македонија. ***https://mba.org.mk/index.php/mk/arhiva-na-informacii/item/580-publikacija-problemi-vo-primenata-na-zkp-od-aspekt-na-odbranata***

25 Гајдова, Г. (2021/2022). *Улогата на судот во доказната постапка*. Академија на судии и јавни обвинители. ***https://old.jpacademy.gov.mk/wp56/wp-content/uploads/2021/02/ednalvost-na-oruzhjata-za-19.02.2021-godina-ppt.pdf***

26 Државен завод за статистика на Република Северна Македонија. (2024). *Пријавени, обвинети и осудени полнолетни сторители на кривични дела и деца во судир со законот, 2024 година.* ***https://www.stat.mk/mk/stat/население-и-услови-за-живеење/kriminalitet/пријавени-обвинети-и-осудени-полнолетни-и-деца-сторители-на-кривични-дела/пријавени-обвинети-и-осудени-полнолетни-сторители-на-кривични-дела-и-деца-во-судир-со-законот-2024-година***

сти случаи, адвокатите се ограничуваат на прибирање документи што ги обезбедил обвинетиот, на вештачења кои не се темелни, на неформални разговори со сведоци или на минимални подготовки пред расправа, без темелна анализа и без развивање на посериозна сопствена истражна постапка. Иако Законот за кривична постапка дава и нуди широки овластувања и постапувања.

Оваа појава создава впечаток дека одбраната, во голем дел, се претвора во формален процесен елемент кој само реагира, наместо да дејствува проактивно и аналитички. Таквата состојба ја намалува нејзината доказна тежина, ја ослабува можноста за оспорување на обвинителската теза и индиректно придонесува кон високата стапка на осудителни пресуди.

Прашањето дали станува збор за неефикасност на одбраната и несериозен пристап кон работат или, пак, за прекумерна спрега меѓу обвинителството и судот, треба да биде центар на професионална научна расправа.

Не може да се занемари впечатокот дека во одредени постапки е присутна институционална наклонетост кон обвинителската страна, при што судот ја прифаќа нејзината доказна поставеност без доволна критичка оценка. Но, одговорноста не може да се префрли целосно таму. Голем дел од проблемот произлегува и од недоволната професионална подготвеност и формалистичкиот пристап на дел од адвокатите, кои не го користат потенцијалот што им го дава законот. Кога одбраната не ја гради својата позиција низ самостојна посериозна логика, туку ја прифаќа доказната рамка што ја поставило обвинителството, тогаш исходот е однапред предвидлив.

Довербата во правосудството, која веќе се движи на загрижувачки ниско ниво, не може да се подобри без преиспитување на одговорноста и кај адвокатите. Кога јавноста гледа дека речиси секое обвинение завршува со осудителна пресуда, таа почнува да го доживува судот како место за потврда на обвинителската верзија, а не како арена на докази и аргументи.

Токму затоа потребно е да се постават две вистински важни прашања што произлегуваат од ваквата состојба:

- Првото е дали одбраната навистина ја извршува функцијата што и е доверена како активен заштитник на обвинетото лице, или со својот формален и површен пристап индиректно придонесува за нарушување на правичноста во постапките и
- Второто прашање се однесува на тоа дали дел од адвокатите, потпирајќи се на фактот дека обвинителството има обврска да ја докаже вината надвор од разумно сомневање, премногу лесно и без стратегија влегуваат во процесот, наместо да покажат вистинска правна борба.

Во оваа смисла совршено се вклопува латинската изрека која има практична вредност во адвокатската работа: „*Dolum pugnandum est, dum quis par non est armis*“, што во превод значи дека „оној кој не е еднаков по сила со оружјето, треба да се бори со итрина“. Таа мисла симболично го одразува напорот на адвокатот да ја надомести институционалната предност на обвинителството преку знаење, упорност и аргументирана одбрана. Затоа е нужно да се поттикне професионална свест и етичка одговорност кај сите носители на правосудните функции, меѓу кои судиите, обвинителите и адвокатите, за да се овозможи постапка заснована врз правична рамнотежа и заемно почитување. Секој од нив носи дел од одговорноста за тоа дали постапката ќе биде правична и ќе ја оствари целта.

Најголемата обврска, паѓа врз адвокатите, кои премногу често го сведуваат своето дејствување несериозно. Иако законот им дава јасни процесни инструменти, тие ретко ги користат со знаење, посветеност и дисциплина. Без нивна активна вклученост не може да се очекува ниту рамнотежа во постапките, ниту намалување на огромниот број осудителни пресуди. Токму затоа, секое небрежно постапување во судската сала претставува злоупотреба на доверената одговорност и потценување на човечкиот живот.

(Авторот е магистер по казнено право, овластен судски набљудувач, 2024-2025, во Коалиција „Сите за правично судење“ – Скопје. Член на Здружение за кривично право и криминологија на Македонија)

ПРИТВОРОТ КАКО НАЈРЕСТРИКТИВНА МЕРКА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСУСТВО НА ОБВИНЕТИОТ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

Притворот како најрестриктивна мерка од мерките за обезбедување на присуство на обвинетиот, бара внимателна и одмерена примена. Иако неговата примена е законски оправдана само кога не постојат полесни мерки што би ја постигнале истата цел, практиката во Република Северна Македонија покажува дека за судовите, често, притворот е прва цел, наместо крајна мерка. Европскиот суд за човекови права во повеќе предмети утврдил повреди на Конвенцијата во случаи против РСМ поради недоволно релевантни и индивидуализирани образложенија за определување и продолжување на притворот како и отсуство на разгледување на полесни мерки

МИЛЕНА КОРУНОСКА

Притворот претставува мерка на процесна присилба со која поради непречено водење на кривичната постапка се задира во правото на слобода и сигурност на човекот. Се манифестира со ограничување на правото на слободата на движење, слободата на комуникација и правото на семеен живот, преку затворање на обвинето (*de jure* невино) лице за сторено кривично дело, најчесто во ќелиски простории.

АПСТРАКТ

Притворот претставува мерка за обезбедување присуство на обвинетиот во кривичната постапка, како мерка што директно задира во едно од основните човекови права - правото на слобода, па затоа нејзината примена мора да биде исклучок, а не правило.

Во трудот се анализираат правните основи, условите за определување на притвор според Законот за кривичната постапка, траењето и укинувањето, како и обврската притворот да се изрекува само тогаш кога не постои друга, поблага мерка што би го постигнала истиот ефект – *ultima ratio*. Понатаму, се анализираат пресуди на Европскиот суд за човекови права против Република Северна Македонија. Трудот ги користи и податоците од истражувањата и статистики поврзани со примената на притворот во Република Северна Македонија на Коалиција „Сите за правично судење" во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија.

Целта на трудот е да укаже на важноста од внимателна и ограничена примена на притворот, со цел заштита на човековите права.

Клучни зборови: притвор, човекови права, мерка за обезбедување присуство на обвинетиот, Закон за кривична постапка.

ВОВЕД

Човековите слободи и права се едно од најзначајните обележја во еволуцијата на човековата цивилизација. Тие се препознаени и заштитени со повеќе меѓународни документи на разни меѓународни тела и организации, меѓу кои Универзалната декларација за човекови права и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права на Обединетите нации, Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) на Советот на Европа, како и Повелбата за основните права во Европската Унија.[1]

Условите под кои може да се ограничи правото на слобода и да се определи за мерка за обезбедување со која се лишува од слобода обвинетиот како и постапката за определување на мерките се регулирани со Уставот на Република Северна Македонија, Законот за кривична постапка, членот 5 од Европска конвенција за човекови права (Ратификувана со Закон од страна на РСМ) и ставот 2 од Протоколот бр. 4 на Европската конвенција за човекови права.

Во Законот за кривична постапка предвидена е најстрогата мерка за обезбедување на присуство на обвинетиот, а тоа е мерката притвор, која според чл. 164, може да се определи само под условите предвидени во овој закон. Притворот не е казна и не смее да се третира како казна, туку тој е мерка која служи исклучиво за обезбедување на присуство на обвинетиот и за успешно водење на кривичната постапка, т.е. мерка со чисто процесна цел.[2] Фактот што осомниченото лице е во притвор, не значи и дека ќе биде обвинето и осудено, ниту, пак, пуштањето од притвор на слобода е потврда дека некое лице ќе добие ослободителна пресуда.[3] Понатаму, оваа мерка се применува со цел да се спречи опасноста од понатамошното криминално поведение на обвинетиот.

---

1 Аврамовски Д, (Примена на мерката притвор во Република Северна Македонија, Програмска канцеларија на Советот на Европа во Скопје 2024) стр. 7.

2 Калајџиев Г., Мисоски Б., и др. (*Казнено процесно право, Правен факултет „Јустинијан Први" 2015*) стр. 171.

3 Калач Ј. (Кривичната постапка од перспектива на одбраната, Јасмин Калач 2025) стр. 55.

1. ПРИТВОРОТ ВО ДОМАШНОТО ПРАВО

Притворот може да се определи само под услови предвидени во Законот за кривична постапка. Траењето на притворот мора да биде сведено на најкратко нужно време. Должност е на сите органи кои учествуваат во кривичната постапка и на органите што им укажуваат правна помош да постапуваат со особена итност ако обвинетиот се наоѓа во притвор. При одлучување за притворот, особено за неговото траење, ќе се води посебна сметка за сразмерноста меѓу тежината на стореното кривично дело, казната која може да се очекува според податоците со кои располага судот и потребите за определување и траење на притворот. Во текот на целата постапка притворот ќе се укине веднаш штом ќе престанат причините врз основа на кои бил определен.[4]

Нашиот законодавец се определил за системот на таксативно наведување на основите за определување на притвор. Ако постои основано сомневање дека определено лице сторило кривично дело, доколку притворот е неопходен за непречено водење на кривичната постапка, против тоа лице може да се определи притвор, ако: се крие, ако не може да се утврди неговиот идентитет или ако постојат други околности што укажуваат на опасност од бегство; постои основан страв дека ќе ги скрие, фалсификува или уништи трагите на кривичното дело или ако особени околности укажуваат дека ќе ја попречува кривичната постапка со влијание врз сведоците, вештаците или соучесниците; особени околности го оправдуваат стравот дека ќе го повтори кривичното дело или ќе го доврши започнатото кривично дело или дека ќе стори кривично дело со кое се заканува или уредно повиканиот обвинет очигледно избегнува да дојде на главната расправа, или ако судот направил два обида уредно да го повика обвинетиот, а сите околности укажуваат дека обвинетиот, очигледно, одбегнува да ја прими поканата.[5]

Самиот факт што за определување на притвор значи не е доволно само основано сомневање дека одредено лице извршило кривично дело.Се бара и постоење на една од наведените причини, што е една од гаранциите дека до ограничување на слободата на граѓанинот во текот на кривичната постапка ќе дојде само во исклучителни случаи.

Притворот не е единствената мерка со која може да се обезбеди присуство на обвинетиот. Македонското законодавство овозможува и други мерки кои може да се применат за нејзино остварување, а тие се: покана, мерки на претпазливост, гаранција, приведување, лишување од слобода, задржување, куќен притвор и краткотраен притвор. [6] Со нив се ублажува ограничувањето на човековите права и слободи и тие најчесто се поекономични.

Издржувањето на мерката притвор во затворските установи предизвикува соодветни финансиски трошоци. Еден ден во притвор за едно лице изнесува приближно 1.000 МКД. Буџетот на Република Северна Македонија бележи значителни трошоци за спроведување на мерката притвор.

2. КРАТКОТРАЕН ПРИТВОР

Судијата на претходна постапка може по предлог на јавниот обвинител, со писмено и образложено решение да му определи на лицето лишено од слобода краткотраен притвор од 48 часа во случај кога ќе најде дека постои основано сомневање дека лицето е сторител на кривично дело кое му се става на товар и дека постојат основи за определување на мерката притвор од членот 165 став 1, 2 и 3 од Законот за кривична постапка (член 170 од ЗКП). Во суштина, се работи за задржување на осомничениот против кого јавниот обвинител заради недостиг од време во случаи на итност **сè уште** не донел наредба за спроведување на истрага или не поднел непосредно обвинение, но јасно изразил таква намера со предлогот лицето да се притвори додека тој не ја подготви наредбата за спроведување истрага и другите потребни документи што ги оправдуваат истрагата и притворот.

---

4 Закон за кривична постапка, Службен весник на РМ, бр.150/2010, член 164.

5 Ibid, член 165 став.1

6 Ibid, член 145, член, 146, член 150, член 157, член 158, член 159, член 163, член 170.

Ваквата мерка е од привремен карактер, па доколку јавниот обвинител по истекот на рокот од 48 часа не поднесе предлог за определување мерка притвор од член. 165 став. 1, 2 и 3 од ЗКП, лицето ќе се пушти на слобода.

3. ТРАЕЊЕ И УКИНУВАЊЕ НА ПРИТВОРОТ

Најважното прашање во врска со притворот е неговото траење. Определена е неговата максимална граница на траење и регулирано е прашањето под кои услови тој може да се продолжи и кои органи се надлежни за продолжувањето.

По иницијатива од Врховниот суд на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија, на 01.07.1998 година, донесе одлука за прогласување на Амандман III на Уставот на Република Северна Македонија, со кој се заменува ставот 5 од членот 12 од ЗКП. Амандманот III пропишува дека притворот до подигањето на обвинение, по одлука на судот, може да трае најдолго 180 дена од денот на притворањето, а по подигањето на обвинението притворот може да го продолжи или да го определи надлежниот суд, во случаи и со постапка определена со закон.

Меѓутоа, не смее да се заклучи дека во сите случаи на притвор може и треба да се оди на неговото максимално траење. По правосилност на обвинението притворот може да трае најмногу до: 1 година за кривични дела за кои може да се изрече казна затвор до 15 години и 2 години за кривични дела за кои може да се изрече казна затвор доживотен затвор. Ако обвинетиот побегне од притвор, роковите за притвор ќе почнат да течат одново.

Во настојувањето да ги регулира сите важни прашања во врска со притворот, законодавецот го регулира и прашањето за неговото укинување.

Прво, тој пропишува начелна одредба, според која во текот на целата постапка притворот ќе се укине штом ќе престанат причините врз чија основа бил определен (член 164, став. 4). Други причини за укинување на притворот со решение и пуштање на слобода е кога судот ќе оцени дека е исполнет некој од условите во член 173, а тие се: ако натамошниот притвор не би бил во сразмерност со тежината на стореното кривично дело, кога истата цел заради која е определен притворот може да се постигне со некоја друга мерка, кога укинување на притворот предложил јавниот обвинител пред поднесување на обвинителен акт, ако обвинетиот е ослободен од обвинението или е огласен за виновен, а е ослободен од казната или е осуден само на парична казна, кога ќе истечат роковите за траење на притворот и кога притворот е определен според членот 165 став 1 точка 2 од ЗКП, а обвинетиот дал изјава за признавање на вината или откако ќе бидат прибавени сите докази поради кои притворот по свој основ бил определен, а најдоцна до завршување на главната расправа.

4. ПРЕСУДИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ПОВРЗАНИ СО МЕРКАТА ПРИТВОР

Рамковски против Македонија: Предмет во кој ЕСЧП утврдил несоодветна образложеност и аргументираност на решенијата за притвор, како и отсуство на индивидуализиран пристап за обвинетите. Се работи за случајот познат како „Пајажина“ во кој беа обвинети вкупно 23 лица. Во конкретниот случај 19 лица беа притворени во фаза на истрага, во процес започнат поради сомнежи за даночно затајување и перење пари, сторени од страна на организирана група. Притворот е првично определен по сите три основи за притвор предвидени во ЗКП – опасност од бегство, да го повторат делото и да влијаат врз истрагата, а по поднесувањето на обвинението притворот е продолжен само врз основа на опасноста од бегство и постоењето посебни околности кои укажуваат на тоа дека обвинетите можат да го повторат делото. За 5 лица притворот во

текот на постапката е заменет со куќен притвор, а за едно лице со полесни мерки за обезбедување, додека 9 лица остануваат во притвор повеќе од една година.

Судот утврдил повреда на членот 5 од Конвенцијата поради тоа што домашните судови не дале образложение со релевантни и доволни причини за континуираниот притвор. Покрај отсуство на релевантни и доволни причини за продолжување на мерката притвор, судот, исто така, замерил на колективните притворски решенија и на пропустот на домашните судови да ги разгледаат алтернативните начини на обезбедување на присуство во текот на судењето, како и пропустот да се оцени дали основите и причините поради кои бил определен притворот продолжиле да постојат и во периодот кога тој бил продолжуван.

Во однос на можноста за бегство, ЕСЧП потенцира дека мора да се земе предвид карактерот на засегнатиот поединец, неговите морални аспекти, врските со државата во која се води постапката и неговите контакти со странство. Бидејќи станува збор за организирано дело, судот забележал дека тоа само по себе без да се посочи на личните карактеристики и однесувањето не може да биде оправдување за долгиот притвор. Судот потенцира дека оценката на разумноста на траењето на притворот не може да се врши на апстрактен начин, туку дека континуираниот притвор може да биде оправдан само во случај на постоење на дополнителни и позначајни причини, поткрепени со докази и образложенија за секое следно продолжување на притворот. [7]

Сејдији против Македонија: Станува збор за предмет во кој апликантот е лишен од слобода под сомневање за злосторничко здружување и злоупотреба на службената положба и овластување. Решението за притвор се однесувало на основите за притвор, поточно опасност од бегство, влијание врз истрагата и опасност од повторување на делото. Откако завршила истрагата и е поднесено обвинение, во понатамошниот период до завршување на постапката единствена основа за држење на жалителот и другите обвинети во притвор пред судењето била опасноста од бегство.

Европскиот суд за човекови права констатираше повреда на членот 5 став 3 од Европската конвенција за човекови права, поради отсуство на доволни причини за продолжување на притворот на жалителот. Дополнително, ЕСЧП утврди дека домашните судови не дале образложение со релевантни и доволни причини за континуираниот притвор, без притоа да ја разгледаат можноста што реално постоела за примена на други алтернативни мерки. Во однос на ризикот од бегство, кој останал како единствен основ по кој судовите го продолжувале притворот, судот зазеде став дека опасноста од бегство не може да се заснова единствено врз висината на запретената казна, земајќи ја предвид сериозност на делото. [8]

5. АНАЛИЗА И СТАТИСТИКА НА ПРИМЕНАТА НА МЕРКАТА ПРИТВОР ВО РСМ

Врз основа на истражување спроведено за период од 2018 до 2022 година[9], може да се забележи дека притворот како мерка за обезбедување на присуство најчесто е користена со вкупен број на изречени притвори од 2.586, за разлика од останатите полесни мерки, како, на пример, куќен притвор, со вкупен број на изречени 219 мерки.

Во однос на основите на кои е побаран и определен притворот, доминантно тој е побаран и определен врз сите три основи кои ги предвидува ЗКП, односно опасност од бегство, влијание врз истрагата и повторување на делото. Потоа, најмногу е побаран и определен по основ опасност од бегство, Во некои случаи веднаш потоа се јавува комбинација од опасност од бегство и повторување на делото, како и опасност од бегство и опасност од влијание врз кривичната постапка.

---

7 Ramkovski v. R.Macedonia app. no. 33566/11 (ECHR 8 February 2018)

8 Sejdiji v.Macedonia app. No. 8784/11 (ECHR 7 June 2018)

9 Supra note 1, стр. 21, стр. 25, стр. 26, стр. 28.

Во однос на тоа дали барањето за притвор содржи образложение за секој од основите на кои се бара притвор, ЗКП, како и практиката на ЕСЧП предвидуваат тие да бидат посебно аргументирани. Сепак, се увиде дека надлежните органи не ги аргументираат основите врз кои притворот е побаран, односно определен и многу често даваат сумарни образложенија за сите основи заедно. Односно обвинителството само во 46% од анализираните предмети дало аргументација за секој од основите поединечно, додека, пак, во останатите 54% од предметите обвинителите се осврнале само на дел од околностите, користеле сумарно образложение за сите основи заедно или само ги повториле законските одредби кои се однесуваат на основите за определување на притвор.

Бидејќи мерката притвор е најтешката мерка и како таква треба да биде определена само во исклучителни ситуации, кога дури ни комбинација од останатите мерки нема да може да го постигне потребниот ефект, јавните обвинители во барањата за определување на притвор наведуваат аргументи зошто судот е потребно да ја определи токму оваа мерка. Но, истражувањето покажува дека дури 290 од 507 барања за определување на притвор воопшто не се осврнуваат на останатите полесни мерки и не наведуваат причини зошто токму мерката притвор е онаа која треба да биде определена. Состојбата е дополнително загрижувачка затоа што во 169 од 217 барања за определување на притвор, обвинителството само констатирало дека целта на определување на мерката нема да може да биде постигната со други мерки или, пак, дало некакво општо и апстрактно образложение како тежината на делото и висината на казната.

ЗАКЛУЧОК

Притворот како најрестриктивна мерка од мерките за обезбедување на присуство на обвинетиот, бара внимателна и одмерена примена. Иако неговата примена е законски оправдана само кога не постојат полесни мерки што би ја постигнале истата цел, практиката во Република Северна Македонија покажува дека за судовите, често, притворот е прва цел, наместо крајна мерка.

Европскиот суд за човекови права во повеќе предмети утврдил повреди на Конвенцијата во случаи против РСМ поради недоволно релевантни и индивидуализирани образложенија за определување и продолжување на притворот како и отсуство на разгледување на полесни мерки.

Прекумерната примена на притворот има и поширок негативни последици. Таа води кон пренатрупаност на притворските одделенија, зголемување на јавните трошоци, нарушување на личниот и семејниот живот и ја нарушува ресоцијализацијата на обвинетите лица.

Во едно современо и демократско општество, лишувањето од слобода мора секогаш да биде крајна, строго контролирана и целосно оправдана мерка. Потребата од ефикасно водена кривична постапка не смее да биде на штета на основните човекови права и достоинството на личноста.

(Авторката е студент на мастер студии по казнено право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, овластен судски набљудувач во Коалицијата „Сите за правично судење“ – Скопје)

ГРАЃАНСКА ЗАШТИТА НА АВТОРСКИТЕ ПРАВА СПОРЕД ЗАКОНОДАВСТВОТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО

Авторските права, според законодавството на Република Северна Македонија, имаат вистинска правна заштита во теорија, но не може да се каже дека таа се применува во пракса. Ова е очигледно од бројот и видовите судски одлуки, каде што бројот на поднесени тужби е многу мал, и покрај фактот дека живееме во ерата на дигитализација, со различни повреди на авторските права. Од спроведената анализа, може да се заклучи дека најчестите барања се за заштита на музичките права, презентирани од Здружението за заштита на музичките права и авторските права, честопати вклучувајќи случаи со мала парична вредност

БАРДХИЛ ЛИМАНИ

АПСТРАКТ

Авторските права, како што се наведени во системите на општото право, претставуваат независно и уставно загарантирано право од апсолутна и лична природа. Тие се тесно поврзани со поединецот како творец на интелектуални дела во литературата, уметноста и науката. Овие права се регулирани со меѓународни конвенции и со национално законодавство, обезбедувајќи уживање и правна заштита на интелектуалните творештва на авторот.

Овој труд ја испитува правната рамка што ја регулира заштитата на авторските права како суштински дел од граѓанското право. Фокусот е ставен на механизмите за граѓанска заштита, анализирајќи ги повредите и на моралните и на имотните права на авторот, граѓанските санкции што се применуваат во такви случаи и правото на авторот да бара времени мерки за заштита на неговите интелектуални дела. Трудот, исто така, се базира на судски одлуки од неколку основни судови со цел да ги идентификува најчестите повреди на авторските права и соодветните правни лекови.

Клучни зборови: авторски права, граѓанска заштита, морални права, Бернска конвенција, времени мерки.

ВОВЕД

Авторот е физичко лице кое создава оригинално дело, а авторските права настануваат автоматски, во моментот на создавањето. Се претпоставува дека автор е лицето чие име, псевдоним или идентификациски знак се појавува на делото или неговите копии, освен ако не се докаже поинаку. Авторското дело е интелектуална и индивидуална креација во областа на литературата, науката или уметноста, изразена во која било форма.[1] Таквите дела вклучуваат пишани текстови, компјутерски програми, говори, музички и драмски композиции, кореографски дела, фотографии, аудиовизуелни креации, визуелна уметност, архитектонска и применета уметност, дизајни и картографски или технички дела. Репродукцијата на дело може да се квалификува и како оригинално дело ако ги исполнува дефинираните креативни критериуми.

Авторските права се единствени и неразделни од авторското дело, опфаќајќи ги и моралните и материјалните (економските) права. Моралните права го вклучуваат правото да се одлучи кога и како делото ќе биде првпат објавено, начинот на припишување на авторството и правото да се спротивстави на какво било нарушување или промена што може да му наштети на интегритетот или угледот на авторот. Материјалните права ги штитат економските интереси на авторот што произлегуваат од употребата или комерцијализацијата на делото[2]. Како компонента на граѓанско-правните односи, авторските права претставуваат форма на интелектуална креативност, различна од материјалната сопственост, но сепак е правно заштитено право.[3]

Уставот на Република Северна Македонија ја гарантира слободата на научната, уметничката и другата интелектуална креативност. Член 47 експлицитно ги штити правата што произлегуваат од таквата креативност и ја обврзува државата да го промовира и поддржува развојот на науката, уметноста и културата. Оваа уставна гаранција претставува основа за заштита на авторските права во националниот правен систем.

Во глобалната дигитална ера, креаторите се соочуваат и со невидени можности и со сериозни предизвици. Дигиталните платформи овозможуваат пристап до креативна содржина низ целиот свет, но тие исто така го олеснуваат кршењето на авторските права и пиратството. Како што е

1 Закон за авторското право и сродните права, Службен Весник бр. 115/2010, 140/2010; 51/2011; 147/2013; 154/2015; 27/2016; 87/2025.

2 Prof.Dr. Adnan Jashari, “E drejta Afariste Kontraktore”, Tetove, 2016, p.527

3 Abdulla Aliu, “E drejta Civile”, Universiteti i Prishtinës, Prishtine 2013, p.287

нагласено во „Основи на авторските права“[4], ефикасната заштита и спроведување на авторските права станаа неопходни за одржување на креативноста и иновациите. Без такви правни заштитни мерки, неовластеното користење на дела би ги поткопало економските стимулации за создавање и би го нарушило придонесот на креативните индустрии во културниот и економскиот развој.

Затоа, заштитата на авторските права е универзален правен принцип, регулиран од речиси сите правни системи и поддржан од меѓународни инструменти како што се Бернската конвенција за заштита на литературните и уметничките дела (1886) и Универзалната конвенција за авторски права (1952). Овие рамки имаат за цел да ги хармонизираат стандардите за авторски права на глобално ниво, осигурувајќи дека авторите и креаторите можат да уживаат фер признание и заштита за нивните интелектуални напори.

1. ЗАШТИТА НА АВТОРСКИТЕ ПРАВА СПОРЕД ЗАКОНОДАВСТВОТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Овој дел се однесува на правната заштита на авторските права, наведувајќи ги мерките и санкциите што надлежните органи можат да ги применат кога таквите права се прекршени. Заштитата служи не само за санкционирање на прекршувањата, туку и за спречување на штета и обезбедување надомест за предизвикана штета. Според законодавството на Република Северна Македонија, како и споредбеното право, правната заштита е поделена на граѓански, кривични и административни форми. Овие механизми се комплементарни, дозволувајќи истовремено да се применуваат повеќе правни лекови во случаи на повреда на авторските права. Сите такви заштити ги обезбедуваат државните институции, првенствено судовите[5].

Заштитата на креативното дело на авторот е од суштинско значење, бидејќи ја промовира креативноста, ги обезбедува економските интереси и обезбедува правична компензација. Правната заштита од повреди на авторските права вклучува:

1. Граѓанско-правна заштита - регулирана со Законот за авторски права и сродни права и правилата на граѓанската постапка;
2. Кривично-правна заштита - регулирана со Кривичниот законик и правилата на кривичната постапка
3. Административна (прекршочна) заштита - врз основа на Законот за авторски права и сродни права и одредбите за прекршоци.

Иако постојат сите три форми, овој труд се фокусира исклучиво на граѓанско-правната заштита. Оваа форма на заштита се протега и на технолошки мерки што спречуваат повреди на правата. Во случаи на увоз, извоз или повторен извоз на дела заштитени со авторски права или сродни материјали, се применуваат царински мерки според Законот за авторско право и сродните права.[6] Иако механизмите за самоодбрана не се исклучени, судската заштита останува примарна заштита на авторските права.

1.1. ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ЗА ЗАШТИТА

Главната страна што има право да бара заштита е авторот како носител на правата што произлегуваат од неговото интелектуално творештво. Сепак, овластените корисници и организациите за колективни права можат да дејствуваат и како носители на права. Лице чии права се повредени - или кога постои разумна закана од повреда - има право да поднесе:

---

4 The United States Patent and Trademark Office (USPTO), 2024

5 Јадранка Дабовиќ-Анастасовска & Валентин Пепелугоски, „Авторско право“ Скопје, Правен факултет „Јустинијан први“, 2015, стр.268

6 Supra note 1. види член 159 од ЗАПСП.

а) барање за заштита на правото;

б) барање за времени или други мерки, како што е дефинирано во Законот за авторско право и сродните права (ЗАПСП).[7]

Ваквите постапки се третираат како итни. Во случаи на заеднички права, секој носител може самостојно да побара заштита како да е единствен сопственик, а исполнувањето на обврските кон еден носител ја прекинува одговорноста кон другите. Слично на тоа, ако повеќе лица заеднички прекршат некое право, тие се сметаат за солидарно и поединечно одговорни според ЗАПСП.

1.2. ЗАШТИТА СО ТЕХНОЛОШКИ МЕРКИ

Технолошките мерки се однесуваат на која било технологија, компјутерска програма средства или нивни составни делови кои, за време на нормалното работење, служат за спречување или ограничување на неовластени дејствија дефинирани со Законот за авторски права и сродни права (ЗАПСП), без дозвола на носителот на правото. Ваквите мерки се сметаат за делотворни доколку носителот на правото ги остварува со примена на контролиран пристап или процес на заштита, како што е кодирање, искривување или друг вид на менување на делото, како и преку механизмите за контрола на умножувањето.

Прекршување се случува и кога некое лице знаело или можело да знае дека презема какви било противзаштитни дејствија со цел изигрување на делотворните технолошки мерки кои служат за заштита на тоа право и тоа:

1. се промовираат, рекламираат или се во продажба заради изигрување на технолошки мерки,
2. имаат само ограничено комерцијална цел или користење, освен заради изигрување,
3. првенствено се креирани, произведени, приспособени или функционираат за да се овозможи или олесни изигрување на технолошките мерки.[8]

Овие одредби се однесуваат и на која било технологија што отстранува или менува информации за управување со електронски права. Сепак, може да се применат исклучоци. Во случаи предвидени со закон, носителот на правото кој користи технолошки мерки мора, без одлагање, да обезбеди пристап до делото кога лице кое има законско право го бара тоа, или со отстранување или со приспособување на технолошката заштита.

7 Ibid.

8 Види член 163.

2. ГРАЃАНСКО-ПРАВНА ЗАШТИТА НА АВТОРСКИТЕ ПРАВА

Според ЗАПСП, лицата кои ги кршат авторските права се одговорни за штета според општите правила на Законот за облигационите односи, кои опфаќаат и материјална и нематеријална штета. Одговорноста се заснова на претпоставена вина, клучен елемент и во договорната и вондоговорната одговорност. Не е важно дали сторителот знаел дека делото претставува повреда. Барањето за штета може да биде придружено или да следи по тужба со која се потврдува повредата, но не може да ѝ претходи.

Авторот има право на граѓанско-правна заштита секогаш кога се повредени неговите морални или материјални права. Тој може да бара надомест за сторена материјална штета и загубена добивка предизвикана од неовластено користење на неговото дело. Правната заштита вклучува неколку специфични барања:[9]

1. Престанок на дејствието на повреда - Авторот може да побара прекин на дејствието или забрана на такво или слично дејствие во иднина;
2. Надоместок за материјална штета - Авторот може да бара надоместок и за сторена материјална штета и за загубена добивка, пресметана врз основа на надоместокот што би бил платен за овластена употреба;
3. Надоместок за нематеријална штета - Во случаи кои вклучуваат морални права, дури и во отсуство на материјална штета, судот може да досуди надоместок за претрпена душевна болка и страдање како последица од повредата на моралното право;
4. Зголемен надоместок - Доколку повредата е намерна или е резултат на крајна небрежност, судот може да го зголеми надоместокот до 200%, земајќи го предвид степенот на вина на сторителот, износот на договорениот или вообичаен надоместок;
5. Означување на авторот - Кога е повредено моралното право на авторот да биде идентификуван, судот може да наложи правилно означување на авторството;
6. Враќање на користите стекнати од недозволеното користење - Авторот може да бара надомест на профитот стекнат од неовластена употреба, следејќи ги прописите за облигациони односи;
7. Отстранување од промет на предметите од повредата на правото - Авторот може да побара повлекување или уништување на примероци, материјали или средства што се користат за повреда, на трошок на сторителот. Судовите мора да ја проценат пропорционалноста меѓу сериозноста на повредата, интересот на авторот и влијанието врз трети лица;
8. Објавување на судската одлука - Авторот може да побара објавување на правосилната пресуда со која целосно или делумно се усвојува неговото барање за заштита на авторско право и сродните права во медиумите за масовна комуникација.

Кога овие мерки не одговараат на природата или сериозноста на повредата, или кога уништувањето на материјалите би предизвикало непропорционална штета, судот може наместо тоа да наложи паричен надоместок еднаков на она што би се платило за законска употреба.

2.1. ВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА

Кога автор или носител на авторски права поднесува барање за времени или други мерки, согласно одредбите за обезбедување на побарувања (со предлог или тужба) во случаи на повреда на авторски права или непосреден ризик од повреда, судот може да изрече времени мерки за престанок или спречување на повредата. Тие може да вклучуваат:[10]

а) спречување на непосредно повредување на правото;

---

9 Види член 166.

10 Види член 175.

б) времена забрана за повреда на правото или условување на нејзиното продолжување со плаќање на парична казна или положување на гаранција со која ќе се обезбеди надоместок;

в) запленување или задржување на примероци за кои постои сомневање дека го повредуваат правото заради спречување на увоз и пуштање во промет за комерцијална цел;

г) донесување на други слични мерки пропишани со закон.

Ваквите мерки може да се применат и против посредници чии услуги се користат за повреда на правото. Во случаи на повреди заради стекнување економска корист, каде што авторот или носителот на правото укажува на ризик од непоправлива штета, судот може да наложи и времено запленување на движен или недвижен имот, блокирање на банковни сметки или други средства на повредувачот на правото. За да се обезбеди спроведување, судот може да одобри пристап до финансиски и банковни документи, гарантирајќи ја доверливоста и законската употреба на таквите информации.[11]

Времени мерки може да се изречат ex parte (без сослушување на спротивната страна) ако подносителот на барањето достави разумни докази за сопственост, доказ за фактичко или законувачко кршење или покаже дека одложувањето би предизвикало непоправлива штета. Кога се одобрува времена мерка без сослушување на другата страна, судот мора веднаш да ја достави одлуката до таа страна по спроведувањето. Одлуката мора да го наведе времетраењето на мерката и, кога е донесена пред тужба, да вклучува рок - кој не надминува 20 работни дена - за поднесување барање за оправдување на продолжувањето на мерката. Освен ако поинаку не е предвидено со ЗАПСП, се применуваат прописите за обезбедување на побарувањата.

2.2. МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДОКАЗИ

На барање на авторот, судот може да изрече мерки за обезбедување докази и тоа за:

а) изработка на детален опис на примерок за кој има сомнение дека повредува право;

б) одземање на примерок за кој има сомнение дека повредува право;

в) одземање на материјали и средства кои се користени за изработка и пуштање во промет на примерок за кој има сомнение дека повредува право.[12]

Овие мерки, како и времените мерки за заштита, може да се наредат и без сослушување на спротивната страна ако подносителот на барањето достави разумен доказ за правото на сопственост и докази за повреда или закана од непоправлива штета. Одлуката мора да го наведе времетраењето на мерката и рокот - повторно, не подолг од 20 работни дена - за поведување формална постапка.

2.3. ДРУГИ ЗАШТИТНИ МЕРКИ

Законот, исто така, предвидува неколку дополнителни мерки што можат да се изречат на барање на авторот или носителот на авторските права:[13]

- *Доставување податоци* - носителот на правото може да побара доставување податоци за потеклото и каналите на промет на делото/примерокот на делото со кои се повредува неговото право;
- *Превентивни дејствија за заштита* - за да се обезбедат доказите, авторот или носителот на правото може да регистрира и депонира оригинали или примероци на своето дело, фонограм или видеограм кај нотар или правен застапник;

11 Ibid.

12 Види член 176.

13 Види член 178-180.

- *Симболи и ознаки* - ексклузивниот носител на авторски права може да го означи оригиналот или примероците од своето дело, вклучувајќи ги и видеограмите, со симболот ©, проследен со неговото име или псевдоним и годината на првото објавување. Слично на тоа, носителот на ексклузивни фонограмски права може да го користи симболот (℗) заедно со информации за идентификација и годината на првото објавување.

3. ПРАКТИЧНАТА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА АВТОРСКИ ПРАВА И СРОДНИ ПРАВА

За да се процени практичната имплементација на Законот за авторско право и сродните права во Република Северна Македонија, беше спроведена анализа на судски одлуки донесени од неколку основни судови и тоа: Основниот граѓански суд Скопје, Основниот суд Тетово, Основниот суд Куманово и Основниот суд Битола. Прегледот опфати одлуки донесени во период од четири години, од 10 декември 2020 година до 10 декември 2024 година, во врска со случаи поврзани со заштита на авторските права.

Анализата на Основниот граѓански суд Скопје откри дека пребарувањето на одлуки што го содржат терминот „авторски права“, резултираше со само 15 пресуди. Најчестите барања вклучуваа:

- Надомест за користење на музички дела преку механичка репродукција и сродни права;
- Штети за повреда на авторски права, вклучително и заштита на морални и материјални права;
- Повреда на личните права на авторите, како што е правото на чест и углед;
- Повреда на индустриска сопственост и нелојална конкуренција, особено повреди на трговски марки;
- Конкретен случај поврзан со наводното неовластено емитување на македонскиот балет „Македонска историја“, каде беше подигнато обвинение за овозможување и извршување на јавната изведба без согласност на композиторот.

Наодите од пребарувањето на пресуди на основните судови во Тетово, Куманово и Битола покажаа слично ограничен број предмети. Вкупно беа идентификувани 16 судски одлуки: две во Тетово, единаесет во Куманово и три во Битола. Поголемиот дел од овие постапки вклучуваа:

- Барања за надомест поднесени од Здружението за заштита на авторските права во музиката за неовластена јавна употреба;
- Барања за клевета и надомест на нематеријална штета;
- Повреди на моралните и материјалните права, особено во врска со неовластено преземање и објавување на фотографии заштитени со авторски права.

Важно е овие резултати да се толкуваат со претпазливост, бидејќи недостасуваат сеопфатни статистички податоци. Сепак, судскиот портал останува официјална онлајн платформа за сите судови во Северна Македонија и служи како сигурен примарен извор на податоци.[14]

Врз основа на овие прелиминарни наоди, може да се заклучи дека многу малку случаи за авторски права и сродни права се поведуваат пред судовите во Република Северна Македонија. Ова укажува дека, и покрај постоењето на сеопфатна законска рамка, практичното спроведување на заштитата на авторските права останува ограничено.

14 Одлуките се пронајдени со пребарување на веб-страницата на Судскиот портал на Република Северна Македонија.

4. БЕРНСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИТЕРАТУРНИ И УМЕТНИЧКИ ДЕЛА

Бернската конвенција[15], усвоена во 1886 година, е камен-темелник на меѓународната заштита на авторските права. Таа ги штити литературните, драмските, музичките, уметничките, кинематографските и аудио-визуелните дела, давајќи им на странските автори исти права како и на домашните во сите земји потписнички. Заедно со Римската конвенција (1961), која ја проширува заштитата на изведувачите и продуцентите, таа ја формира основата на современите авторски права[16]. Земјите потписнички на Бернската конвенција ја сочинуваат Унијата за заштита на литературните и уметничките дела. Според Член 2, заштитените дела ги вклучуваат сите интелектуални творби - книги, говори, музика, филмови, фотографии, архитектура, применета уметност и други уметнички или научни дела - без оглед на формата. Секоја држава може да бара делата да бидат фиксирани во материјален медиум за да се квалификуваат за заштита.

Конвенцијата, исто така, ги опфаќа преводите, адаптациите и музичките аранжмани како оригинални дела и ги признава збирките и антологиите за нивниот креативен избор и аранжман. Ги исклучува фактичките вести и информациите од печатот од заштита и дозволува националното законодавство да ја ограничи заштитата за одредени јавни говори или предавања. Правото на заштита се заснова на националноста, живеалиштето или местото на објавување на авторот, вклучувајќи истовремено објавување во рок од триесет дена во повеќе држави. „Објавени“ дела се оние што се јавно достапни со согласност на авторот, додека изведбите или изложбите не претставуваат објавување.

Бернската конвенција се темели на три принципи[17]:

1. Национален третман - странските и домашните автори уживаат еднаква заштита;
2. Автоматска заштита - не е потребна формална регистрација;
3. Независност на заштитата - правата постојат независно од законите на земјата на потекло.

Конвенцијата, исто така, ги признава моралните права, обезбедувајќи го правото на авторот да бара авторство и да се спротивстави на какво било нарушување или модификација што може да му наштети на неговата чест или углед. Овие права остануваат важечки по смртта на авторот, барем колку што важат и економските права. Според член 7, авторските права траат во текот на целиот живот на авторот плус педесет години, со специфични рокови за кинематографски, анонимни фотографски и применети уметнички дела[18]. Земјите потписнички можат да предвидат подолги рокови.

Авторите имаат ексклузивно право да дозволат репродукција на нивните дела, иако државите можат да дозволат ограничени употреби што не се во спротивност со нормалното искористување на делото или неправедно ги нарушуваат интересите на авторот. Исклучоци вклучуваат цитати, образовни употреби и известување за тековни настани. Земјите во развој можат да доделат неволно лиценци за превод или репродукција за образовни цели, под специфични услови. Конечно, земјите потписнички можат да склучуваат посебни договори со кои се даваат поширок права, а нерешените спорови во врска со толкувањето на Конвенцијата може да се упатат до Меѓународниот суд на правдата.[19]

15 Berne Convention for the Protection of Literary and Artistic Works - September 1886.

16 Prof.Dr. Adnan Jashari, “E drejta Afariste Kontraktore”, Tetove, 2016, p.525.

17 World Intellectual Property Organization, 2024, “Summary of the Berne Convention”.

18 Ibid.

19 Supra note 15.

ЗАКЛУЧОК

Авторските права, според законодавството на Република Северна Македонија, имаат вистинска правна заштита во теорија, но не може да се каже дека таа се применува во пракса. Ова е очигледно од бројот и видовите судски одлуки, каде што бројот на поднесени тужби е многу мал, и покрај фактот дека живееме во ерата на дигитализација, со различни повреди на авторските права. Од спроведената анализа, може да се заклучи дека најчестите барања се за заштита на музичките права, презентирани од Здружението за заштита на музичките права и авторските права, честопати вклучувајќи случаи со мала парична вредност. Исто така, вреди да се напомене дека не се сретнати никакви барања за заштита на авторски права што потекнуваат од литературни творци, како што се книги, публикации итн.

Од ова, се поставува прашањето: дали малиот број тужби за заштита на авторските права се должи на непознавање на законските одредби и можностите што законот им ги нуди на авторите чии права се повредени? Можеме да кажеме дека законските одредби што ја регулираат заштитата на авторските права се доволни и не е потребно да се прават измени во постојните закони. Во однос на видовите заштита, може да се заклучи дека граѓанската заштита е поповолна за авторот чии права се повредени, бидејќи авторот остварува директен приход преку граѓански тужби, додека другите видови заштита се казнени и превентивни по природа.

Покрај тоа, Бернската конвенција за заштита на литературни и уметнички дела гарантира меѓународна заштита на авторските права во сите договорни држави. Сепак, не е дека постојат одлучувачки норми за начинот на заштита и регулирање на овие права, повторно им дозволува на државите што се дел од Унијата или се договорни држави детално да го регулираат ова прашање врз основа на сопствените законодавства. Во случај на несогласувања или конфликти меѓу земјите потписнички, постои можност тие да се разрешат пред Меѓународниот суд на правдата.

(Авторот е докторанд на Правниот факултет при Универзитетот на Југоисточна Европа)



Институт за човекови права